# МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

# „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“

**Свети Николе – Битола – Р. Македонија**

**Факултет за правни науки**

**Магистерски труд**

**Трговијата со луѓе – посебен осврт врз**

**трговија со малолетни лица**

**Изработил:** **Ментор:** **Силвана Дејаноска** **доц. д-р Марија Гроздановска**

**Досие број: М187029**

**Битола, 2020**

***Содржина***

**Вовед** ..... 5

Предмет и цел на истражувањето

Хипотеза

Општествена и научна оправданост на темата

Методологија на истражувањето

**I ГЛАВА**

**Поим и дефиниција**

1.Поим и дефиниции на трговија со луѓе - трговија со деца ..... 9

2.Феноменологија на трговијата со деца..... 12

3.Етиологија на трговијата со луѓе и деца ..... 15

4.Корелација на трговијата со деца со друг вид на криминал...

**I I ГЛАВА**.....

**Меѓународни аспекти на трговијата со луѓе (посебно со деца)** .

Меѓународниот карактер на трговијата со луѓе посебно трговијата со деца....

Меѓународни документи кои се однесуваат на сузбивањето на трговијата со луѓе

2.1 Меѓународни документи кои се однесуваат на сузбивањето на трговијата со деца .....

3. Протоколот од Палермо за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца.....

**I I I ГЛАВА**.....

**Компаративен осврт**.....

1.Трговијата со деца на Балканот .....

2.Сузбивање на трговијата со деца и воопшто трговијата со луѓе на Балканот ..

2.1.Србија .....

2.2.Црна Гора .....

2.3.Босна и Херцеговина .....

2.4.Албанија .....

2.5. Грција

2.6.Трговијата си луѓе-посебно со деца изразена преку некои фактички податоци

**I V ГЛАВА**.....

**Казненото законодавство на Република Македонија** .....

1. Развој на законското регулирање на трговијата со луѓе во Република Македонија

1.1 Сузбивањето на трговијата со луѓе и со деца гледано низ призмата на македонското кривично законодавство од осамостојувањето со измените и дополнувањата на Кривичниот законик до денес.....

2. Сузбивање на трговијата со луѓе во Република Македонија.....

2.1.Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција .....

2.2.Националната Стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2017-2020(2009-2012).....

2.3.Акциски план за борба против трговија со деца 2009-2012 .....

**V ГЛАВА**.....

**Видови на трговија со деца** .....

1.Видови и начини на вршење на трговијата со деца.....

2. Трговијата со деца изразена во бројки .....

3.Невладина ангажираност околу сузбивањето на овој криминалитет на нашите простори .....

4.Процесуирани случаи на трговија со деца на нашата територија

**V I ГЛАВА.....**

**Истражување**

1.Анализа на статистички податоци од Државен Завод за Статистика

2.Анализа на податоци од Основен кривичен суд Скопје

3.Анализа на податоци од спроведна анкета

**V II ГЛАВА**

**Превенција и сузбивање**

**Заклучок**.....

**Користена литература**.....

**ВОВЕД**

Големите цивилизациски достигнувања во спрега со технолошкиот развој во животот на човекот придонесоа за хуманизација на меѓучовечките односи. Имаме сè поголемата афирмација на заштитата на правата и слободите на човекот. Дојде до продлабочување на слободата на луѓето, надминување на "примитивните" табуа и патријархални сфаќања во секој поглед на единката. Целокупниот развој на општеството се чини во името на човекот. Севкупниот напредок именуван како "глобализација", не води во насока на ослободување на личноста, создавање на материјална благосостојба, повисок степен на безбедност и сигурност.

Сепак, општеството само по себе никогаш не познавало ниту пак некогаш ќе познава еднонасочен прогрес. Ваквите промени и движења носат позитивни резултати со нивното имплементирање во општеството, меѓутоа оставаат и негативни последици манифестирани преку социопатолошките појави, девијациите и криминалитетот. Либерализацијата на сфаќањата и односите, ослободувањето од табуата, од стегите на примитивизмот и традиционалноста исто така доведе до рапиден пораст на криминалот како социопатолошка појава, која нужно ја стимулира и појавата на криминалитетот - трговија со луѓе. Сепак, од круциелно значење е тоа што со етапниот, но брз, развој на општеството, доаѓа и до обременување на она што значи трговија со луѓе воопшто, но и трговија со деца и што претставува истата.

Општиот пристап кон организираниот криминал, кој пак е во најтесна врска со трговијата со деца, само ги отвори сложените научни и теоретски проблеми со кои се среќава современата криминологија како наука за криминалитетот кога е во прашање организираниот криминал.

Тезата дека организираниот криминал, неговата распространетост, неговите облици и структури што се јавуваат како негови носители се најдобри

показатели за состојбите во даденото општество. Нема период од развојот на човековото општество, во кое непостоел организиран криминалитет.

За тежината на проблемот со трговијата со деца кој е само еден дел од организираниот криминал може да се говори спрема опфатот и тежината на последиците, предизвиканите штети, како и фактот што овој криминалитет доведува до дестабилизација на општествените односи.

Трговијата со деца претставува дел од организираниот криминал, истата се смета за еден од најтешките, најсериозните облици на криминалитет.

**Предмет и цел на истражувањето**

Во овој труд ќе се обидиме проблемот на дефинирањето на трговијата со деца како дел од организираниот криминал со сите негови структури, форми и облици да го поставиме како општествен проблем.

Како последица на нејасното дефинирање на поимот се појавуваат и многубројни проблеми како што се теоретските недореченост и перцепцијата на трговијата со деца како дел од организираниот криминал, како криминалитет на неразвиените оштествени слоеви кој постепено но сигурно се развива и во високите општествени слоеви. Токму тука, во делот каде наведуваме дека секогаш постојат дилеми во дефинирањето на поимот трговија со деца, недореченостите и перцепцијата на оваа појава, мора да се напомене дека и во нашето законодавство долго време се користеше терминот ,,малолетни лица,, кој пак уште се користи во соседните земји, еден период во законските одредби постоеше алтернатива ,,малолетни лица или деца,, за на крај со последните измени на кривичниот законик од страна на законодавецот е прифатен и веќе дефиниран поимот ,,дете,,. Насловот на темата е даден како посебен осврт на трговија со малолетни лица токму со оглед на фактот дека во нашето законодавство и во судската пракса долго време се користеше токму овој термин. За сега после измените да се користи терминот ,,дете,,.

Претходно трговијата со луѓе воопшто се поврзувала најмногу со проституцијата, односно подведување, единствено, под – продавање на женското тело заради вршење на сексуални услуги. Меѓутоа поставување во корелација само со проституцијата е оскудно за поимното определување на овој криминалитет. Неминовен факт е дека жените овде се најчести жртви и тоа токму заради продавање на нивното тело.

Сепак поновите дефинирања на овој поим, ажурирани со развитокот на криминалитетот воопшто, упатуваат на цела палета на цели поради кои се врши трговијата со луѓе: тргување со луѓе заради искористување на нивната работна сила, заради слугување, заради вадење на човечки органи и нивни продавање и препродавање, трговија со деца заради сексуални услуги и сл. Трговијата со луѓе е модерно ропство, распространет криминал во светот кој ги загрозува основните човекови права.

Трговијата со деца и организираниот криминал со сите форми и компоненти, се два тесно поврзани поими, претставува енормно голем проблем во современиот свет. Тоа е чувствително прашање, овој проблем се претствува, се елаборира на голем број меѓународни стручни конвенции, политички настани, претставува голем предизвик за сигурноста, стабилноста како на национално така и на меѓународно и глобално ниво. Токму големината на овој проблем и предизвикот за негово сузбивање е тема на овој труд.

**Хипотеза**

**Хипотеза 1** Трговијата со луѓе е криминалитет стар колку и човековата цивилизација.

**Хипотеза 2** Трговијата со луѓе, посебно трговијата со деца е во постојан пораст, кривата на овој криминалитет за жал и покрај преземените активности од страна на меѓународната заедница на секој можен план како превенција, сузбивање, откривање и казнена политика, е постојано во нагорна линија.

**Хипотеза 3** Постигнат е голем напредок од страна на нашата држава во регулирањето на материјата трговија со луѓе-посебно во делот на трговијата со деца, и тоа како во превенција, сузбивање, казнена политика, идентификација и постапување со жртви.

**Општествена и научна оправданост на темата**

Балканот со својата местоположба е место на извор, транзит и крајна дестинација на жртви на трговија со деца.

Последните податоци на Обединетите нации покажуваат дека повеќе од три четвртини од децата и младите лица, кои се обидуваат да мигрираат во Европа преку Средоземното Море, се жртви на трговија со луѓе. Напорите кои се прават за превенција и сузбивање на овој проблем не само во нашата држава туку и пошироко на балканскиот полуостров како и во светот е доказ за големината на проблемот.

Трговијата со луѓе е вториот најголем извор на профит за организиран криминал по дрогата, предупредува Организацијата на Обединетите нации (ООН), по повод Светскиот ден на борба против трговијата со луѓе.

Со сите случувања во светот околу нас, посебно загрижувачка е појавата на нови димензии на трговијата со луѓе – трговија со деца, криумчарење мигранти, трговија со органи. Првото и второто поттикнато посебно со постојаното појавување во светот на нови воени жаришта. Од друга страна пак децата, покрај жените, во меѓународните документи, се почесто добиваат статус на "посебно заштитени лица" што, со оглед на насоката во која се развива овој криминалитет, е и повеќе од оправдано. Со малолетните лица неретко се тргува и за сексуална експлоатација, особено со помладите и постарите малолетни девојки. Но најголемата трговија со малолетни лица се врши заради искористување на т.н "детски труд", а во поново време сè почесто и заради тргување со органи. Ваквата појава е широко распространета низ светот. Познати ни се и мноштво случаи во кои искористувајќи ги глобалните елементарни неприлики се организираат цели

синџири за пренесување мигранти во кои се тргува и со малолетните лица. Воопшто, користењето на туѓата несреќа, а исто така и на туѓата сиромаштијата, гладот, ропскиот или сличен статус, со цел акумулација на капиталот, не е нова појава. Жртвите на злоупотреба и експлоатирање биле, и понатаму се, лица од различна возраст, од двата пола. За жал, денес тоа сè почесто се децата. Една од најопасните форми на злоупотреба и експлоатирање на децата е секако тргувањето со нив од разновидни побуди. Гледано од страна на практиката во поглед на сузбивањето на трговијата со деца, кај нас и во светот, темната бројка на овој криминалитет е огромна. Токму овде се појавува и интересот и научната оправданост, за обработка на оваа тема. Пропустот кој секојдневно се прави во поглед на сузбивањето на трговијата како со полнолетни лица така и со малолетните, не би можел да се препише на законската регулатива. Пропустите кои ги имаше нашиот Кривичен законик околу имплементацијата на оваа појава се надминати со измените кои ги претрпе истиот во изминативе години. Сепак, реално, постои бавност во применувањето на новините од реформите на КЗ, проследено со недоволна разработка на одредбите кои се однесуваат за овие кривични дела. Проблем постои и во поглед на превенирањето, во насетувањето на опасноста, која би била значаен индикатор за потребата од активирање на мноштво механизми.

**Методологија на истражувањето**

При изработката на овој труд во поглед на методологијата која ќе биде употребена, со оглед на тоа што се работи за криминалитет стар скоро исто колку и самото човештво, неизбежно е користењето на историскиот метод. Во извршување на ред анализи по однос на казнената регулатива и казнената постапка и каков одраз има сето тоа ќе биде употребен социолошкиот метод. Case–study методот ќе биде употребен за разгледување и анализирање на практични примери. Неминовна е да дојде до употребата на компаративниот метод, за споредување на домашната практика и регулатива, со онаа на соседите

како и при разгледување на усогласеноста на домашните акти со меѓународните. Аналитичкиот метод ќе биде употребен во текот на изработка на целиот труд. Дијалектичкиот метод ќе биде употребен при внесување на објективност во темата, при разгледување на можностите за превенција и сузбивање на овој криминалитет.

# I ГЛАВА

## Поим и деифиниција

### 1. Поим и дефиниции на трговија со луѓе - трговија со деца

Трговијата со луѓе, уште се нарекува - трговија со бело робје. Се работи за криминалитет со долга историја, кој се појавува во сите етапи од развојот на општеството. Меѓутоа со постојана модификација и адаптација кон условите во општеството.

Поимното дефинирање на појавата трговија со луѓе го следи трендот на сопственото збогатување.

Првично тоа што претставувал терминот "трговија со луѓе" во меѓународните договори и конвенции во раните години на претходниот век, денес развиен и се развива во посебен меѓународно правен режим. За да ја дефинираме оваа појава, неминовно е за појдовна точка да бидат земени меѓународните акти. Од друга страна пак, токму меѓународните акти постојано ја дополнуваат содржината на овој поим, согласно новите сознанија за неа, и на тој начин ги одредуваат основните нејзини елементи. Од нив се гледа дека при дефинирањето,

секогаш се тргнува од поимот ропство. Самиот поим,, ропство,, по својата содржина е широк и во себе ја инкорпорира и трговијата со луѓе.

"Трговијата со луѓе првенствено претставува сериозно кршење на основните човечки права и слободи, особено правото да не се биде во ропски однос или ропска потчинетост, право на слобода и безбедност на личноста, забрана на суровиот и нехуман третман и слобода на движење."[1]

Со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца – Anti trafficking Protocol – од 2000-та година, за првпат се дошло до заедничка дефиниција за овој криминалитет. Согласно цитираниот протокол, трговијата со луѓе е разгледувана како современа форма на ропство во која се вклучени многу активности, поаѓајки од регрутирање, транспорт, трасфер, засолнување и прием на лица. А притоа, користејќи се поголем број на средства на принуда како што се измама, закана, залажување, употреба на сила, киднапирање, употреба на моќ или обратно состојба на немоќ, се тоа заради проституција, вадење на органи, сексуална експлоатација, слугување, принудна работа, ропство.[2]

Под трговија со луѓе подразбираме една од формите на транснационален организиран криминал кој се состои од: противправно остварување на економска или друг вид корист од продажба на мигранти, која се остварува по пат на закана, врбување, транспорт, криење, преселување од едно во друго место и сл., од страна на посредниците, како и разни видови на нивната експлоатација од страна на оние кои ги држат во одредена зависност и потчинетост.[3]

---

[1] Данаилов, В. Трговија со луѓе – криминален бизнис со робовладетелски лик, Меѓународна организација за миграции мисија во Скопје, Скопје, 2001.

[2] Согласно чл. 3 од Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца, усвоен со Резолуцијата А/РЕС/55/25 од 15.11.2000 година, на 55-тата седница на Генералното собрание на ОН. Република Македонија го потпиша овој Протокол, со кој се дополнува Конвенцијата против меѓународниот организиран криминал, на 14 декември 2000 година.

[3] Сулејманов, З. Криминологија, Скопје: Графос, Скопје, 2007.

Трговијата со луѓе е криминал во кој организаторите се стекнуваат со енормно високи профити, особено ако се земе предвид фактот што на овој криминалитет надоврзуваат низа други криминални активности, трговија со дрога, перење пари и сл.

Токму поврзаноста на овој криминалитет со други видови на криминални дејствија ја наметнува потребата да се откријат повеќе сегменти, го отежнува како откивањето така и превенирањето од овој вид криминал.

Трговијата со деца може уште да ја наречеме и ,, индустрија во развој,,. Во експлоатацијата, децата се вклучуваат заради секс туризам, порнографија, ширење на порнографски слики преку интернет . Екплоатацијата на деца во рамките на проституцијата како и на детска порнографија е најраспространет вид на насилство врз децата. Бројот на вклучени деца за жал секоја година се зголемува. Се смета дека се вклучуваат над милион деца кои дали со измама или со киднапирање се принудуваат, се продаваат и се вклучуваат во овие активности. Продавањето на децата, правејќи истражување на оваа појава наназад покажува дека е особено изразена појава во сиромашните земји, во семејствата со повеќе деца. Најчесто родителите се тие кои се согласуваат на самиот чин на продавање, дел свесно, од причини за добивање на финансиски средства во семејства каде има повеќе деца, или во семејства кои живеат на работ на егзистенцијата. Но, неретко се случува родителите на децата да бидат измамени од страна на криминалците дека можат да му обезбедат убав живот на детето во некоја подалечна земја. За жал, таквите деца се присилени да се омажат (купени невести). Неретко се случува, умираат поради вадење на некој витален орган од телото, наменет за продажба .

Поимното определување трговијата со деца е само дел на она што претставува борбата против овој криминалитет, заштитата и превенција.

Трговијата со деца но и останатите облици на трговијата со луѓе (криумчарење на мигранти, трговија заради продажба на органи) во голема мера е олеснета во ова ново време.

Ова посебно ако се земат во предвид следните фактори: отворени граници, се понапредна и подостапна технологија за комуникација, се отворија азиските пазари, распад на Советскиот Сојуз, тука не така мала улога има и распадот на поранешна Југославија. Сите овие фактори придонесоа да дојде до глобализација на овој криминалитет.

Токму тука, во определувањето на поимот на трговијата со деца треба да наведеме дека во нашето законодавство, со сите заложби во последните години, со усогласувањето на истото со меѓународните документи е даден широк поим на трговијата со деца. Поимот на трговијата подразбира подведување дете на вршење полови дејствија или овозможување вршење полови дејствија со дете, понатаму врбување, превезување, пренесување, купување, продавање или нудење за продавање, прибавување, обезбедување, засолнување или прифаќање дете заради експлоатација по пат на негово користење во сексуални активности за паричен или друг надоместок или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, питачење или експлоатација заради со закон забранета активност, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или изнудување согласност како посредник да се посвои дете, недопуштено пресадување на делови од човеково тело.

## 2. Феноменологија на трговијата со деца

Историски гледано тргувањето со лица придонело да, покрај застапеноста на трговијата со луѓето како криминалитет низ целокупниот развој на општеството, оваа појава се модификува во зависност, од општествените и економски односи кои владееле. Најчест облик во денешно време на овој криминал е – трговијата на жени заради присилна проституција. Уште наречена и трговија со бело робје. "Во современото општество, како резултат на сексуалната искомерцијализираност во сите аспекти на животот, овој облик на трговија со луѓе

претставува искористување на жената преку проституција, присилна проституција и други слични форми на криминал."[4]

Во овој труд, посебен акцент ќе биде ставен на трговијата со деца, со сите свои појавни облици: трговијата со бебиња, трговија со деца заради илегално посвојување, трговијата со деца заради сексуална злоупореба, заради органи и трговија со деца заради трудова експлоатација.

Гледајки наназад и анализирајќи ги профилите на сторителите на овие кривични дела, произлегува дека, главно, сторителите се издиференцирале во два типа сторители: оние кои ги наоѓаат, врбуваат и ги превезуваат жртвите до други корисници, и втората група сопственции на "агенции", бордели, кафани, угостителски објекти.... т.е.лица кои ги купуваат жртвите за свои потреби[5]. Меѓутоа, пак треба да се напомене дека тоа е генерална поделба на два типа на сторители, а при вршењето на кривичните дејствија се јавуваат различни профили на сторители. Сторителите, скоро секогаш, се членови на организирани криминални групи, од што и произлегува систематизацијата на трговијата со луѓе во рамките на организираниот криминал. Се работи за "структурална група од три или повеќе лица која постои одреден временски период и дејствува во согласност со цел за извршување на едно или повеќе сериозни кривични дела или прекршувања, со цел директно или индиректно да се стекнат со финансиска или друга материјална корист".

На глобално ниво, нашата држава најчесто е транзитна земја, но исто така истата може и да се јави на листата како и за земја од која потекнуваат жртвите на трговијата со луѓе. Во извештаите на Стејт Департментот, земјите се оценуваат според Тиер класификацијата за нивните напори во справувањето со трговијата со луѓе. Во извештајот на Стејт Департментот, од 2009 та година, Македонија е ставена во Тиер 1 групата, што значи дека земјата се усогласува со минималните

[4] Биљаљи, А. Меѓународните и националните аспекти на трговијата соѓени и нејзината поврзаност со проблемот на проституцијата, Трговија со луѓе –Правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007.

пропишани стандарди за искоренувањето на трговијата со луѓе. Во останатите групи (Тиер 2, Тиер 2 листата на набљудување и Тиер 3) се наоѓаат земјите кои во целост не ги исполнуваат минималните стандарди но работат во таа насока, или пак земји кои воопшто не ги исполнуваат стандардите. [6]

Како последици на овој криминалитет се јавуваат дестабилизација на општеството, пораст на економскиот криминалитет, економска и демографска дестабилизација и слично. Меѓутоа, најголемите последици ги чувствува самата жртва и нејзините најблиски: повреда на достоинството, честа, угледот, срам, неспособност за ресоцијализација, истрауматизираност и други здравствени проблеми кои можат да резултираат и со смрт на жртвата.

Поради тоа, неопходно е перманентно следење на сите појавни облици, старите и новите карактеристики на појавата, за да може да дојде до нејзино препознавање и разоткривање.

## 3. Етиологија на трговијата со луѓе и деца

Под трговија со луѓе во етимолошки поглед се подразбира размена помеѓу купувач и продавач во која продавачот на купувачот со надомест го предава човекот или овозможува користење на одредени негови услуги. Во нашата теорија и практика не постои единствен став околу самиот термин со кој се означува оваа појава. Имено, доколку се занемари ненаучната терминологија за обележување на овој феномен, подеднакво се користат синтагмите трговија со луѓе и трговија со човечки суштества. Правилно е да се користат двете синтагми, но поправилно е да се каже трговија со човечки суштества, затоа што терминот „трговија со човечки суштества“ е општоприфатен термин во светската научна и стручна јавност. Терминот „Trafficking in human beings" стандардно се употребува речиси во сите меѓународни документи кои се однесуваат на оваа проблематика.Меѓутоа, во

[6] Human Rights Report: Macedonia, U.S Department of State, 2009.

секојдневната комуникација е поприкладно и вообичаено да се користи терминот трговија со луѓе

Појавата на трговијата со луѓе има корени уште во стариот и средниот век, кога доаѓало до поробување на жените во војните. За таа појава , покасно во делот на корелација на трговијата со малолетни лица со останатите форми на криминал.

Претходно беше наведено дека големо влијание врз појавата на криминалитетот –трговија со луѓе има брзиот економски, технолошки развој.

Меѓутоа да не заборавиме да споменеме дека и глобализацијата и интернационализацијата се едни од клучните двигатели посебно ако се земи предвид отварањето на границите. Самата либерализација на премините само ја отежнува примарната контрола, а на тој начин се отежнува и полето на сузбивањето. Некои од производите на глобализацијата, како што е тоа случај со превезување, неограничени начини на комуникација, интернет и добро развиените маркентиншки и рекламни мрежи, исто така директно ја разгоруваат трговијата со луѓе.

И покрај се погоре наведено кое ја поттикнува појавата и развојот на трговијата со луѓе, круциелните фактори кои ја потикнуваат трговијата се економските. Големиот процент на сиромаштија и невработеност се основните економски проблеми кои дирекно ја погодуваат популацијата на една држава. Ниските примања, се поголемата поделба на населението на богати и сиромашни , потоа тука спаѓа и “легалната” експлоатација на трудот ги наведува луѓето да мигрираат, барајки подобро платена работа, подобар стандард, а често незнаејки на тој начин само стануваат лесен плен на трговците со луѓе. Тука посебно треба да се спомнат младите девојки и жени на кои им се ветуваат добри примања за работа во некои гостилници, кафулиња во странство. Меѓутоа сликата крајно е многу поинаква, бидејки на истите им се одземаат патните исправи, за подоцна да бидат продавани и препродаванани за искористување на сексуални услуги. Исто така во целата слика треба да се спомене и тоа дека коренити фактори се јавуваат и дискриминацијата и половите злоупотреби кои можат да се јават првенствено во домаќинството и во семејствата.

Во ендогените фактори, битно е да се изврши разграничување на фактори кои се јавуваат на страна на сторителите и на страната на жртвите т.е. членовите на специфични ранливи групи лица, бидејќи тие често, лекомислено, самите свесно стануваат жртви.

Сторителите започнуваат со тргување со лица најчесто поведени од желба за пари, моќ, но и многу често има и такви кои ги води желбата да се контролира некој друг што е во негова подредена положба, да се управува со нечиј туѓ живот. Кога зборуваме пак за тргувањето со малолетни лица, истото се врши најчесто за експлатација на детскиот труд. Сторителите најчесто ги наведуваат децата да питачат за нив, дури во некои случаи и ги осакатуваат, сето тоа со цел да предизвикаат сожалување кај случајните минувачи.

Жртвите, пак, се измамувани со лажни ветувања, придобивани се од страна на врбувачите со вредни подароци и слично. И повторно се враќаме на погоренаведеното, односно практиката покажува дека тоа најчесто успева кај лица со пониско образование, лица кои се сиромашни. Се испоставува дека тие се полесно заводливи, немарни се, неуки и токму на тој начин стануваат полесен плен. Кога станува збор за трговијата со луѓе на просторот на Балканот, фактори кои придонесуваат да Балканот биде "појдовен случај на трговија со луѓе"може да ги вброиме : преминот од транзиција до слободна пазарна економија, отворањето на границите, постоењето на развиен "црн пазар" и секако, војните во поранешна Југославија. [7]

Важна улога во развојот на овој вид криминал е влијанието на средината и семејството од каде потекнува жртвата но и образованието.

Семејството и неговата организација од неговите најпримитивни облици постојано се менувало. Развојот на семејството не секаде се одвивал по строго утврдени шеми, но сепак може да се утврди извесна правилност на основните поставки во развојот на семејството.

---

7 Милошевска, Т. Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе во Југоисточна Европа, Институт за одбранбени и мировни студии, Филозофски факултет.

Кај нас поимот за семејство е даден во Законот за семејство, според кој семејството е животна заедница на родители и деца и други роднини ако живеат во заедничко домакинство.

Факт е дека причините поради кои доаѓа до тргување со лица се разновидни. Да не заборавиме да споменеме дека голем број на случаи жртви на трговија со деца се токму деца од дисфункционални семејства, деца кои на некој начин ,,биле заборавени,, по патот на меѓусебните проблеми на родителите, по патот на обезбедување на егзистенција (посебно во поранешните социјалистички држави, кои после пропаѓањето имаа огромен процент на невработеност, сиромаштија) па останале без доволно, а некогаш и без целосно внимание. Голем дел од тие деца, најчесто завршувале ,, училиште на улицата,, а не така мал број барајки посветла иднина, внимание паѓале во мрежата на трговците со деца. Затоа како еден од поважните фактори кој се вбројува во причините за трговија со луѓе е токму економската состојба , се бара начин да се избега од сирмаштијата, се бара подобар живот.

Еден од поважните фактори е и средината во која расте и се развива едно дете . Ова посебно што деценииа наназад имаме случаи на трговија со деца токму од одредени средини, како ромската за кои е во ред да го дадат на посвојување своето дете на некој друг не така ретко во странство, а во ствари тоа давање на посвојување за подобар живот најчесто е проследено со плаќање на одредена цена и не е легално. Или, да не ги заборавиме обичаите во подалечната Индија каде е нормално невестата да се продава, а најчесто таа невеста е на возраст од некои 10-12 години. Исто и муслиманските бракови каде девојчината уште од мали се ветени или на 12-13 години се омажени и тоа е обичај, нешто секојдневно за една таква средина. Според традиционалното исламско право, девојчињата се подготвени за брак по навршената 9 година, а момчињата кога ќе наполнат 12. Брачниот договор се склучувал со т.н.купување на невестата склучено меѓу младоженецот и таткото, односно најблискиот машки роднина на невестата, при што нејзината согласност воопшто не била битна. А тоа не е ништо друго туку трговија со деца. Имајки го предвид погоренаведеното, може слободно да кажеме дека појавата и развојот на овој криминал е во тесна врска со образованието.

Бидејки ако добро се направи анализа непобитен факт е дека во средините каде образованието е на многу ниско ниво има плодно поле да се развива трговијата со деца и воопшто трговијата со луѓе. Секој ден приближно 25 000 малолетно девојчина се принудени на брак. Едно од секои седум девојчиња во земјите во развој се омажени пред да наполнат 15 години. Повеќе од 60 милиони девојчиња се омажени пред да наполнат 18 години. Во земјите како Нигерија, Чад, Мали, Бангладеш, Гвинеа, Централна Африканска Република стапката на рани и на принудни бракови е повеќе од 60 проценти. Децата невести се особено чести во Јужна Азија околу 46 проценти од девојчињата додека пак во Субсахарска Африка околу 38 проценти. Меѓутоа, и во западниот свет има девојки кои се принудувани на брак. Родителите кои ги принудуваат своите женски деца на брак без нивна согласност се најчесто принудени поради сиромаштија, родова нееднаквост, негативни традиционални или религиозни практики , долгови, тука да го споменеме и неспроведувањето на законите,конфликти во државите и сл.

## 4. Корелација на трговијата со деца со друг вид на криминал

Трговијата со деца е криминал кој е во тесна врска со многу други видови на криминал кој опфаќа трговија со луѓе, со органи, перење на пари, дрога, криумчарење и сл.

Уште во стариот и средниот век доаѓало до поробување на жените во војните. ,,Пленот,, се ставал "на услуга на војниците, меѓутоа, многу често истите биле терани во ропство заради продавање на јавните куќи ".[8]

Постои тесна врска на трговијата со луѓе со проституцијата која пак не упатува и на една друга форма на трговија со луѓе или уште наречена ,,световна проституција,. Оваа појава започнала во третиот век од нашата ера, била развиена од страна на црквата со изговор дека се врши во чест на боговите, изразувајќи ја на тој начин огромната преданост кон нив. Овој вид на проституција носел

[8] Арнаудовски, Љ. Стојановски, Т. Трговија со луѓе-криминалитет, Скенпоинт –Скопје, 2002 година.

огромни приходи и може да кажеме дека претставува предвесник на трговијата со луѓе. Овој вид на проституција го надминува раниот период од робовладетелското општество, за понатаму да продолжи во развој на општеството.[9]

Најчест облик во денешно време на овој криминал е – трговијата на жени заради присилна проституција. Уште наречена и трговија со бело робје. "Во современото општество, како резултат на сексуалната искомерцијализираност во сите аспекти на животот, овој облик на трговија со луѓе претставува искористување на жената преку проституција, присилна проституција и други слични форми на криминал."[10]

Треба да се напомене дека по однос на трговијата со луѓе авторите се поделени. Имено, еден дел од авторите се на мислење дека трговијата со луѓе е поврзана со илегалната миграција и криумчарењето мигранти, додека друг дел ја поврзува со проституцијата и посредувањето при нејзиното вршење. Меѓутоа, земајки ги предвид фактите со кои располагаме произлегува дека трговијата со луѓе е многу повеќе од тоа, а проблематиката тргување со деца, како еден вид на облик, е многу почувствителна.

Во овој дел треба да се напомене и фактот дека многу автори укажуваат на тесната врска помеѓу проституцијата и трговијата со луѓе. Односно гледајки како една комплексна слика, проституцијата, на некој начин, ја стимулира трговијата со луѓе. Имајки ги предвид овие факти се поставува прашањето дали истата воопшто треба да се легализира. Проституцијата како појава најчесто произлегува од сиромаштијата, меѓу невработените млади жени.

Доколку дојде до легализација на оваа појава, тоа може да доведе само да се решат проблеми од санитарен и хигиенски карактер. Меѓутоа легализацијата нема воопшто да придонесе да се сузбие присилната проституција, напротив

---

[9] Арнаудовски, Љ. Предавања по социјална патологија, Скопје, 1983 стр.306,307 .

[10] Биљаљи, А. Меѓународните и националните аспекти на трговијата соѓени и нејзината поврзаност со проблемот на проституцијата, Трговија со луѓе –Правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007, стр.6.

најголем број жени од некои земји со измама за добра работа и подобар живот ја напуштаат сопствената земја и завршуваат како жртви на сексуалната индустрија во странство.

Зборувајки општо за трговијата со луѓе, треба да се спомене и еден од најзастапените облици на денешницата трговијата со органи. Овој вид на криминал, развојот на трговијата со органи се должи пред се на тоа да во изминативе 50 години, стручноста на хирурзите во областа на пресадување на органи расте заедно со брзиот развој на медицината и технологијата. Пресадувањето на органи овозможува продолжување на животот на луѓето со години. А токму успехот на ова поле доведува до зголемена побарувачка на човечки органи. Ова посебно ако се има предвид фактот дека побарувачката ја надминува понудата на истите. Тука се активира нелегалната трговија со органи практикувана од криминални мрежи. Тие, откривајќи ја таа непорционалноста која постои меѓу понудата и побарувачката, употребуваат разни алати-начини да дојдат до човечки органи. Вршат постојан притисок врз сиромашните луѓе да ги продадат своите органи за пари ( како на пример продавање на еден бубрег, бидејќи може да се преживее само со еден ).

## II ГЛАВА

## Меѓународни аспекти на трговијата со луѓе (посебно трговија со деца)

### 1. Меѓународниот карактер на трговијата со луѓе посебно трговијата со деца

Имајки го во предвид се што е наведено досега, се изведува заклучокот дека проблемот -трговија со луѓе е со интернационални размери. Борбата против овој криминал не може да се стави во рамки на границите на една држава.

Токму проблемот дека овој вид на криминал е со интернационални размери бара да се донесе програма, стратегија како прво во превенцијата, но и во донесување на законските рамки за трговија со луѓе. И токму големината на размерите на трговијата со луѓе го иницира интересот на меѓународната заедница да пристапи сериозно во превенцијата и сузбивање на овој криминал. Дејствијата на извршување да се инкриминираат, да се воведат строги казнени политики.

Тргнувајки од идејата да се воедначи правната рамка, но и судската пракса за овој вид на криминал, изготвени се голем број на документи кои прават унифицирана правна рамка, се со цел за поефикасна и поорганизиарана борба. Меѓународната заедница располага со голем број на институции, преку ја презеде

улогата, а со тоа и обврската да се постигне воедначена легислатива. Тука спаѓаат – Организацијата на Обединетите Нации (ООН), Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), Советот на Европа (СЕ), Меѓународниот центар за развој на миграциона политика (ИЦМПД) Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ), Меѓународната организација за миграција (ИОМ). Од редот на политичко- безбедносни институции се: Североатланската Алијанса (НАТО), Меѓународниот програм за криминални истраги (ИЦИТАП), ОБСЕ, Европската Унија (ЕУ), Пактот за стабилност, Регионалниот центар за борба против прекуграничниот криминал на Иницијативата за соработка во Југоисточна Европа (СЕЦИ)."[11]

Од друга страна пак, преку организирање на регионални центри се имплементираат стратегиите и програмите за сузбивање на трговијата со луѓе, исто така мора се наведе и улогата на невладините организации во борбата против овој криминал .[12]

## 2. Меѓународни документи кои се однесуваат на сузбивањето на трговијата со луѓе

Првично документи кои се однесуваат за превенција, борба со овој вид на криминал биле донесени како документи кои ја обликуваат трговијата со луѓе исклучиво како трговија со жени.

Во 1904 година е донесен еден од првите документи од страна на земјите кои подоцна се наречени Лигата на Народите. Се работи за *Меѓународен договор за сузбивање на трговијата со бело робје*, кој ( согласно член 1 од договорот) се

[11] Стојановски, Т. Трговија со луѓе, Македонска ревија за казнено право и криминологија- седмо редовно советување на тема:10 години од примена на Кривичниот законик на Република Македонија, Охрид, 2006 година.

[12] Данаилов, В.Трговија со луѓе-криминален бизнис со робовладетелски лик, Меѓународна организација за миграции мисија во Скопје, Скопје, 2001.

однесува за жени и девојки кои се пренесуваат во странство од неморални причини [13][14].

Во мај 1910 година, е донесена *Меѓународна конвенција за сузбивање на трговијата со бело робје*[15].

Како што е наведено во самата Конвенција, истата е донесена со цел да се превземат што е можно поефикасни чекори за сузбивање на трговијата позната како "White Slave Traffic".[16]

Овие два меѓународни акта потоа потпаѓаат под т.н Treaty Series, односно група на договори во рамките на Лигата на Народите, кои се однесуваат за оваа материја[17].

Во 1921 година од страна на Лигата на Народите е донесена *Конвенцијата за сузбивање на трговијата со жени и деца*[18].

---

[13] International Agreement for the Suppression of the White Slave Traffic, League of Nations Treaty Series, vol. I, No. 11, p. 83,Paris, 1904, достапен на http://www1.umn.edu/humanrts/instree/whiteslavetraffic1904.html.

[14] Од причини што се прави разлика на жени и девојки, можеме да заклучиме дека овој договор е еден вид зачеток на она што подоцна претставува разликување на трговија со малолетни и трговија со полнолетни лица.

[15] International Convention for the Suppression of the "White Slave Traffic", League of Nations Treaty Series, vol. VIII, p. 278,Paris, 1910, достапна на http://www1.umn.edu/humanrts/instree/whiteslavetraffic1910.html.

[16] Во оваа Конвенција веќе и се прави погоре споменатото разграничување на полнолетни и малолетни жртви Во Конвенцијата јасно се нагласува дека секој оној кој со цел да ги задоволи побудите на друг, од неморални причини, ќе набави, заведе или одведе жена или малолетна девојка, дури и со нејзина согласност, ќе биде казнет, и покрај тоа што различни дејствија кои го чинат злосторството биле превземени на територииите на различни држави, што јасно укажува на интернационалниот карактер на трговијата со луѓе ( според Конвенцијата, со жени и малолетни девојки);

[17] Од страна на Обединетите Нации во 1949 година донесен е и Протокол за изменување и дополнување на претходно наведените акти.

[18] International Convention for the Suppression of the Traffic in Women and Children, League of Nations,1921, достапна на http://www.vilp.de/Enpdf/e158.pdf, истата е еден вид дополнување и измена на сè што е сторено на ова поле дотогаш, и се однесува и на земјите кои не зеле учество во претходно склучениот Договор и донесена Конвенција. Клучна измена која е воведена со оваа Конвенција е тоа што е проширен објектот на заштита. Веќе не се однесува само на жени и малолетни девојки, туку ги штити сите деца (независно од полот). Се врши и измена на Финалниот Протокол од Конвенцијата од 1910 година, со тоа што, таму, под точка Б, како границата за разграничување на малолетни и полнолетни девојки беше наведена возраста од дваесет години. Тука, во Конвенцијата од 1921 е поместена на возраст до дваесет и една година.

Тука веќе, во овој акт се истакна потребата од заштита на сите малолетни лица, и нивно подведување под посебен третман, различен од оној кај полнолетните жртви, како и потребата од посебно третирање на лицата кои се јавуваат како трговци со малолетни лица.

Во 1933 година од страна на Лигата на Народите донесена е *Конвенцијата за сузбивање на трговијата со возрасни жени*[19].

Во 1947 година се донесе Протокол за дополнување на Конвенцијата за сузбивање на трговијата со жени и деца од 1921 година, и на Конвенцијата за сузбивање на трговијата со возрасни жени од 1933 година. Со овој документ сите функции и овластувања од оваа област се префрлаат на Обединетите Нации.

Во 1949 година е донесена *Конвенцијата за забрана на трговија со луѓе и искористување на други за проституција* од страна на Обединетите Нации. [20] Со овој меѓународен акт доаѓа до обединување на претходно донесените документи од Лигата на народите.[21]

Други позначајни документите кои се донесени со цел за спречување на тргувањето и поробувањето на лица се: Конвенцијата против ропство, донесена 1926, која спаѓа во групата на договори донесени од оваа област на Обединетите Нации.[22] Дополнителната конвеција за укинување на ропство, трговија со робови, како и институции и пракси слични на ропство од 1956 година.[23] Конвенција за укинување на присилна работа од 1957 година.[24] Меѓународен пакт за граѓански и

[19] International Convention for the Suppression of the Traffic in Women of Full Age, League of Nations,1933, достапна на http://www1.umn.edu/humanrts/instree/women-traffic.html.
[20] Convention for the Suppression of the Traffic in Persons and of the Exploitation of the Prostitution of Others, United Nations, 1949, достапна на http://daccess-dds-ny.un.org/doc/RESOLUTION/GEN/NR0/051/36/IMG/NR005136.pdf?OpenElement.
[21] Оваа Конвенција повикува на укинување на борделите и проституцијата, но не ја забранува проституцијата, само го инкриминира користењето на услуги од муштериите.
[22] Slavery Convention, United Nations, Treaty Series, vol. 212, No. 2861,1926, достапна на http://www2.ohchr.org/english/law/slavery.htm.
[23] Supplementary Convention on the Abolition of Slavery, the Slave Trade, and Institutions and Practices Similar to Slavery, United Nations, Treaty Series, vol. 266, No. 3822,1956, достапна на http://www2.ohchr.org/english/law/slavetrade.htm.
[24] Convention concerning the Abolition of Forced Labour International Labour Organization Convention, United Nations, Treaty Series, vol. 320, No. 4648, 1957, достапна на http://www1.umn.edu/humanrts/instree/n0ilo29.htm.

политички права од 1966 година.[25] Позначајната Конвенција за борба против транснационалниот организиран криминал од 2000-та година на Обединетите Нации.[26] Создавањето на нова меѓународно правна рамка во спречувањето на трговијата со луѓе започнува токму со донесувањето на оваа конвенција, како и со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца. "Протоколот, всушност, е израз за потенцирање на опасноста на трговијата со луѓе, но и како исклучително опасна форма на организиран криминал кој бележи нагорна линија."[27]

Понатаму , тука може да ја вброиме и Конвенцијата за акција против трговија со луѓе на Советот на Европа. Оваа Конвенција влезе во сила на 01.02.2008 година. Ова со цел да ја спречи трговијата со луѓе , да ги заштити жртвите и да ги гони трговците. Оваа конвенција ги опфаќа сите форми на трговија со луѓе( без оглед на карактерот на трговија национален или меѓународен, поврзаност или не со организиран криминал), се однесува на сите жртви на трговија. Главна дополнителна вредност на Конвенцијата е нејзиниот фокус врз човековите права  и заштита на жртвата. Конвенцијата има свој механизам за мониторинг преку кој се селеди и оценува колку добро се применуваат нејзините одредби во практика. Грета е група на експерти за акција против трговија со луѓе. Ја оценува примената на Конвенцијата од страна на земјите кои ја ратификувале.

## 2.1 Меѓународни документи кои се однесуваат на сузбивањето на трговијата со деца

[25] Согласно овој пакт секоја договорна држава се обврзува да ги почитува правата признаени во овој Пакт и да ги обезбеди истите за сите лица што се наоѓаат на нејзината територија и подлежат на владеачката сила на таа држава, без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, религија, политички и други ставови, национално и социјално потекло, имот, раѓање или друг статус. Член со кој се третира трговијата со луѓе е  членот 8 од Пактот,според кој, никој не смее да биде држен во ропство или потчинетост, никој не смее да биде принуден да изведува принудна или задолжителна работа, достапен на
http://www.esem.org.mk/Root/mak/_docs/Izvestai/Megjunaroden%20pakt%20za%20gragjanskite%20i%20politickite%20prava%20na%20covekot%20i%20gragjaninot.pdf.

[26] Convention against Transnational Organized Crime, United Nations,2000, усвоена од Генералното собрание на Обединетите Нации со резолуција 55/25 на 15 Ноември 2000 та година.

[27] Стојановски, Т.Трговија со луѓе, Македонска ревија за казнено право и криминологија.

Советот на Европа -најстарата европска политичка организација, ја има задачата пред се да ги штити основните човекови права, да обезбеди остварување на принципите како што се владеење на правото, демократичност и слобода. Треба да се напомене дека клучна е улогата која оваа организација ја има и во доменот на заштита на децата од тргување со нив како и во напорите за сузбивање на овој вид криминал.

На 6-ти октомври 1987 година, кога се одржа 15-тото заседание на Парламентарното собрание, усвоена е Препорака за трговија со деца и други форми на злоупотреба на деца.[28] Советот на Европа ја донесе оваа Препорака поаѓајки од фактот дека општеството е должно да ги следи интересите на децата и истите да ги штити, но и поради постоењето на се поголемата меѓународна трговија со нив заради проституција, порнографија, ропство и илегално посвојување.[29] Во Препораката е наведено, дека Советот, како нужно, смета дека земјите членки треба да ги потпишат и ратификуваат Конвенцијата за забрана на трговија со луѓе и искористување на други за проституција, Европската конвенција за посвојување на деца, Хашката конвенција за јурисдикција, применливо законодавство и признавање на правилници кои се однесуваат на посвојувања, Конвенцијата бр. 138 на Меѓународната организација на трудот за минимална возраст за вработување и Европската социјална повелба со посебен осврт на член 7 во врска со правото на заштита на деца и адолесценти.

Исто така, повикани се земјите и да ги подржат предлог – декларациите на Генералното Собрание на Обединетите Нации за социјалните и правните принципи кои се однесуваат на заштитата и благосостојбата на децата, со препораките, односно повикување за посвојување на деца на национално и меѓународно ниво. Понатаму, препорачано е да се подобрат заштитните мерки и практиката во поглед на меѓународното посвојување на деца во насока да

[28] Recommendation 1065 on the traffic in children and otherforms of child exploitation, Council of Europe, 1987, со која се упатува на Препораката бр. 1044 за меѓународен криминал,со која с еповикуваат Владите на земјите членки да соработуваат во проучување на борбата против трговија со деца.

[29] Согласно точка 1 и 2 од Препораката.

посвојувањето не резултира со непристојни финансиски добивки за оние кои се вклучени во него, да меѓународното посвојување се спроведува од страна на компетентни агенции и надлежни органи, за таква цел да се применат заштитни мерки и стандарди еднакви на оние кои постојат на национално ниво, да се преземе меѓународно усогласено движење за малолетници без придружба. Се поттикна и идејата за спроведување на кампања за информирање на јавноста за проблемот трговија со деца, искористување на детски труд, да се информираат наставниците и младите за правата на детето и да се вклучи изучување на човековите права во наставната програма на сите нивоа. Со оваа препорака се укажува на потребата да се усогласат законодавствата на земјите членки во борбата против детската порнографија, но и потребата од донесување на строги закони за сузбивање на истата. Се поттикнува и политиката за откривање на потребите на децата на улица и напуштените деца, да се осуди секоја политика за комерцијален и индустриски натпревар заснована на искористување на детскиот труд и да се осигура да сите активност преземени на национално и интернационално ниво бидат од позитивно значење за сите деца ширум светот. Како и подобрување на јавните служби кои работат за децата и нивната заштита.

Оваа препорака претставува само еден дел од активностите кои се преземени на план на заштита на децата.

Во оваа насока е и Препораката од Комитетот на министри до земјите членки која се однесува за сексуална експлоатација, порнографија и проституција и трговија со деца и млади. [30] Усвоена на 9-ти Септември 1991 година. Донесувањето на оваа препорака е резултат на сознанието дека доброто на децата и младите е од фундаментално значење за општеството, дека сексуалното искористување на нив за профит, појавено во форма на порнографија, проституција и трговија, веќе достигнува алармантна димензија на национално и меѓународно ниво, па од тие причини постои реална потреба земјите кои се членки на Советот на Европа да ги усогласат своите законодавства од оваа

[30] Recommendation No. R (91) 11 concerning sexual exploitation, pornography and prostitution of, and trafficking in, children and young, European Council, 1991, достапна на http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/victims/recR_91_11e.pdf.

материја со цел акциите кои се преземаат на национално и интернационално ниво да бидат по координирани и ефективни, имајќи ја историјата, во предвид претходно наведената Препорака на Парламентарното собрание. Препораката опфаќа четири групи на мерки кои Комитетот смета дека треба да бидат имплементирани во националните законодавства на земјите-членки: генерални мерки, мерки поврзани со детска порнографија, мерки поврзани со проституција со деца и млади и мерки поврзани со трговија со деца и млади.

Последната група на мерки, која е поврзана со трговија со деца и млади, опфаќа препорака за вршење на надзор над активностите на уметнички агенции, агенциите за брак и посвојување, се со цел да се контролира движењето на децата и младите во рамките на земјите но и помеѓу нив, за да се сузбие можноста тие да бидат наведени на проституција но и други форми на сексуална експлоатација. Исто така се препорачува и да се зголеми надзорот од страна на граничната полиција, потоа на органите за имиграција, со цел да се осигураат дека патувањата на деца во странство, особено на децата без придружба на нивните родители или старатели, не е поврзано со трговија со луѓе. И крајно, во оваа насока се препорачува и да се воспостават установи (или да им се даде подршка на веќе постоечките) за заштита и помош на жртвите од трговија со деца и млади.

Понатаму, со Препораката се порачува земјите-членки подобро да соработуваат, да разменуваат информации и податоци преку Интерпол со цел полесно да ги идентификуваат и прогонат лицата вмешани во трговијата со деца и млади, а особено организаторите на ваквата трговија.

За заштита од тргување со деца со цел за искористување на детскиот труд, Меѓународната организација на трудот во 1999 година ја донесе Конвенцијата за забрана и итна акција за елеминирање на најлошите форми на детски труд.[31] Позната е уште како Конвенција за најлоши форми на детски труд. Со ратификување на Конвенцијата, земјите се обврзуваат да преземат итна акција за елиминирање на најлошите форми на искористување на детскиот труд, а и самото

[31] Convention concerning the Prohibition and Immediate Action for the Elimination of the Worst Forms of Child Labour,No.182, International Labour Organization, 1999; достапна на http://www.ilo.org/ilolex/cgi-lex/convde.pl?C182.

ратификување на оваа Конвенција од страна на земјите членки го ужива статусот на најбрзо ратификувана конвенција во МОТ од 1919 година. [32]Во Конвенцијата, во делот на набројувањето што точно се подрзабира под најлоши форми на детски труд, меѓу другото, се наведува и "сите форми на ропство и пракси слични на ропство, како продажба и трговија со деца".[33] МОТ во 1999 година, во оваа насока, усвои и Препорака за најлошите форми на искористување на детскиот труд.

И покрај се што е веќе наведено, и понатаму најзначаен меѓународно – правен инструмент донесен во насока на сузбивање на трговијата со луѓе, поконкретно, трговијата со деца е Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца, донесен од страна на Обединетите Нации во 2000 година како надополнување на Конвенцијата против меѓународниот организиран криминал.

## 3. Протоколот од Палермо за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца

Република Македонија на 12 декември 2000-та година, ја потпиша *Конвецијата против транснационалниот организиран криминал* со Протоколите донесени од страна на Обединетите Нации.

Со потпишувањето на овој документ нашата држава истакна подготвеност да се приклучи во превенција и елиминирање на растечките форми на транснационален организиран криминал. Посебно за таа цел да се изврши зајакнување на меѓународната соработка и владеење на правото"[34].

Цел на Конвенцијата е да ја унапреди и да ја направи поефикасна соработката за превенција и борба против транснационалниот организиран

[32] МОТ – Меѓународна организација на трудот.
[33] Член 3 точка а од Конвенцијата за забрана и итна акција за елеминирање на најлоши форми на детски труд.
[34] Јаниќевиќ, Н. Трговија со луѓе:Меѓународни документи, Национално законодавство, Активности на национален план, Трговија со луѓе-правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007.

криминал. Значењето на овој документ се гледа посебно во тоа што Конвенцијата е прв меѓународен документ во чии почетни одредби (член 2 и 3 ) е содржана дефиниција на организирана криминална група и транснационален организиран криминал.

На 28 септември 2004 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата со Протоколите. Со ова истите стануваат составен дел од домашното законодавство. Посебно значење добива Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца со кој се придонесува во заложбите за превенирање и сузбивање на овој криминалитет кај нас.

Протоколот е донесен со цел да се потенцира потребата од сеопфатен меѓународен пристап во борбата со трговијата со лица, особено со жени и деца како во земјите на потекло, така и во земјите на транзит и дестинација. Протоколот треба да вклучува мерки за спречување на ваквата трговија, казнување на сторителите и помагање и штитење на жртвите, покрај штитење на веќе постојните и признати меѓународни човекови права. Уште во воведниот дел од Протоколот е нагласено значењето на истиот на меѓународната сцена. Ова посебно што до неговото донесување, иако постоеше цела палета на меѓународни инструменти кои ја третираат трговија со луѓе , кои содржат мерки и правила за борба со ваквата трговија, е нагласено, дека не постои еден универзален инструмент со кој ќе бидат опфатени сите аспекти на трговијата со луѓе.[35]

Протоколот се состои од четири дела: општи одредби, заштита на жртвите од трговија со лица, превенција, соработка и други мерки и завршни одредби.

Општите одредби содржани во 5 члена ја даваат врската на Протоколот со примарната Конвенција против транснационален организиран криминал, неговото значење за нејзино надополнување и толкување.

Во член 2 од Протоколот дадени се целите поради кои е донесен и кои треба да бидат реализирани со него: спречување и сузбивање на трговијата со лица, со

[35] Преземено и преведено од Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца.

посебно внимание на жените и децата како посебна категорија жртви, штитење и помагање на жртвите од ваквата трговија, со почитување на нивните основни човекови права, промовирање на соработка меѓу земјите членки со цел реализација на поставените цели и слично. Токму целите кои ги имаат поставено државите-потписнички како и мерките кои се обврзуваат да ги преземат за нивно реализирање, јасно укажува на будноста на меѓународната заедница за проблемот на трговија со лица воопшто, и за градацијата на проблемот кога како жртви ќе се најдат жени и деца.

Во членот 3 дадено е објаснување на употребените термини во Протоколот. Тука се врши и дефинирање на проблемот трговија со луѓе.[36] Согласно член 3, точка а, од Протоколот:

Трговијата со луѓе значи регрутирање, транспортирање, трансфер, засолнување или прифаќање на лица, по пат на закана или со употреба на сила и други форми на принуда, или киднапирање, измама, залажување или со употреба на моќ или состојба на немоќ или со давање или примање на пари или корист, заради постигнување на согласност на некое лице кое има контрола над друго лице заради потребите на експлоатација. Експлоатацијата, во најмала рака, како минимум ја опфаќа експлоатацијата на проституацијата на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или принудни услуги, ропство или пракси слични на ропство, слугување или вадење на органи.

Согласно Протоколот се смета дека согласноста на жртвата во било кои од погоре наведените случаи е ирелевантна. Исто така делото, според Протоколот, ги вклучува и состојбите на доброволна проституција, која преку примена на разни мерки на воспоставување на зависност на проститутките се претвора во присилна проституција или во ропски однос. Нема влијание на доброволната проституција, но кога ќе се јават елементи на закана, присила, злоупотреба и слично се трансформира во присилна.

[36] За разработка на дефиницијата за трговијата со луѓе во рамките на овој Протокол, види во делот поим и дефиниции на трговија со луѓе, со посебен осврт на трговија со деца.

Согласно , Протоколот, малолетникот како жртва, е подведен под терминот "дете" и ги опфаќа лицата под осумнаесет годишна возраст.[37] За нив се смета дека било какво нивно регрутирање, превезување, трансфер, засолнување или прифаќање за потребите на експлоатација ќе бидат сметани за трговија со луѓе дури и во случаи кога тие не се вршени на некој од начините предвидени во точка а од членот 3 од Протоколот. Протоколот определува дека се казниви и обидите за извршување на ова дело и соучеснишшвото, организацијата или наредувањето на друг да го изврши истото. Во општите одредби се среќаваат и членови за опсегот на примената на Протоколот и за криминализација. Битно за нашата држава од овој дел е обврската која за нас произлегува од членот 5. Во член 5 на директен начин се одредува и дефинира проблемот на трговија со луѓе како посебно кривично дело. Со тоа е воспоставена и директна потреба од постоење на соодветна инкриминирачка одредба која ќе ја опфаќа појавата на делото недозволена трговија со луѓе, со акцент на кривичниот прогон на сторителите на делото.

Вториот дел, е делот за заштита на жртвите од трговија со лица. Овој дел ги содржи одредбите за помош и заштита на жртвите, во поглед на зачувување на нивната приватност и идентитетот, обезбедување на нивна психичка, медицинска, социјална помош и за таа цел остварување на државите соработка со невладините организации, потоа вработување на жртвите, обезбедување на соодветно образование и слично. Помошта и заштитата на жртвите изразена преку овозможување на приватност, физичка и психичка заштита се посебно значајни за децата-жртви на овој криминалитет. Вметнати се и одредби за статусот на жртвите во земјите-потписнички, за условите и начинот на нивно враќање во татковината и слично. "Заштитата на жртвите подразбира востановување легитимна процедура за избегнување на моменталната депортација и нивно згрижување во објекти кои располагаат со потребни услови за престој. Во нив жртвите да добијат

[37] Во Конвенцијата за сузбивање на трговијата со жени и деца од 1921 година граница за одвојување на малолетни од полнолетни жртви беше возраста од 21 година, тука границата е поместена подолу.

совети и информации за правата, медицинска, правна, социјална, материјална и друг вид помош, со цел безбедно да се репатрираат во матичната држава."[38]

Третиот дел е делот за превенција, соработка и други мерки кои треба да ги преземат државите-потписнички. Согласно Протоколот, превенцијата треба да се оствари со истражувања кои треба да ги спроведат државите, информирање на јавност, информирање и обука на службените лица, информирање на самите жртви, активност на масмедиумите, соработки со невладиниот сектор кој презема активности на ова поле, преку билатерални и мултилатерални соработки меѓу државите за тргање на сите оние предуслови и етиолошки фактори кои придонесуваат за едно лице лесно да потпадне под играта на трговците со луѓе (сиромаштијата, неразвиеноста, недостатокот на еднакви можности и сл), усвојување на силна законска регулатива и слично.

Превентивната политика вклучува сеопфатна превентивна политика и програми, информативни кампањи, спречување на повторна виктимизација, истражување, социјални и економски иницијативи и соработка со цивилното општество. Се наложува зајакнување на граничната контрола и соработка меѓу државите кога некое лице преминува граница без патни исправи или пак користејќи туѓи патни исправи (ова бидејќи преминување на граница без патна исправа е или со туѓа исправа сериозен знак дека се работи за трговец со луѓе или жртва на трговија со луѓе), да се врши контрола на документите и да се проверува нивната легитимност и валидност.

Завршните одредби се сочинети од членови кои се однесуваат за начинот на решавање на спорови настанати при толкување и примена на Протоколот меѓу потписничките, за ратификација, потпишување, прифаќање, одобрување и пристап кон Протоколот, негово влегување во сила, начин на дополнување, откажување од него и за јазиците и диспозитарот- Генералниот секретар на ОН.[39]

---

[38] Стојановски, Т.Трговија со луѓе, Македонска ревија за казнено право и криминологија, стр.377.

[39] Со Протоколот се наложува да настанатите спорови се решаваат по пат на преговори, а доколку се неуспешни, под услови предвидени во Протоколот, се преминува на арбитража. Во случај на неуспех во спроведувањето на арбиртражата, надлежен орган за решаање на споровите е Меѓународниот суд на правда - Article 15. Settlement of disputes, откажувањето од Протоколот,

Со овој Протокол се согледува дека трговијата со луѓе е комплексна материја на која треба да се одговори со ефикасни и ефективни мерки. Исто така, дава и нов приод кон проблематиката трговија со луѓе, самиот поим го дефинира како комплексен и повеќестран, ги комбинира традиционалните методи за контрола на криминалот, за покренување на истрага и за казнување на сторителите и за мерките на заштита на лицата жртви на трговијата.[40]

земјите можат да го извршат со писмено известување поднесено до Генералниот секретар на ОН и истото стапва во сила една година од приемот на известувањето - Article 19. Denunciation.

[40] Стојановски, Т.Трговија со луѓе, Македонска ревија за казнено право и криминологија, стр.374-377.

## III ГЛАВА

## Компаративен осврт

### 1. Трговијата со деца на Балканот

Државите на Балканот, поради својата специфична местоположбата, особено Албанија, Србија, Грција, Косово и Македонија, меѓународно се познати како транзит-држави. Но тука треба да се наведе фактот дека дел од жртвите, завршуваат на некоја од територииите на Балканските држави.

Односно имајќи ја предвид статистиката слободно може да се каже дека територијата на Балканот покрај транзит-територија не така ретко е и крајна дестинација. Исто така треба да се спомене и фактот дека државите како Македонија, Албанија, Косово, Грција, Црна Гора и Србија се и земји од каде потекнуваат жртвите на трговија со луѓе, посебно Србија кога станува збор за трговија со деца. Сумирано, покрај тоа што Балканските земји најчесто се споменуваат во контекст на "транзитни територии" за превезување на жртви, на нивната територија е застапен целокупниот проблем на она што е поим на трговијата со лица. Поради тоа, за сузбивање на овој проблем, при долги дискусии на претставниците на властите на државите и на невладиниот сектор, секогаш се доаѓа до потребата за зајакнување на капацитетите и механизмите на државите како и јакнење на кадровските и техничките потенцијали на ова поле. Како посебно проблематичен потенциран е реонот на Западен Балкан. Заради што

беше започнат проект "*Граѓанските асоцијации како контролен механизам во борбата против трговија со луѓе во Западен Балкан* "[41].

На државите од Западен Балкан, заради сузбивање на трговијата со луѓе, а особено со деца од страна на меѓународната заедница им се препорачуваше, првенствено, да формираат листа на стандарди за идентификација на жртвите. Понатаму, да биде финансиски поддржан граѓанскиот сектор, со директна економска помош за жртвите. Нашата држава е единствената од ретките во регионот во која Министерството за труд и социјална политика менаџира со националниот механизам за управување со жртвите.

## 2. Сузбивање на трговијата со деца и воопшто трговијата со луѓе на Балканот

### 2.1 Србија

Кривичниот законик на Република Србија, изменет и дополнет во насока на сузбивање на трговија со луѓе, во членот 388, под трговијата со лица го подразбира секое на сила или со закана, доведување или држење во заблуда, злоупотреба на овластување, доверба, односно зависност, тешки услови на друг, задржување на лични исправи или давање или примање на пари или друга корист, врбување, превезување, пренесување, предавање, продавање, купување, посредување во продажба, криење или држење друго лице, а со цел експолатација на неговиот труд, принудна работа, вршење кривични дела, проституција или друга форма на сексуална експлоатација, питачење, употреба во порнографски цели, воспоставување на ропство, или нему сличен однос, одземање на органи или делови од тело или користење во вооружени сили. Во кривичното законодавство

[41] По спроведување на проектот се извлече заклучок дека значајни за откривање на жртвите се граѓанските организации, кои имаат клучна улога во борбата за сузбивање на овој криминалитет, но кои немаат финансиска помош од државите во регионот.

на Србија е предвидена казна затвор од три до дванаесет години за сторителите на делото трговија со луѓе. [42]

Додека пак, во поглед на заштита на жртвите е став осум, во цитираниот член од кривичниот законик на Србија, според кој со казна затвор од шест месеци до пет години ќе се казни лице кое знаело или можело да знае дека некој е жртва на трговија со луѓе па ќе ја искористи положбата на тоа лице во насока на експлоатација предвидена во горе наведениот законски опис на делото трговија со луѓе. Под влијание на меѓународните документи, особено Протоколот од Палермо, воведен е и уште еден нов став, став девет, согласно кој согласноста на жртвата за експлоатација и воспоставување на ропски или сличен однос е ирелевантна за постоењето на делото.[43] Казна затвор од една до десет години е предвидена и за засновање на ропски однос, држење во ропски односи и превезување на лица во ропски однос.[44]

Делот кој се однесува на кривично-правното регулирање на трговијата со малолетни лица е извршено на тој начин што е издвоено во посебен став од истиот член со кој се регулира трговијата со луѓе( нешто како во нашето законодавство пред донесување на измените ). Во поглед на малолетните лица, делото ќе постои и доколку не е употребена сила, закана или некој од другите начини на извршување на делото опишани според кривичниот законик на Србија. Сторителите се казнуваат со казна затвор од најмалку пет години.[45] Во посебен член е издвоено делото – тргување со деца заради посвојување, што се должи за жал на ,,практиката,, која постои на подрачјето на Република Србија на "крадење" деца од болниците (бебиња најчесто) и тргување со нив. Сепак, согласно практиката, потребно е да се работи и на зголемување на казната. Според тоа, оној

[42] Член 388 од КЗ, пред измените од август 2009 година казната за извршено дело трговија со луѓе во Србија беше затвор од две до десет години. Доколку со сторувањето на делото опишано во член 388 став 1 од Српскиот кривичен законик, настапила тешка телесна повреда, сторителите се казнуваат со казна затвор од пет до петнаесет години, а пак ако настапила смртна последица, со затвор од најмалку десет години. Доколку делото е извршено спрема малолетно лице или од организирана група, сторителите ќе се казнат со казна затвор од најмалку десет години, а ако е извршено од страна на група или во вид на занимање-најмалку пет години затвор.

[43] Слично на член 3 точка б од Протоколот.

[44] Член 390 од Кривичниот законик на Република Србија.

[45] Пред измените, три години затвор.

кој ќе одземе лице кое не наполнило четиринаесет години заради негово посвојување спротивно на важечките прописи или кој ќе посвои такво лице или посредува во такво посвојување или кој за таа цел купи, продаде или предаде друго лице кое не наполнило четиринаесет години или го превезува, обезбедува сместување или го прикрива ќе се казни со казна затвор од една до пет години, а за оној кој се занимава со вршење на дејностите или ако делото е извршено од страна на група, казната е најмалку три години затвор, а ако е извршено од организирана група, пак, минимум пет години затвор.[46]

Според извештајот на Стејт Департментот за напорите кои ги прават државите за сузбивање на трговијата со луѓе и успесите на тој план за 2019 година, Србија е ставена во групата Тиер 2, што значи дека не ги исполнува во целост минималните стандарди за борба со овој криминалитет. Сепак, во извештајот е наведено дека Владата на Србија прави сериозни напори за тоа, во насока на финансирање на проектите за заштита на жртвите од трговијата со нив, но критика паѓа на полето на гонење и казнување на сторителите на овие дела. Потребно е Србија да се корегира во борбата за сузбивање на трговијата со луѓе, согласно препораките дадени во извештајот од 2009 година.[47] Во спротивно би била негативно оценета во следниот извештај.[48]

Инаку, во контекст на претходното треба да се наведе и фактот да Србија е позната како земја на извор, транзит и крајна дестинација на трговија со жени, мажи и деца, а најмногу со млади девојки со кои се тргува интернационално, но и внатрешно во државата заради искористување на сексуални услуги и присилна работа. Странски жртви пак, се превезуваат во Србија од Источна Европа и Централна Азија преку Косово и Македонија. Србија им служи како транзитна земја на жртвите кои се пренесуваат од Босна, Хрватска и Словенија, наменети за Италија и други земји во Западна Европа. Со малолетни лица, кои најчесто се од

[46] Член 389 од Кривичниот законик на Република Србија.

[47] Препораки најчесто се: поагресивно гонење на сторителие на делото трговија со луѓе, поголема помош од државата на жртвите, обука на социјалните работници и полицијата за препознавање на жртвите и укажување на помош, развивање на програми за решавање на проблемот со принудна работа од деца, подобрување на превенцијата и слично.

[48] U.S Department of State, 2019, подетално на http://www.state.gov/wp-content-uploads>2019/06>.

ромска националност, се тргува заради искористување на сексуални услуги, принудни бракови и питачење. Мноштвото од идентификувани жртви на трговија со луѓе биле токму српски жени и девојки заради сексуална експлоатација, од кои, повеќе од половина биле деца.[49]

На територијата на Србија посебно е нагласен проблемот на трговија со бебиња, во овој случај Србија се смета за изворна земја. За жал, проблемот станува се поактуелен, посебно последниве години со зголемената употреба на социјалните мрежи и развојот на технологијата. Се погласни се оние родители , и тоа зборуваме за период години наназад, кои ги објавуваат своите приказни за наводно родени мртви деца, а на кои потоа им се губи трага и глас и нема никаква документација за смрт. Од болниците во Србија се земаат новороденчиња со цел да се предадат на други фамилии за посвојување во Србија, но и надвор од нејзините граници. Овој проблем датира од поодамна. Медиумите во последните години го актуелизираа овој проблем, објавија мноштво на случаи во кои родителите ги пронаоѓаат своите деца, за кои пред десетина или дваесетина години им било кажано дека починале по пораѓањето, а кои бебиња во совршена здравствена состојба биле изнесени од болниците. За овој проблем, познат како најголема Српска афера по Сузбивање на трговијата со малолетни лица и трговијата со луѓе во Србија по Втората светска војна, Ристович ја објави "Родени да исчезнат-трговија со бебиња во Србија"[50]. Во книгата се сумирани исповеди на родители кои се сомневаат дека нивните деца се украдени од породилиштата и на оние на кои сомнежите им се потврдени, за мистериозни покани за служење војска и вакцинации на бебиња наводно починати по раѓањето и слично.

Во насока на сузбивање на трговијата со луѓе, посебно со жените и децата како специфични жртви, посебно треба да се истакне и работата на невладината организација АСТРА, чија активност се темели на почитување на основните човекови права во склад со меѓународните стандарди, толеранција и уважување на

[49] Според податоците од извештајот на Стејт Департментот.
[50] Изворно: Ristović, M. ROĐENI DA NESTANU - Trgovina bebama u Srbiji.

различностите, тежнеење кон највисоките стандарди при работата и посветеност и професионалност.[51]

## 2.2 Црна Гора

Република Црна Гора спаѓа во земјите кои се земји на потекло, транзит и крајна дестинација на жртвите со трговија со луѓе, и тоа жртвите главно се искористувани за проституција и принудно работење. Законодавството на Република Црна Гора по однос на сузбивањето на трговијата со луѓе наликува на она на Република Србија, посебно законската дефиниција за тоа што опфаќа делото.[52] Казната за основниот облик на делото е од една до десет години затвор (ако при вршењето на делото настапила тешка телесна повреда на лице- затвор од една до дванаесет години, ако пак настапила смрт – најмалку десет години, за вршење на делото во вид на занимање или на организиран начин- најмалку пет години затвор). Во поглед на трговијата со малолетни лица, исто како и во српското законодавство, во истиот член, под став 2 и 3 е регулирана ситуацијата во која како жртва се јавува малолетник. Според тоа, сторителот ќе се казни со казната пропишана за основниот облик на делото ако делото е сторено врз малолетник и кога не употребил сила, закана или некој од другите начини на извршување. За вршење на трговија со малолетник е предвидена казна затвор од најмалку три години. Во посебен член е регулирано тргувањето со деца заради посвојување, во поглед на лицата кои не наполниле четиринаесет години. Доколку со овие лица се тргува заради посвојување спротивно на важечките прописи или ако такво лице се посвои или доколку некој посредува во такво посвојување или за таа цел купи, продаде или предаде друго лице кое не наполнило четиринаесет години или ако некој превезува, обезбедува сместување или го прикрива сторителот, истиот ќе се казни со затвор од една до пет години.[53] За вршење на

[51] Подетални информации за невладината организација на официјалниот сајт достапен на http://www.astra.org.rs/?page_id=7.
[52] Член 444 став 1 од Кривичниот Законик на Република Црна Гора.
[53] Член 445 став 1 од Кривичниот Законик на Република Црна Гора.

делото на организиран начин или во вид на занимање, лицето се казнува со затвор од најмалку три години.

За пофалба е фактот што Црна Гора јавно го признала проблемот со трговија со луѓе кој постои на нејзината територија. Во насока на сузбивање на овој криминалитет Владата го имаше подобрено механизмот на упатување на жртвите на трговија со луѓе кај оние кои им пружаат помош, започнала да го решава проблемот на соучесништво при вршење на ова дело и имплементирала програми за спречување на трговијата со луѓе насочена кон некои загрозени популации во Црна Гора 2011-2016 таа беше во делот ТИЕР 2 на листата. Сепак, сè уште е присутен проблемот на немање доволно државни механизми за препознавање на жртвите. Во извештајот од Стејт Департментот за 2009 година, на Црна Гора ѝ се препорачува да во периодот кој следи да преземе агресивни мерки и да спроведе енергични истраги за спречување на делата трговија со луѓе особено заради искористување на сексуални услуги и принудно работење, да поработи на идентификација на жртвите и укажување на помош и заштита на истите, а особено е нагласено да се подобри посебната заштита на децата-жртви од ваквата трговија.[54]

Сега, според извештајот на Стејт Департментот за 2017,2018 и 2019 година спаѓа во групата Тиер 2 –земји за набљудување, земја која не ги почитува во целост минималните стандарди за елиминирање на трговијата со луѓе, но прави значителни напори да се усогласи со тие стандарди. Низ Црна Гора често се врши превезување на жени од Украина, Молдавија, Србија, Косово, Албанија кои се жртви на криумчарење мигранти, па истите неретко се изложени и на принудна проституција во Црна Гора. Децата од ромската националност, пак, се принудени на организирано питање по улиците во Црна Гора. Во Црна Гора, посебно е присутен проблемот на принудно работење на мажи и млади момци, воглавно странски државјани, во градежничката индустрија која е во подем во оваа држава. Затоа во претходно споменатиот извештај, Владата на Република Црна Гора е критикувана, бидејќи во текот на 2009 година немаше регистрирано ниедна жртва

[54] Human Rights Report: Montenegro, U.S Department of State, 2009, подетално на http://podgorica.usembassy.gov/tip_2010_mn3.html.

на принудна работа во градежничкиот сектор. Се смета дека криминалните мрежи сосем добро функционираат и на полето на туризмот во поглед на трговија со млади жени и девојки заради сексуална експлоатација.

Во 2004 година Владата на Црна Гора во соработка со Меѓународната организација за миграции и Организацијата за европска безбеднос и соработка (ОБСЕ) има отворено засолниште за жртвите на трговија со луѓе. Во септември 2006 година е потпишан Кодекс на однесување за заштита на деца од сексуална експлоатација при патување и туризам. Од 2004 година, со подршка од низа меѓународни организации, се спроведени низа активности за подигање на општата свест за борбата против трговијата со луѓе. Во декември 2009 година Црна Гора го усвои Акциониот план за имплементација на националната стратегија за борба против трговија со луѓе, за периодот од 2010-2011 година, во кој се имаат поставено општи цели, цели во поглед на кривичниот прогон на сторителите, цели во поглед на заштита на жртвите и за превенција од овој криминалитет. Сето ова погоре зборува за напорите кои ги прави Црна Гора за сузбивање на трговијата со луѓе на нејзината територија, а кои се рефлектираат и пошироко.

### 2.3 Босна и Херцеговина

Со измените и дополнувањата на кривичниот закон на Босна и Херцеговина донесени на почетокот на 2010 година, во целост е изменет членот кој го опфаќа делото трговија со луѓе.[55] Новиот член (сè уште член 186) пропишува построги казни и е поексплицитен. Во него веќе не се користи терминот "малолетник" туку "лице кое не наполнило 18 години".

Законската дефиниција за делото трговија со луѓе на БиХ опфаќа употреба на сила или закана за употреба на сила или други облици на принуда,

[55] "Službeni glasnik Bosne i Hercegovine" br. 8/10, закон за измени и дополувања на Кривичниот закон на Босна и Херцеговина усвоен на 69- тата седница на Претсавничкиот дом одржана на 30 декември 2009 година, и 42 та седница на Народниот дом одржана на 21 јануари 2010 година.

киднапирање, измама, злоупотреба на власт или моќ, положбата на беспомошните, или давање или примање пари или друга корист како средства за извршување на делото. Доколку некој ги користи овие средства за да стекне контрола врз друго лице и него да го врбува, превезува, предаде, сокрие или прими, засолни лице со цел искористување за проституција или други облици на сексуално искористување, принудна работа или услуги, ропство или нему слични односи, слугување, отстранување на делови од тело или на други искористувања, согласно законот ќе се казни со казна затвор од минимум 3 години.[56] Што значи, согласно кривично-правната легислатива на Босна и Херцеговина, тоа се начините на вршење на делото трговија со луѓе. Во поглед на законското регулирање на трговијата со малолетни лица, следниот став од истиот член, вели дека доколку некој врбува, наведува, превезува, предава, сокрива или прими лице кое не наполнило 18 години со цел за вршење на горе споменатите експлоатации, ќе се казни со казна затвор од најмалку 5 години (казна построга од онаа за општото дело трговија со луѓе, што е разбирливо и меѓународно препорачливо согласно специфичната положба и карактеристики на жртвата).[57] Делото (трговијата со луѓе и трговијата со лице кое не наполнило 18 години) добива квалифициран вид доколку е извршено од страна на службено лице при вршење на должноста, сторителот се казнува со затвор од најмалку 5 години, или доколку некој организира или на друг начин раководи група за вршење на овие дела, каде лицето ќе се казни со затвор од најмалку 10 години или казна долготраен затвор, предвидена во законодавството на БиХ. Со казна затвор од најмалку 5 години или казна долготраен затвор, ќе се казни и сторителот на овие дела, доколку за некого настапи тешко нарушување на здравјето, тешка телесна повреда или смрт. Во поглед на заштита на жртвите и е ставот во кој се вели дека секој кој ги користи услугите на жртви на трговија со луѓе, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до 5 години. И овде под влијание на меѓународните акти, е воведен став во кој се зборува за ирелевантноста на согласноста на жртвата за постоење на делото.

[56] Член 186 став 1 од Кривичниот закон на БиХ .

[57] И во кривичното законодавство на БиХ, исто како и во законодавството на Србија и Црна Гора, членот со кој се регулира трговијата со луѓе генерално, кумулативно ја опфаќа и одредбата за трговија со малолетни лица, во посебен став, нешто кое нашата држава согласно поновите измени на Кривичниот законик веќе го има "пораснато" и покомплексно регулирано.

Други членови кои се поврзани со делото трговија со луѓе, се членовите кои го регулираат засновањето ропски однос и превоз на лица во ропски однос, врбувањето заради меѓународна проституција, криумчарење мигранти, и организирањето на група или здрижение за вршење на кривичните дела трговија со луѓе и криумчарење мигранти. [58]

Имајки го предвид наведеното за целиот Балкан, и Бих се смета за земја на потекло, дестинација и транзит на жртви на трговија со луѓе, посебно млади жени и девојки врбувани за присилна проституција во земјата но и во други земји во Западна Европа. Најголемиот дел на жртви во Босна и Херцеговина потекнуваат од Србија и Црна Гора.

Од малолетните лица, посебно чувствители се оние од ромската националност, односно проблематична популација за цел Балкан. Млади девојчиња присилно стапуваат во брак и потоа се во домашно ропство, а помали дечиња се принудени да просат за "потребите" на организирана група лица.

Согласно веќе споменатиот извештај на Стејт Департментот , Босна и Херцеговија во 2011 беше земја која спаѓа во земјите кои во потполно ги почитуваат минималните стандарди за борба против трговијата со луѓе (Тиер 1), и која во периодот кој претходел успеала да оствари јасен напредок во своите настојувања за спроведување на законодавството за трговија со луѓе. Босна и Херцеговина, во насока на сузбивање на трговијата со луѓе, успеала да го намали бројот на одлагања на извршување на судски пресуди, успех е постигнат и на полето на препознавање на жртвите на овој криминалитет и нивни правилно упатување во центрите за помош и заштита на жртвите на невладините организации, кои државата ги финансира. Исто така, наметнала построги казни на сторителите на делото трговија со луѓе.

Босна и Херцеговна направи драстична промена, во поглед на подобрување на борбата за сузбивање на трговијата со луѓе (според извештајот на Стејт Департментот во 2001 година таа беше во грпата земји кои се наоѓаа во третиот ранг-Тиер 3 и долго остана во таа категорија држави), сепак како и во другите

[58] Член 187, 189 и 189-а од Кривичниот закон на Босна и Херцеговина.

држави постојат сè уште некои чувствителни полиња на кои треба да поработи. Се мисли на подобрување на соработката меѓу државниот сектор и невладините организации како и препознавањето на жртвите и укажувањето на нивна помош и заштита. Но тука треба да се спомене фактот дека од 2012 година Босна и Херцеговина веќе се наоѓа на листа ТИЕР 2 или на нови за набљудување последните две години 2018-2019 година.

## 2.4 Албанија

Во периодот од 1991 до 1999, Албанската Влада проценила дека околу 100.000 албански жени и девојки биле пренесени во Западна Европа и други земји од Балканот заради сексуална експлоатација. Во главниот град на Албанија, Тирана криминални организации се занимавале со трговија со жени, пренесувајќи ги до Италија преку Јадранското море со глисери. Во северните предели на Албанија жените биле позаштитени од овој криминал, благодарејќи на традиционалниот начин на воспитување кој предвидува крвна одмазда за оној кој ќе посегне по женски член на фамилијата. Сепак, недостатокот на економски можности во деведесетите години овозможил да се развие трговијата со луѓе и во овие краишта, кога илјадници албански момци и мажи заминуваат на работа во внатрешноста на државата и странство.

Денес тоа и е случај, жртвите потекнуваат особено од руралните подрачја, кои порано ги штитеше до одредена мера традицијата, поради сиромаштија, ниското ниво на образование и поголемата подложност на измама од страна на тргувачите.[59] Албанија денес не претставува само земја на извор, туку и главен центар преку кои се превезуваат жени до крајните дестинации. Албанските жени и девојки се намамуваат со лажни понуди за брак, најчесто, понуди за вработување, како и со киднапирање и се принудуваат на проституција. Жртвите од Албанија се меѓу најмладите жртви на трговија со луѓе во светот, ги има на возраст од 14

[59] Подетално: http://www.pbs.org/wnet/wideangle/episodes/dying-to-leave/human-traffickingworldwide/albania/1447/

години до 35 години. Согласно извештајот "Save the child", околу 80 % од жртвите од Албанија се на возраст од под 18 години, девојки однесени во Италија, Белгија, Грција, Холандија, Обединетото Кралство на принудна проституција, каде, согласно извештајот, нивните макроа очекуваат од нив заработувачка од 200-550 американски долари за ноќ. Овде веќе се гледа дека надвиснува проблемот со трговијата со малолетни лица во Албанија. Со малолетници од Албанија се тргува и се пренесуваат во други земји за принудна работа, питачење, перење на автомобили, како и дилање на дрога. Повеќето и тука се од ромска националност. Многу често децата во овие случаи се продавани од нивните родители во замена на некаква мала месечна стипендија. Иако долги години овој проблем во Албанија беше демантиран и занемарен, во последните години Албанија јавно го призна постоењето на проблемот со трговија со луѓе на нејзината територија, што за неа претставуваше прв, значаен потфат преземен во насока на сузбивањето на овој криминалитет.

Кривичното законодавство на Албанија ја регулира оваа материја низ три основни члена: трговија со луѓе, трговија со жени и трговија со малолетни лица[60]. Во членот за трговијата со луѓе е опфатена законската дефиниција на овој криминалитет. Според неа, трговијата со луѓе значи регрутирање, транспортирање, трансфер, криење или заведување на лица преку закана или употреба на сила или други облици на присила, киднапирање, измама, злоупотреба на положбата или придобивка од општествената, физичката или психичката состојба, или давање или земање на уплати или придобивки за да се придобие согласноста на лицето коешто контролира друго лице, со цел искористување по пат на проституција на други или други слични облици на сексуално искористување, работење или присилени услуги, поробување или други облици слични на поробувањето, со ставање во употреба или трансплатација на органи, како и други облици на искористување. За сторено дело лицата се казнуваат со затвор од пет до петнаесет години и со парична казна од два до пет милиони леки (кумулативно). Кумулативни казни, парична и казна затвор, се предвидени и за организирање, водење, финансирање на трговијата со луѓе и за

[60] Член 110/а, член 114/б и член 128/в од Кривичниот закон на Албанија.

квалифицираните видови на делото (вршење на делото проследено со потешки здравствени последици или смрт). Трговијата со жени, како посебно издвоена во кривичното законодавство на Албанија, се казнува построго. Долната граница е седум години затвор за сторителот на ова дело, до петнаесет години, како и паричната казна – од три до шест милиони леки. Законскиот опис на битието на делото е ист како и за основниот облик на делото трговија со луѓе. И овде квалифицираните видови на делото инклинираат во законски предвидените казни. Впечатливо за Албанското кривично законодавство е посебно регулираното кривично дело – трговија со малолетни лица. Во Албанското законодавство, се користи терминот малолетни лица, а не *деца* како што најчесто стои во меѓународната регулатива. Предвидената казна за трговијата со малолетни лица е затвор од седум до петнаесет години, како и со жени, меѓутоа построга е паричната која е од четири до шест милиони лека (во споредба со казната предвидена за трговија со жени, овде минималната казна е повисока). Најстрого, во споредба со казната предвидена за основниот облик трговија со луѓе и трговија со жени, се казнува и организирањето, водењето и финансирањето на трговијата со малолетници – од 10 до 20 години затвор и парична од шест до осум милиони леки. Високи казни се предвидени и за квалифицираните видови, ако постојат потешки последици по здрвјето или смрт и доколку постои продолжено вршење на ова дело. Во сите три члена е предвидено дека доколку делото го врши лице искористувајќи ја државната функција или јавна служба, затворската казна и паричната му се зголемуваат за една четвртина од предвидената казна за соодветниот облик.

Согласно Извештајот на Стејт Департмантот за мерките преземени за борба со трговијата со луѓе на земјите во регионов, Албанија како и другите соседи на Македонија, спаѓа во Тиер 2, втората група на земји кои не ги исполнуваат минималните стандарди, но прави значителни напори за зајакнување на ваквата борба за сузбивање на овој криминалитет.

### 2.5. Грција

Република Грција е една од портите на Европа. Токму нејзината местоположба, поголемиот дел од нејзината територија излегува на море, придонесува таа да биде портата преку која голем дел од мигрантите влегуваат во Европа или порта преку која се врши трговијата со луѓе и понатаму продолжува кон Балканот или Европа. Затоа, во овој труд на нашиот јужниот сосед ќе се посвети поголемо внимание.

Историски гледано, грчкиот уставен развој вклучува укинување на ропството во 1828 година со основањето на грчката модерна држава. Обично опишувајќи ги 400-те години на турското владеење како ропство, за современата хеленска држава анти-ропските провинции и јавниот дискурс се цврсто поврзани со националниот идентитет и територијалниот интегритет. И покрај одредбите против ропството, случувањата последниве години се значителен доказ дека трговијата со луѓе е сè поголем проблем.

Грција е земја на транзит и дестинација за жртви на трговија со луѓе заради сексуална експлоатација и присилна работа. Бидејќи Грција е една од главните влезни точки за прилив на мигранти во Европа, потенцијалните жртви на трговија со луѓе може да се идентификуваат меѓу недокументираните мигранти кои влегуваат во земјата. Глобалната финансиска криза само го надополни веќе комплексниот проблем со трговијата со луѓе: широко распространетата невработеност и драстичното опаѓање на можностите резултираат во очајни ситуации, како во земјите на потекло, така и во дестинацијата, каде луѓето се склони кон ризици и имаат неколку одржливи алтернативи.

На национално ниво има интензивни напори за борба против трговијата со луѓе, по сеопфатен пристап што вклучува законодавни реформи, меѓуагенциска координација, заштита на жртвите, кампањи за подигнување на јавната свест и соработка со засегнатите страни од најголемите меѓународни институции, како и од земјите на потекло, транзит и дестинација.

Грција немаше долги години законодавство конкретно за криминализирање на трговијата со луѓе за присилна работа, вклучително и присилна сексуална експлоатација.

Токму потребата да се направи нешто повеќе во борбата против трговијата со луѓе доведе до тоа да Грција работи заедно со координаторот на Европската комисија и нашите партнери во ЕУ за спроведување на целосна имплементација на Стратегијата и Директивата на ЕУ. Грција поддржува конзистентен патоказ за човековите права, заснован на четири пристапот „П“ (спречување, заштита, гонење, партнерство) како единствена ефективна политика: помалку строг и поинклузивен режим на идентификација на жртвите, да се справи со криминалните мрежи, да се промовира меѓународната соработка, да се спроведе сеопфатна, мулти-агенциска рамка за засегнатите страни од државата и граѓанското општество, да се намали побарувачката и да се промовира превенција преку насочени кампањи за подигнување на свеста.

Владата постепено ја создаде цврстата превентивна, заштитна и обвинителска рамка, неопходна за соочување и елиминација на модерното ропство. Направени се засилени напори да се одговори на проблемот, вклучувајќи: законодавни реформи, меѓуагенциска координација во Обвинителството, меѓуагенциска координација во заштитата на жртвите и кампањи за подигнување на свеста.

Грција ги ратификуваше трите основни правни инструменти против трговијата со луѓе:

1. Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал и нејзините протоколи - „Протоколот во Палермо“

2. Транспонирање на Директивата 2011/36 / ЕУ со законот 4198/2013 (215 / Α' / 2013). Новиот закон ја формира Канцеларијата на националниот известувач (МНР) и дава службен мандат за одговорност на неформалниот механизам за координација на надлежните министерства, меѓународни организации и акредитирани НВО.

3. Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговија со луѓе

Актот за странци во Грција, Закон 1975/1991, член 33, кој беше во сила до јуни 2001 година, вклучува казни во случаи кога транспортот на недокументирани мигранти беше за „нелегална добивка“ меѓутоа, во овој документ немаше директно упатување на „трговија со луѓе“. [61]

Под меѓународен притисок , а и имајки го предвид Протоколот од Палермо, трговијата со луѓе стана посебно кривично дело во 2002 година по спроведувањето на Законот L.3064 / 2002 (ФЕК А ΄ 248 / 15.10.2002).

Законот L.3064 / 2002, потоа е дополнуван со други специфични одредби содржани во L.3386 / 2005 (ФЕК А ΄ 212 / 23.08.2005, заменети подоцна со L.4251 / 2014) на статус на државјани на трети земји, изменет и во Поглавје 19 од грчкиот кривичен законик. Новата правна рамка додаде нов став на членот 323 (трговија со робови) од Кривичниот законик, под наслов „Трговија со луѓе“ (член 323А).

Членот 323 А од грчкиот кривичен законик предвидува дека:

Лицето кое со употреба на сила, закана од сила или други присилни средства, со наметнување или злоупотреба на службената должност или со киднапирање, регрутирање, транспортирање, трансфери внатре или надвор од територијата на земјата, задржува, пристаништа, испорачува на друг со или без корист или примање од друго лице, со цел да се отстранат клетките, ткивата или органите на телото или да се искористи трудот или да се моли, ќе се казни со максимална казна од десет години затвор и со парична казна од десет илјади до педесет илјади евра.

Сторителот ќе се казни со казна од претходниот став, ако за да се постигне истата цел, тој / таа остварува согласност од лице со измамни средства или ги измами користејќи ја нивната позиција на ранливост со давање ветувања, подароци, плаќања или давање други поволности. Лицето кое свесно прифаќа труд на лице кое е под условите опишани во ставовите 1 и 2, се казнува со казна од најмалку шест месеци затвор.

[61] Закон 1975/1991, член 33, Грција.

Сторителот во согласност со претходните ставови ќе се казни со казна од најмалку десет години затвор и педесет илјади до сто илјади евра, доколку делото: (а) е против малолетно или физичко ментално инвалидско лице, (б) е сторено професионално, (в) е сторено од службено лице кое за време на должноста или со злоупотреба на службената должност или учествува на кој било начин на дело или (г) имало како резултат на особено сериозна здравствена повреда или го изложила животот на жртвата во голема опасност. Лицето кое користи средства од ставовите 1 и 2 за да регрутира малолетник за употреба во вооружени судири, ќе се казни со казна од најмалку десет години затвор и парична казна од педесет илјади до сто илјади евра. Сторителот од горенаведениот став ќе се казни со доживотен затвор, ако делото резултирало во смрт

Со цел да се зацврсти правната рамка во борбата со трговијата со малолетни лица, дополнителни законски одредби беа вметнати и во член 348 кои се однесуваат на порнографијата во која се содржат малолетни лица (член 348А) и во членот 351 „застапување на проституција“. [62]

Трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација е дефинирана со член 351 од грчкиот законик, според кој: „Лицето кое со употреба на сила или со употреба на сила или со други форми на принуда или злоупотреба на службената должност се регрутира, транспортот или трансферот во или надвор од (грчката) територија, задржува, пристаниште или испорачува со или без корист на друг или прима од друг заради сексуална експлоатација од нив или друг, ќе се казни со максимална казна од десет години затвор и парична казна од десет илјади до педесет илјади евра. Сторителот ќе се казни со казна од претходниот став, ако за да се постигне истата цел, тој / таа оствари согласност од лице со измамни средства или ги измами со тоа што ќе ја искористи својата позиција на ранливост со давање ветувања, подароци, плаќања или давање други поволности. Лицето кое свесно врши сексуален чин со лице кое е под условите опишани во ставовите 1

[62] член 348 одредби за порнографијата во која се содржат малолетни лица (член 348А) и во членот 351 „застапување на проституција“.

и 2, ќе се казни со казна од најмалку шест месеци затвор. Сторителот во согласност со претходните ставови ќе се казни со казна од најмалку десет години затвор и парична казна од педесет илјади до сто илјади евра, под услов делото: (а) да е против малолетничка или е поврзано на ментална слабост или глувост на лицето (б) е извршено од едно од лицата наведени во член 349 (2) (в), (в) е поврзано со нелегалното влегување, престој или излегување на жртвата од земјата (г) е посветена професионално, (д) е сторено од службено лице кое за време на должноста или со злоупотреба на службената должност се обврзува или учествува на кој било начин на дело или, (ѓ) имало како резултат тешка телесна повреда на жртвата. Ако некое од делата од првиот и вториот став имало како резултат смрт на жртвата, ќе се изрече доживотен затвор. Сексуалната експлоатација во смисла на претходните ставови се состои во извршување на сексуални акти заради профит или користење на телото, гласот или сликата на лицето за профит заради извршување на вистински или виртуелен сексуален чин или за сексуален труд или услуги за сексуална возбуда.

Планерите, промотерите, организаторите и огласувачите на патувања со цел сексуални односи или други непристојни дејствија со деца, се казнуваат со затвор до десет години (Грчки Кривичен законик, чл. А 0 290 / 24.12.2007), без оглед на тоа дали актите се случиле на грчка територија или во странство, од грчки или странски државјани (грчки кривичен законик, чл.6 и чл.7).

Друг важен аспект на законот во однос на сексуалниот туризам со деца е дека дури и обичното учество во вакви патувања е казниво со казна затвор од една година, без оглед на извршување на реалниот чин на сексуални односи или други непристојни дејствија .

За да се надополни оваа казнена рамка, јасно е очигледна интензивната определба на грчките законодавци за криминализирање и спроведување на борбена, „војна“ рамка насочена кон феноменот на трговијата со луѓе, при анализирање на членовите 323А (2) и 351 (2) (грчки кривичен законик, Кривичен законик). Според овие два члена, сторителите се виновни за кривичното дело

трговија со луѓе и кога добиваат согласност од жртвите со измама, средства за измама или искористување на ранливата позиција на жртвите.

Кривичното дело на трговија со луѓе се случува од моментот кога жртвата е убедена во ветувањата или заканите на сторителот, сторено е кривично дело трговија со луѓе. Понатаму, казната е иста како и за сторителот, кој всушност тргува со поединец.

Крајно, законодавството на Грција кое се однесува на борбата против трговијата со луѓе, а од кое произлегува цврстиот став на оваа држава во борбата против трговијата со деца и со луѓе воопшто би можеле да го сублимираме на следниот начин:

- Закон 3064/2002 (ГГ 248 / А / 15-10-2002), Борба против трговија со луѓе, злосторства против сексуална слобода, порнографија на малолетни лица и општо, финансиско искористување на сексуалниот живот и давање помош на жртви на вакви дела;
- Претседателска уредба бр. 233 (ГГ 204 / А / 28-8-2003), Заштита и поддршка на жртвите на кривични дела од членовите 323, 323 А, 349, 351 и 351 А од Кривичниот законик, во согласност со член 12 од Закон 3064/2002 (на грчки);
- Закон 292/2011, изменување и дополнување на одредбите од Кривичниот законот и Кодексот за кривична постапка и други одредби за заштита на граѓаните од казниви дела на криминални организации;
- Закон 3274/2004 (ГГ 195 / А / 19-8-04) (чл. 34 ст. 7) за дозвола за престој на жртви на трговија со луѓе (на грчки јазик);
- Закон 3386/2005 (ГГ 212 / А / 23-8-2005) за влез, престој и социјална интеграција на државјани на трети земји на грчка територија (на грчки јазик);
- Закон 3536/2007 (ГГ 42 / А / 23-2-2007) (чл. 11) за дозвола за престој на жртви на трговија ( на грчки јазик );
- Закон 3625/2007 (ГГ 290 / А / 24-12-2007), Ратификација на Конвенцијата за правата на детето;

- Закон 3692/2008 (ГГ 173 / А / 25-8-2008) за билатералниот договор меѓу Грција и Албанија за заштита на малолетни жртви од трговија со луѓе;
- Закон 4198/2013 (ГГ 215 / А / 11-10-2013), спречување и борба против трговија со луѓе и заштита на неговите жртви и други одредби-Транспонирање на Директивата 2011/36 / ЕУ;
- Закон 4216/2013 (ГГ 266 / А / 10-12-2013) Ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговија со луѓе;
- Закон 4251/2014 (ГГ 80 / А / 1-4-2014) Код за миграција и социјално вклучување;

Преку националните структурни фондови, ISEC, ISF и други фондови на ЕК, формираната канцеларија на националниот известувач (NREM) се координираат надлежните државни и невладини засегнати страни да работат заедно кон голем обем на акција за борба против ТЛ во спречувањето, гонењето, заштитата и партнерство.

Постои растечка динамика која дава резултати во областа на проактивно спроведување на законот, заштита на жртвите и спречување на трговија со луѓе. Тоа треба да вклучува полициски службеници, граничари, служби за имиграција и азил, јавни обвинители, адвокати, членови на судството и судски службеници, куќи, труд, здравство, социјални и безбедносни инспектори, граѓански организации, социјални и млади работници, организации за потрошувачи, синдикатите, организациите на работодавачи, агенциите за привремени работни места, агенциите за вработување, конзуларниот и дипломатскиот персонал, како и оние што се потешки за постигнување, како што се правни старатели и правни застапници, услуги за поддршка на деца и жртви.

Приоритетите на Националната канцеларија известувачи се: засилување на превенцијата, идентификување, заштита и помош на жртвите, зголемено гонење на трговците со луѓе, зајакната координација и соработка помеѓу клучните актери и зголемено знаење и ефективно реагирање на сите форми на трговија со луѓе.

Понатаму , бројни кампањи за подигнување на свеста  се спроведени на локално или национално ниво, главно од невладини организации, како што се

ПРАКСИС, насмевка на детето, АРСИС, КМОП, ГЦР, „НЕ проект“, „А21 кампања“, или ИОМ и Генерален секретар за родова еднаквост.

,,Не проект“ е главно активен во училиштата и универзитетите и ја користи уметноста за изведба како медиум за подигнување на свеста. Основна цел е да се справиме со „страната на побарувачката“ и улогата на клиентот пред да биде „премногу доцна“, а комодификацијата на сексуалноста влијаеше на родовите норми.

НВО „А21 Кампања“организираше кампања за подигнување на свеста за таксистите во двата најголеми градови, Атина и Солун.

Генералниот секретаријат за родова еднаквост на Министерството за внатрешни работи спроведе тригодишна кампања за подигање на свеста за родово базирано насилство, вклучена трговија со жени.

Кампањите за подигнување на јавната свест насочени кон потрошувачите и корисниците на услугите, корпоративната општествена одговорност, кодекси на однесување, деловни и иницијативи за човекови права, насочени кон елиминирање на трговијата со луѓе од синџирите на снабдување на деловните активности, се очекува да ја намалат побарувачката за сите форми на трговија. За децата во опасност, постојат линии за помош кои се во функција: Националната телефонска линија за деца „1107“ од ЕККА и Хелсинката „1506“ како и Европската телефонска линија за исчезнати деца „116000“ управувана од невладината организација „ Насмевка на детето “во комбинација со Национален автоматски систем за предупредување за деца АМБЕР АЛЕРТ ХЕЛАС.

Хеленскиот центар за контрола и превенција на болести - HCDCP, исто така, се фокусира на развој на модул за обука и водич за интервју за примарна идентификација на жртвите од трговија со луѓе на здравствени работници во притвор, и центри пред прием, како и во болници.

Во делот на заштита треба да се спомене формирање на Засолништа за жени жртви на насилство, вклучително жртви на трговија со луѓе. Придружуваните малолетни лица - можни жртви на трговија со луѓе, се

заштитени во единаесет (11) засолништа, финансирани од Европскиот фонд за бегалци, грантови за ЕЕА и од државата. Националниот центар за социјална солидарност управува со сите релевантни апликации. Во 2013 година, 1150 малолетни лица биле упатени на програми за домување и заштита

Тука вреди да се спомене дека невладината организација „Насмевка на детето“ го развива Центарот на Југоисточна Европа за исчезнати и експлоатирани деца (СЕЕЦ) со мисија да генерира соработка активности, подобрување, споделување и проширување на најдобрите практики меѓу сите релевантни чинители од Југоисточна Европа со цел ефикасно да се бори против растечкиот проблем на исчезнатите и експлоатираните деца. СЕЕЦ гради одржливи партнерства со соодветни национални, регионални и меѓународни актери, имено национални и меѓународни невладини организации, како и меѓународни организации како што се ОБСЕ, СЕЛЕК (Југоисточен центар за спроведување на законот) итн.

Еден од поважните акти, е потпишан билатерален договор на Грција со државата Албанија за заштита на малолетни жртви на трговија со луѓе (Закон 3692/2008). Националниот центар за социјална солидарност е од името на грчката држава надлежен орган.

Центарот за семејство и грижа за децата беше водечка организација на меѓународно партнерство (Грција, Италија, Франција, Португалија) за 24-месечната европска програма „Отпор: учество, капацитети и еластичност на децата во движење против трговија со луѓе и експлоатација“, финансирана од програмата „Превенција и борба против криминал“(ISEC). Проектот има за цел да го зајакне учеството, капацитетите и еластичноста на децата во движење (КОМ) како клучни димензии за нивна ефективна заштита од трговија и експлоатација.

Институтот за здравствена заштита на децата (ICH) ќе се бори против трговијата со деца со планирање на активности како што се: а) обука на сите професионалци кои работат во првите прифатни центри, центри за притвор и станбени услуги, за тоа како да се справат со оваа целна група во нивната секојдневна работа како и да ги сензибилизираат за Конвенцијата за правата на

детето, б) психосоцијална поддршка на трговија со луѓе и / или не придружувани деца сместени во засолништа или угостители засолништа во Грција и да ги чувствителизираат на опасностите што можат да се сретнат откако ќе ги напуштат тие центри, вклучително и трговија со деца (брошури и постери на 4 јазици) и, в) систематизација на собирање на податоци во однос на оваа целна група од страна на центри за хостинг и прв прием (база на податоци).

Грчката полиција управува со 15 контра-работни тела низ Грција. Нивната работа се заснова на огромни национални и прекугранични операции кои започнаа уште во 2006 година со проектот ИЛЕЕИРА и Грчката полициска канцеларија и ги здружуваат службениците за спроведување на законот и НВО, ангажирани во идентификација и упатување на жртви, енергична истрага и демонтажа на криминални мрежи.

И други европски земји учествуваат во акцијата ИЛЕИРА. Овие вклучуваат земји-членки на ЕУ и трети земји, како и меѓународни организации (Европол, Интерпол, Европравда, Фронтекс, Секи и сл.).

Според најновите годишни статистички податоци, идентификувани се 99 жртви на трговија со луѓе (55 жртви на присилна работа, 30 жртви на сексуална експлоатација, 8 од сексуална и работна експлоатација и 6 од присилно питање). Грчката полиција - Единица за борба против трговијата со луѓе, потенцира постојан пад на бројот на жени жртви на трговија со луѓе заради сексуална експлоатација кои доаѓаат од Источна Европа, главно од Бугарија и Романија. Полицијата посочува на алармантен пораст на бројот на машки жртви кои потекнуваат од Бангладеш (35) - жртви на трудова експлоатација - кои во 2013 година беа главно поголемиот дел од жртвите, додека во 2012 година бројот на жртви кои не се во ЕУ беше значително мал ( 8 од Албанија и 5 од Нигерија). Во 2012 година, жртвите од земјите на ЕУ беа мнозинство - Романија (44) и Бугарија (21), додека во 2013 година бројот на романските жртви се намали на (20) и бугарските (20).

Во 2012 година, идентификувани биле 94 жртви на трговија со луѓе, 69 жртви на сексуална експлоатација, 16 на принудна работа и 9 домашни службеници. Поголемиот дел од жртвите биле жени (72%).

Повеќето жртви влегуваат легално во Грција (туристичка виза) и во неколку наврати нелегално со украдени или фалсификувани патни исправи или со валидни патни исправи на трети лица.

Тука да не заборавиме да го спомене тоа дека во 2019 година полицијата во Солун открила мрежа на нелегални посвојувања и трговија со јајце клетки, а биле уапсени 12 лица меѓу кои и доктор и адвокат, но и три жени од Грузија кои имале главни улоги, а во предметот се вклучени над 60 лица. Во предметот се вклучени десетици случаи на жени од Бугарија кои „по порачка“ раѓале деца во Грција, а новороденчињата во замена за паричен износ биле давани на парови кои не можат да имаат деца. Цената на нелегалното посвојување достигнувала и до 25 илјади евра, во која било вклучени и трошоците за пораѓање и слично. Додека пак, во зависност од полот на бебето, се менувал и ценовникот. Криминалната мрежа, освен со нелегални посвојувања се занимавала и со трговија на јајце клетки, односно млади девојки од странство кои добивале пари за нивните јајце клетки, за подоцна членовите на мрежата да ги продаваат.

Никој точно не знае колку бугарски деца се жртви на трговија со луѓе, која очигледно „цвета“во Грција, и покрај напорите на властите да и стават крај. Од земјите во регионот, Бугарија цврсто е втемелена во бизнисот со нелегални посвојувања во Грција.

Настанот од 2013 година, со „русиот ангел“ Марија, која беше најдена во ромски камп во Фарсала стана светска вест , а кратко пред тоа петмина Бугари биле уапсени при обид да бебе кое имало само 11 дена. Според грчката полиција, двајца од нив биле фатени за ваков случај и во 2006 година, а се уште не е утврдено каде се наоѓаат другите две деца на биолошката мајка на детето.

## 2.6 Трговијата со луѓе – посебно со деца изразена преку фактички податоци

**1.** Денес ширум светот има приближно 27 милиони робови. Ова е најголемиот забележан број робови во историјата!

**2**. Просечната цена на еден роб изнесува 90 американски долари.

**3.** Трговијата со луѓе е најголемото нарушување на човековите права во историјата на човештвото.

**4.** Трговијата со луѓе е втор најголем криминален бизнис во светот, по дилерството на дрога и оружје.

**5**. САД е една од најголемите три дестинации каде се носат жртвите на трговијата со луѓе. Најмногу жртви на трговија со луѓе во САД има во Калифорнија, Њујорк, Тексас и Невада.

**6.** Според проценките, приближно 80% од трговијата со луѓе вклучува сексуално искористување, а 19% вклучува искористување за работа.

**7.** Просечната возраст на младите жени кои се жртви на трговија со луѓе изнесува 12-14 години**.**

**8.** Експертите проценуваат дека во подземните бордели во Лос Анџелес се чуваат дури 10.000 жени, а овој број не ги вклучува илјадниците жртви во другите индустрии.

**9.** Денес ширум светот робови се просечно 13 милиони деца, односно речиси половина од сите жртви на трговија со луѓе.

**10.** Децата кои биле жртви на трговија со луѓе имаат значително поголем ризик за развивање проблеми со менталното здравје, да работат во областа на проституцијата како возрасни и да извршуваат или да бидат жртви на насилство подоцна во животот.

## 2.7 Статистички податоци од соседни земји

Во Република Србија во 2018 година идентификувани се вкупно 76 жртви на трговија со луѓе од нив 34 се за сексуална експлоатација а 18 за принудна работа. Астра е организација која е посветена на искоренување на сите облици на експлоатација и трговија со луѓето посебно со жени и деца и истите објавија табела за период од 2005 година до 2012 година со бројки за трговијата со луѓе. Во табелата се опфатени податоци за вкупен број на жртви, пол, возраст, вид на експлоатација, податоци од СОС телефон, домашни, странци, полнолетни, малолетни. И тука може да се осврнеме на податокот дека од 2005 годиина кога биле идентификувани 11 малолетни жртви, бројот расте , во 2006 година биле 33, 2007 -25, 2008 година -30, 2009 -58, 2010 -42, 2011 -26 и 2012 година 33.

Табела 1: Податоци за Република Србија за малолетни жртви, период 2005-2012 година

| Година | Број на малолетни жртви |
|---|---|
| 2005 | 11 |
| 2006 | 33 |
| 2007 | 25 |
| 2008 | 30 |
| 2009 | 58 |
| 2010 | 42 |
| 2011 | 26 |
| 2012 | 33 |

Но вкупно од март 2002 до крај на 2019 година во Република Србија се идентификувани 510 жртви од кои 273 се жени, 66 мажи, девојчина 157 и 14 момчина.

Табела 2: Податоци за Република Србија за идентификувани жртви, поделени по пол и возраст, период 2002-2019 година

| Период | Вкупно жртви | жени | мажи | Девојчина | момчина |
|---|---|---|---|---|---|
| 2002-2019 | 510 | 273 | 66 | 157 | 14 |

Во Грција во 2017 година биле идентификувани 38 жртви од кои 24 возрасни и 14 деца. По однос на целта на трговијата, 20 биле за сексуална експлоатација. Најголем дел од жртвите 9 од Романија, 8 од Молдавија, 4 од Бугарија, 4 -Авганистан, 3- Русија, 2 -Грција, 2 -Албанија и 2 -Украина.

Табела 3: Податоци за Република Грција за жртви, поделени пол и цел на експлоатација за 2017 година

| Вкупно 2017 година | Полнолетни | малолетни |
|---|---|---|
| 38 | 24 | 14 |
| Цел на експлоатација | Сексуална | останато |
| | 20 | 18 |

За Република Хрватска за 2017 година достапни се следните податоци – идентификувани се вкупно 29 жртви од нив 16 мажи и 13 жени. 19 биле Хрватски државјанини, 10 странци и тоа од Босна и Херцеговина, Романија и Нигерија. 14 од идентификуваните жртви биле малолетни и тоа по 7 девојчина и 7 момчина.

Табела 4: Податоци за Република Хрватска идентификувани жртви, поделени по пол, возраст, странци и домашни за 2017 година

| Мажи | Жени | полнолетни | малолетни | странци | хрвати |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | 13 | 15 | 14 | 10 | 19 |
| | | | 7 момчина | | |
| | | | 7 девојчина | | |

Во Црна Гора на официјалната страна за статистика ,,Монстат ,, не се најдени конкретни податоци за трговија со деца, но од податоците кои се објавени се гледа дека од 2012 година до 2014 година по 1 малолетна жртва на трговија со луѓе е идентификувана на годишно ниво, во 2015 и 2016 по 3 лица, 2017 и 2018 по 2 лица. Нема податоци во кој крај, за кое кривично дело, само стои во напомена дека најчесто идентификувани случаи на трговија со луѓе се жртви заради сексуална експлоатација.

Табела 5: Податоци за Црна Гора идентификувани жртви, период 2012-2018 година

| Година | Број на идентификувани жртви |
|---|---|
| 2012 | 1 |
| 2013 | 1 |
| 2014 | 1 |
| 2015 | 3 |
| 2016 | 3 |
| 2017 | 2 |
| 2018 | 2 |

За Република Бугарија, на страната на ЕУ ,,Заедно против трговијата со луѓе,, може да се види дека во Бугарија од 2014 до 2017 година има податоци за жртви на трговија со луѓе. За овој период податоците може да се прикажат во табела

Табела 6: Податоци за Република Бугарија за идентификувани жртви, поделени по пол и возраст, за период 2014-2017 година

| Година | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно жртви | 495 | 409 | 447 | 508 |
| Жени | 464 | 381 | 409 | 444 |
| 14-18 години | 23 | 27 | 20 | 36 |
| Под 14 години | 8 | 1 | 1 | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мажи | 31 | 28 | 38 | 64 |
| 14-18 години | | | 1 | |
| Под 14 години | 14 | 5 | 3 | 5 |

Табела 7: Податоци за Република Бугарија идентификувани жртви, согласно целта на трговијата со луѓе, за период 2014-2017 година

| година | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| Сексуална експлоатација | 409 | 314 | 329 | 323 |
| жени | 398 | 311 | 318 | 316 |
| 14-18 години | 22 | 24 | 19 | 32 |
| Под 14 години | 6 | 2 | 1 | 0 |
| мажи | 11 | 3 | 11 | 7 |
| 14-18 години | | | 1 | |
| Под 14 години | 10 | 1 | | |
| Трудова експлоатација | 16 | 26 | 31 | 67 |
| Жени | 3 | 4 | 8 | 16 |
| мажи | 13 | 22 | 23 | 51 |
| Трговија заради органи | 2 | 1 | 1 | 1 |
| жени | 1 | | | |
| мажи | 1 | 1 | 1 | 1 |
| сервилност | 11 | 6 | 5 | 71 |
| Жени | 4 | 6 | 3 | 14 |
| мажи | 7 | | 2 | 3 |
| Бремени жени за продажба на бебина | 57 | 59 | 80 | 97 |

Табела 8: Податоци од TIER –листа за балкански држави од 2011-2019 година

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Макеоднија | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Србија | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 W | 2 W | 2 | 2 |
| Црна Гора | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2W | 2W | 2W |
| Бугарија | 2 | 2 | 2 | 2 | 2W | 2W | 2W | 2W | 2 |
| Албанија | 2 | 2 | 2W | 2W | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Грција | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |

Значење на степените изразени во броеви на наведената листа

Земји од степен 1 чии влади целосно ги исполнуваат минималните стандарди на TVPA

Земји од степен 2 чии влади целосно не ги исполнуваат минималните стандарди на TVPA, но прават значителни напори да се усогласат со тие стандарди

Земји на набљудување од степен 2 чии влади целосно не ги исполнуваат минималните стандарди на TVPA, но прават значителни напори да се усогласат со тие стандарди( апсолутен број на жртви на тешки форми на трговија е голем или се зголемува, не постои доказ за зголемени напори во борбата против тешки форми на трговија со луге од претходна година или решителноста дека една земја вложува значителни напори да се прилагоди на минималните стандарди се заснова на обвиските на земјата да преземе дополнителни идни чекори во текот на следната година)

Земји од степен 3 чии влади целосно не ги исполнуваат минималните стандарди на TVPA, и не прават значителни напори да се усогласат со тие стандарди

## IV ГЛАВА

## Казненото законодавство на Република Македонија

### 1. Развој на законското регулирање на трговијата со луѓе во Република Македонија

Република Македонија денес е една од водечките земји на Балканот во поглед на законската поставеност и мерките превземени за сузбивање на трговијата со луѓе воопшто. Значителните подобрувања на казнената регулатива која го опфаќа овој криминалитет ја подигнаа борбата со истиот на едно повисоко ниво и придонесоа да земјата биде оквалификувана како земја која ги исполнува минималните стандарди за борба со трговијата со луѓе, со што е чекор понапред од останатите земји во регионот. Согласно веќе споменатиот Извештај на Стејт Департментот за достигнувањата на земјите во оваа област за 2019 година, Македонија е класифицирана во групата Тиер 2, и практично за неа нема забелешки, освен препораките да продолжи со заштита на жртвите и жестокото казнување на трговците.[63] Сепак, извештајот посочува дека Македонија и натаму е извор, транзитна држава и крајна дестинација на деца и жени-жртви на сексуална експлоатација. Најголемиот дел од жртвите што потекнуваат од Македонија се од ромска националност.

Македонија е една од ретките земји во регионот, заедно со Хрватска, која успева да го спроведува во пракса подобреното законодавство. Може да се каже дека македонското законодавство многу еволуираше во последните години, во поглед на инкриминациите инкорпорирани во Кривичниот Законик со цел

[63] Human Rights Report:Macedonia, U.S Department of State, 2010, подетално на http://www.state.gov/g/drl/rls/hrrpt/2009/eur/136044.htm; [85] Службен весник на Р. Македонија, бр.04/02 од 25.01.2002 година.

сузбивање на трговијата со деца и со луѓе воопшто (измени и дополнувања на КЗ од 2002 год. Измените и дополнување од 2004 год.[64] измените од 2008 год.[65] Како и измените од 2009 година[66]). Дојде до расплинување на членовите и заострување на казните за сторителите. Она што порано беше оскудно орудие за борба со овој криминалитет сега е трансформирано во детална, сестрана подлога на која сериозно може да се потпре практичното сузбивање на трговијата со живи човечки суштества.

Меѓутоа кога се зборува за развојот на казненото законодавство токму за трговијата со луѓето можеби би требало да се вратиме и неколку децении наназад односно до старите сојузни закони. Имено, старите сојузни закони не познавале конкретно кривично дело трговија со луѓе или трговија со жени, со деца, но во дел од членовите може да се најде нитка која ја регулира оваа појава, која тогаш не била толку распространета, ниту во овие форми со кои се среќаваме денес.

Имено, во Кривичниот законик на СФРЈ (Сл. весник 44/76, во сила од 01.07.1977 година) предвидено е во главата на кривични дела против човечноста и меѓународното право во член 155 -засновање на ропски однос и превоз на лица во ропки однос. Битието на делото се состои во тоа што сторителот става друг во ропски однос или врши трговија со лица што се наоѓаат во ропски однос или поттикнува друг да ја продаде својата слобода или слободата на лицата што ги издржува. Во став од цитираниот член законодавецот предвидел казна затвор за сторител кој превезува лица што се наоѓаат во ропски однос од една земја во друга.

## 1.1 Сузбивањето на трговијата со луѓе -со деца гледано низ призмата на македонското кривично законодавство од осамостојувањето, со измените и дополнувањата на Кривичниот законик

[64] Службен весник на Р. Македонија, бр.19/04 од 30.03.2004 година.
[65] Службен весник на Р. Македонија, бр. 7/08 од 15.01.2008 година.
[66] Службен весник на Р. Македонија, бр.114/09 од 14.09.2009 година.

Првата Македонска кодификација на казненото право во Република Македонија од 1996 година значеше расчистување со остатоците од поранешниот социјалистички систем кој постоеше во државата и воведување на законодавство кое ќе соодвествува на новите демократски вредности кои ги зема за базични денешното државно уредување.[67]

Истакнавме дека и во стариот сојузен закон не постоеше посебен член кој би ја регуларал ова проблематика. Но во тој закон постоеше член ,,Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос,, .[68] Дејствието на извршување се состоеше во ,,ставање друг во ропски однос или вршење трговија со лица што се наоѓаат во ропски однос, или поттикнување друг да ја продаде својата слобода или слободата на лицата што ги издржува. Предвидена била казна затвор од една до десет години, а законодавецот во овој член предвидел затворска казна, иако многу поблага , за лице кое превезува лица што се наоѓаат во ропски однос од една земја во друга. Ова кривично дело беше сместено во глава посветена на кривични дела против човечноста и меѓународното право.

Во првиот кривичен законик на самостојна Македонија, исто така не постоеше посебен член кој би го опфаќал делото трговија со луѓе, како посебно кривично дело со сите негови појавни облици и карактеристики. Последователно не постоеше ниту законска дефиниција за тоа што би претставувало трговија со луѓе. Свеста за фактот дека трговијата со лица е проблем кој постои години наназад, само доведе до констатација дека законодавство кое во дваесетиот век зачекорило без посебна инриминација за ова кривично дело треба да подлежи на реформа.[69]

---

[67] Првиот кривичен законик на Р.М е усвоен од Собранието на Р.М на 27 јули 1996 и се применува од 1 ноември 1996 година, Службен весник на РМ 37/96 од 29 јули 1996 година.

[68] Член 155 од КЗ на СФРЈ( Службен лист на СФРЈ 44/77, во сила од 01,07,1977 година).

[69] Оваа материја, донекаде, е регулирана со членот 418 за *засновање на ропски однос и превоз на лица во ропски однос*, кој неизменет постои до денес во Кривичниот законик, што само заборува за различната покриеност на материјата со овој член и оној кој треба да го уреди делото трговија со луѓе и огромната нужност од истиот. Исто така, тогашниот член 210– *недопуштено пресадување делови од човекото тело,* став 4 кој сеуште е непроменет и постои и во денешниот КЗ, би можело да се каже дека донекаде ја регулира материјата за тргување со човечки органи, сепак недоволно, и со причина сеуште постои во КЗ и не се коси со сегашното опфаќање на

Потоа, потребата да се постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување во борбата против овие појави во Република Македонија, Владата на Република Македонија донесе Одлука за формирање на Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија.[70] Врз основа на оваа Одлука, Владата донесе Решение за именување национален координатор и членови на Националната комисија.[71] Националната комисија има задача да ја следи и анализира состојбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција и да ги координира активностите на надлежните институции, меѓународните и невладини организации кои се вклучени во решавањето на проблемите во оваа област. Додека, Секретаријатот е тело кое функционира во рамките на Националната комисија, а секретарот ги реализира одлуките на Комисијата и го претставува ова тело, во кое учествуваат и претставници од меѓународните невладините организациии(ОБСЕ, ИОМ, УНДП, ИЦМПД, УСАИД, УНИЦЕФ, програмите на Амбасадата на САД – ИЦИТАП и ОПДАТ) експерти од владините институции. Во рамките на Националната комисија етаблирана е подгрупа за борба против трговија со деца.[72]

Следејќи го трендот на големите промени на меѓународната сцена , изродувањето на мноштво меѓународни договори и акти кои ги штитат човековите слободи и права, а кои нашата држава ги прифати како битни, дојде до промена и дополнување на Кривичниот законик во 2002 година, која е од огромно значење за борбата против трговијата со луѓе.

На овој начин се создаде терен за инкриминирањето на трговијата со луѓе како посебно кривично дело. Се воведе членот 418 – а, трговија со луѓе. [73] Членот 418 – а кој е воведен, многу наликува на регулирањето на оваа материја во соседните држави, Србија и Црна Гора. Имено, во првиот став беше опфатена

материјата во делот за трговијата со луѓе. Во оваа насока е и членот 198 – *одземање на малолетник,* кој е задржан неизменет, а кој постоел и во КЗ од 1006 година.

[70] Одлуката е објавена во „Службен весник на РМ“, бр. 18/2001.

[71] Решението е објавено во „Службен весник на РМ“, бр. 19/2001, 26/2002.

[72] Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија, Влада на република Македонија, Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија, Скопје, 2006 година.

[73] Член 418-а од КЗ на РМ( Службен весник на РМ 4/02).

првата законска дефиниција во Република Македонија за ова дело, според која трговија со луѓе е на сила или со сериозна закана или други форми на присилба, грабнување, измама, злоупотребување на сопствена положба или состојба на немоќ на друг, или со давање или примање на пари или друга корист за добивање согласност на лице кое има контрола над друго лице, врбување, превезување, пренесување, купување, продавање, засолнување или прифаќање на лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или слугување, ропство или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело.

Во став 2 од цитираниот член е регулирано сторување на кривичното дело спрема деца или малолетни лица, а заради експлоатација од став 1. Законодавецот предвидел казна најмалку 5 години затвор. Регулирањето на материјата за трговија со малолетни лица е инкорпорирана и подведена во истиот член, но во посебен став, и за таквата се пропишани построги казни.[74] Интересно е тоа што во поглед на заштитата на малолетни лица, се користат двата термина – *деца и малолетни лица,* кои во ставот 2 од членот 418 – а се ставени алтернативно, што значи дека се прави разлика помеѓу деца-жртви и малолетни лица-жртви на трговија со луѓе, па согласно тоа делото може да биде извршено врз дете или врз малолетно лице, а не постои законско објаснување за различниот опфат на овие два термина.

Скоро непроменет, ваквиот законски опис на делото постои и денес во нашиот КЗ.

---

[74] За основниот облик на делото, сторителите се казнуваат со најмалку четири години затвор (пропишан е само законски минимум), а доколку некој врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа деца или малолетни лица заради остварување на било што од она што е предвидено како експлоатација во законската дефиниција на трговијата со луѓе, ќе се казни со казна затвор од најмалку пет години. Истата казна е предвидена и за оние кои организираат вршење на делото како спрема малолетни така и спрема полнолетни жртви. Согласно измените од 2002, инкриминирано е и самото одземање или уништување на лична карта, пасош или било каква друга исправа со цел вршење на трговијата со лица во целост, и е пропишана затворска казна од шест месеци до пет години. Исто така членот опфаќа како казниво и самото овозможување на друг користење на сексуални услуги од лица за кое знае дека е жртва на трговија со луѓе. Казната за ваквото овозможување за сторителот е, за полнолетни жртви од шест месеци до пет години, а доколку како жртва се појават "деца или малолетни лица" најмалку четири години.

И покрај можеби одредени недостатоци кои ги има КЗ по оваа измена, сепак со неа е превземан сериозен и значаен потфат за државата во поглед сузбивањето на трговијата со луѓе на нашата територија.

Во 2004 година се случија клучни дополнувања и измени на кривичниот законик во поглед на законската опфатеност за ова дело, но исто така дојде и до опаѓање на меѓународната оценатa за Македонија.[75] Покрај тоа што се направи измена на членот 418-а, додадени се и нови два члена кои ја регулираат материјата за криумчарење на мигранти и организирањето на група и поттикнувањето на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење мигранти.[76] Законската дефиниција за основниот облик на делото трговија со луѓе е збогатена, прво со тоа што како еден од начините за вршење на делото е воведен и доведување во заблуда на друг за вршењето на експлоатацијата, а исто така и со искористување на состојба на бременост, физичка или ментална неспособност на друг, покрај веќе споменатата немоќ.

Од друга страна се изврши надополнување и додадени се и начините на експлоатација кои опфаќаат активирање на делото трговија со луѓе, па воведени се порнографија, склучувањето на присилни бракови, присилната фертилизација, незаконското посвојување и други слични односи. Во останатиот дел, законскиот опис остана непроменет. Понатаму воведени се и ставови кои се однесуваат на правните лица како сторители на делото, што значи, законски се предвидува можноста да како вршители на трговијата со луѓе се јават и *правни лица*, кои доколку го сторат тоа се казнуваат парично. Согласно член 100 од КЗ за одземањето на предмети и условите за одземање на предмети што настанале со вршење на кривично дело, воведен е и нов став во членот 418-а, во кој е предвидено да предметите и превозните средства употребени за вршењето на делото се одземаат, што е сосем логично и во согласност со уредената на нашето

[75] Од земја која беше во групата земји Тиер 1, влезе во групата Тиер 2, и таму се задржа до 2008 година кога и се случуваат наредните реформи на кривичниот законик во поглед на трговијата со луѓе.

[76] Преку нив, доаѓа до подетално регулирање на материјата и издвојување на делото криумчарење на мигранти од трговијата со луѓе како посебно кривично дело.

кривично законодавство. Како резултат на препораките од меѓународните фактори доаѓа и до заострување на законски предвидените казни за сторителите.[77]

Посебно што треба да се напомене е тоа дека се изврши заострувањето на казните за лицата кои учествуваат во вршењето на делото над малолетник.[78] Иако сè уште не доаѓа до сепарација на ова дело од основниот облик, сепак заострувањето на казните јасно укажува на будноста и свесноста на државата за големината на проблемот.[79] Ставот кој го опфаќаше организирањето на вршењето на ова кривично дело се брише за сметка на воведениот нов член, 418-в, кој носи наслов - организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење на мигранти.[80]

Измените и дополнувањата на Кривичниот законик во почетокот на 2008-та година беа направени во целост, во духот на меѓународните потреби за поставување добра основа за сузбивање на трговијата со луѓе во сите нејзини појавни облици. Пред се, се направи неопходната дистинкција меѓу трговијата со луѓе и трговијата со малолетни лица и на последната и се даде соодветното место во КЗ преку издвојување во посебна инкриминација.[81] Ваквото издвојување резултираше со бришење на ставовите во членот 418-а кои се однесуваа за малолетниците-жртви на трговијата со луѓе. Но овој член претрпе и други измени. Се воведе став кој нагласува дека согласноста на жртвата заради намерата за

---

[77] За уништувањето на документите за лична идентификација со цел вршење на трговијата со луѓе, казната затвор е заострена и е воведена само долна граница од *четири години*, наспроти поранешната долна граница од шест месеци. Поприлично ригорозно.

[78] Според тогашната терминологија- деца и малолетни лица.

[79] Па, доколку некој врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа деца или малолетни лица заради експлоатација, ќе се казни со казна затвор *од најмалку осум години* Со тоа е подигнат законскиот минимум од претходно предвидените пет години затвор за сторителите. Истата казна е предвидена и доколку некој овозможи на друг користење на сексуални услуги од дете или малолетно лице за кое знае дека е жртва на трговија Зголемена од претходниот законски минимум за ова дело кој изнесуваше четири години затвор за сторителите.

[80] За организаторите е предвидена казна затвор од најмалку осум годдини, за припадниците во некоја веќе организирана група, банда или здружение кои истите ги помагаат, воспоставена е казна затвор од најмалку една година. Сепак е предвидена и можноста за ослободување од казна на припадник кој ќе ја открие групата пред да биде сторено кривичното дело во нејзиниот состав. За лицата кои повикуваат, поттикнуваат и подржуваат вршење на делото трговија со луѓе (и криумчарење на мигранти) е предвидена казна затвор од една до десет години.

[81] Нешто поради кое Република Македонија предничеше во оваа област од земјите во регионот и кое имаше огромен удел во тоа Македонија повторно да се врати во групата држави Тиер 1.

експлоатација е ирелевантна за постоење на делото. [82] Исто така и став со кој се санкционира и самиот обид за вршење на ова дело. Исто така, должноста за одземање на предмети и превозни средства употребени при вршење на делото се прошири и над недвижностите кои се искористени при вршењето на трговијата со лица.

Сепак, битна новина секако беше воведувањето на членот 418-г – "Трговија со малолетно лице". Малолетните жртви, освен посебниот третман кој секако треба да го добиваат поинтензивно и повнимателно отколку полнолетните жртви на трговијата, поради нивните специфичности кои произлегуваат од возраста и развиеноста, заслужуваат да бидат посебно третирани, првенствено во законодавството.

Она што претставува единствен законски опис на делото трговија со луѓе во член 418-а став 1 од КЗ, тука, во инкриминацијата за малолетниците, се чини е раздвоен и адаптиран на способноста на малолетниците, и од него создаден основен и квалифициран вид од делото. И овде, како алтернативни дејствија на извршување на делото се дадени: врбување, превезување, пренесување, купување, продавање, засолнување или прифаќање малолетно лице заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човеково тело. Сепак, доколку делото е сторено со сила, доведување во заблуда со сериозна закана, со грабнување, измама, злоупотреба на положба, состојба на бременост, немоќ, физичка или ментална неспособност на друг, давање или примање пари за стекнување  согласност на лице кое има контрола на друго лице, сторителот ќе се казни построго. Во првиот случај, сторителот се казнува со казна затвор од најмалку осум години, а во вториот најмалку десет. Казните се доста ригорозни и во согласност со меѓународните стандарди. Преку висината на казната се гледа сериозноста на државата за

[82] Воведено под влијание на меѓународните акти, слично како и во Српското законодавство, особено заради усогласување на нашето законодавство со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца од Палермо, 2000 година.

посебното третирање на трговијата со малолетни лица и нејзино многу потрагично доживување, од причини што колку и да е трагична за било кого улогата на жртва во трговија со лица, сепак остава подлабоки лузни во животот на сеуште неоформена личност и може да го усмери неговото развивање во сосема неправилна насока. Ставот кој порано беше дел од основниот член за трговија со луѓе, во кој беше опфатено користењето или овозможувањето на друг да користи сексуални услуги од малолетник кој бил жртва на трговија со луѓе, а истиот го знаел тоа или бил должен да знае[83], сега е дел од новиот член и се казнува исто како и претходно, како и одземањето или уништувањето на идентификациона исправа заради вршење на експлоатацијата над малолетници окарактеризирана во законот како трговија со малолетни лица. И овде е наведено дека согласноста на лицата за постоење на делото е ирелеванта, меѓутоа тука не е акцентирано "согласноста на жртвата...заради намера за експлоатација", туку, согласноста за сите дејствија воопшто превземени на план на трговија со малолетниците.

Како и да е, измените и дополнувањата од 2008 година на КЗ за зајакнувањето на борбата за сузбивање на трговијата со малолетни лица на нашата територија, а и за целокупната трговија со лица која транзитно или стационирано се одвива на ова подрачје, со право, можат да го добијат епитетот најбитни. "Со ваква регулатива, Македонија спаѓа во групата на земји во светот кои го третираат прашањето на побарувачката како еден од факторите што се во директна корелација со постоењето и развојот на трговијата со луѓе"[84].

Дополнувањата и измените на КЗ кои се случија во септември 2009 година не направија драстична разлика од она што веќе беше востановено на овој план. Сепак дополнувањето укажува на перманентното следење на ситуацијата во нашата држава на овој план и адаптирање на законодавството кон реалноста и потребите за ефикасно сузбивање на трговијата со лица.

---

[83] "Бил должен да знае" е новина, порано се санкционираше само доколку лицето знаело дека малолетникот е жртва на трговија со луѓе, инкриминацијата опфаќа и можност делото да биде извршено од правно лице, и го третира исто како и во членот за трговија со луѓе воопшто, како и за искористените недвижности, предмети и превозни средства употребени за вршење на делото.

[84] Велкоска,В. Трговијата со луѓе и илегалната миграција перцепирани од главните актери во кривичната постапка, Коалиција "Сите за правично судење", ЕМИТЕР-Скопје, 2008 год.

Во членовите "трговија со луѓе", "криумчарење мигранти" и "трговија со малолетни лица" беа внесени одредби за квалифицирани облици на делата со оглед на карактеристиките и својствата на сторителот. Имено, предвидено е построго казнување доколу сторителот е службено лице кое делата ги врши во вршењето на службата.[85]

Избришан е ставот кој го санкционираше обидот за вршење на делото трговија со луѓе. Напротив, потребно е да се придодаде став со кој ќе се санкционира и обидот за вршење на делото трговија со малолетни лица, што е вметнато како активност во правните реформи на "Акцискиот план за борба против трговија со деца во Република Македонија, 2009-2012 година" на Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Подгрупа за борба против трговија со деца[86].

Со измените од 2014 година веќе имаме промена во насловот на членот 418-г и сега се заменуваат зборовите ,,малолетно лице,, со зборот ,, дете,,.

Токму со овие измени, целиот став 1 во член 418-г се менува па така сега истиот гласи ,, Тој што ќе подведе дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете или врбува, превезува, пренесува, купува, продава или нуди за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација по пат на негово користење во сексуални активности за паричен или друг надоместок или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или изнудување согласност како посредник да се посвои дете, недопуштено пресадување на делови од човеково тело,ќе се казни со затворнајмалку осум години,,.

Со измените од 2015 година се дополнува членот 418-г на начин што во став 1 покрај формите принудна работа или слугување сега допрецизирани се и други

[85] За трговија со луѓе, во овој случај, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку осум години, а за криумчарење мигранти и трговија со малолетни лица најмалку десет години затвор.
[86] Првиот Акциски план за борба против трговија со деца беше усвоен од Националната комисија во март 2006, како дел од Стратегијата и Акцискиот план на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Овој план (2009 – 2012) е изменета и надополнета верзија на првиот акциски план.

форми како питачење или експлоатација заради со закон забранета активност.

Во став 2 после контрола на друго лице се изврши дополнување во начин на извршување спрема објектот на извршување односно се додаде или делото е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години. Во став 3 исто така одстранет е поимот ,,малолетно лице ,, на негово место сега е поимот ,,дете,,. Законодавецот интервенирал и на начин што после став 3 додал нов став (4) кој ги санкционира корисниците на услуги. Корисникот на сексуални услуги од дете кое не наполнило 14 години, законодавецот предвидел дека ќе се казни со затвор најмалку 12 години.

Сега веќе , со направените измени имаме скоро целосно нов член каде трговијата е определена со поимот дете, не стои повеќе поимот ,,малолетно лице,,. Ова кривично дело е сместено во глава триесетичетврта каде се сместени кривични дела против човечноста и меѓународното право

**Трговија со дете - член 418-г од Кривичниот закон**

Став еден од цитираниот член предвидува дека тој што ќе подведе дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете или врбува, превезува, пренесува, купува, продава или нуди за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација по пат на негово користење во сексуални активности за паричен или друг надоместок или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, питачење или експлоатација заради со закон забранета активност, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или изнудување согласност како посредник да се посвои дете, недопуштено пресадување на делови од човеково тел. Предвидена е казна затвор од најмалку осум години. Она што прво се забележува е дека нашиот законодавец во став еден предвидел повеќе дејствијата на извршување на ова кривично дело како и широка палета на причините заради кои истото се врши.

Понатаму, во став два законодавецот предидел дека тој што делото од став 1 ќе го стори со сила, сериозна закана, со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице или делото е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години. Во случајов казната затвор е најмалку десет години.

Квалификацијата во став три е дека тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од дете за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе. И во овој случај предвидена е казна со затвор од најмалку осум години.

Став четири предвидува затворска казна од најмалку 12 години за корисникот на сексуални услуги од дете кое не наполнило 14 години.

Законодавецот предвидел дека ќе се казни и тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставовите 1 и 2. Казна затвор од најмалку четири години. Поригорозни се казните доколку делото од погорецитираните ставови го стори службено лице во вршењето на службата. Запретената казна во случајов е затвор најмалку десет години.

Заложбата на законодавецот да застане на патот на овој вид криминалитет се потврдува и во фактот дека е предвидено согласноста на детето со дејствијата предвидени во став 1, не е од значење за постоењето на кривичното дело од став 1. Како и со фактот дека во случај делото од овој член го стори правно лице, истото ќе се казни со парична казна. Понатаму , се оди и подалеку во казнената политика што е предвидено дека недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.

Видно од цитираната одредба произлегува дека има неколку облици на делото : подведување дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете, врбување, превезување, пренесување, купување,

продавање или нудење за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација .

Потоа тука е потешкиот облик насилно извршување на тие дејствија.

Користење или овозможување сексуални услуги на експлоатираното дете жртва, па уништување на идентификациска исправа. Дејствието на извршување е самиот чин на подведување дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете, врбување, превезување, пренесување, купување, продавање или нудење за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација. Целта на дејствието е експлоатација на детето за проституција, други форми на сексуална експлоатација, порнографија принудна работа, принудни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување.

Ова кривично дело е умислено – сторителот знае дека лицето е малолетно-дете.

Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат, тука се применува член 100-а од КЗ.

## 2. Сузбивање на трговијата со луѓе во Република Македонија

### 2.1 Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција

Од причини што трговијата со лица се спротивставува на основните одредници и постулати на Република Македонија за заштита на основните човекови слободи и права, потоа фактот на постоење на можноста за купување и продавање на човечко суштество значи ништо друго туку сурова повреда на основните принципи и вредности на кои е поставен нашиот уставен поредок,

Владата на Република Македонија има донесено Одлука во 2001 година за формирање на Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија.[87] "Согласно Одлуката, Националната комисија има задача да ја следи и анализира состојбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција и да ги координира активностите на надлежните институции, меѓународните и невладини организации кои се вклучени во решавањето на проблемите во оваа област."[88] Во декември 2003 година во рамки на Комисијата е воведена Подгрупа за борба против трговија со деца која треба да ги превзема активностите во насока на "заштита на децата во Македонија од трговија и експлоатација, зајакнување на заштитата на малолетните жртви на трговија со луѓе и координирање на соработката помеѓу членките на Подгрупата".

Со цел постојано подобрување на законската рамка која претставува основа во борбата за сузбивање на трговијата со луѓе, а со тоа и подобрување на ефикасноста на институциите и нивниот удел во ваквата борба, Националната комисија го има донесено Националниот Акционен План, чија прва иплементација траеше од 2006 до 2008 година, планот за периодот од 2009-2012 година. Исто така донесена е и Националната стратегија за справување со трговијата со луѓе. Новиот НАП и новата Стратегија за борба против трговијата со луѓе се резултат на потребата од поинаков пристап на општеството кон овој вид на организиран криминал. "[89]

Националната комисија во март 2006, како дел од Стратегијата и Акцискиот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, го усвои Првиот

[87] Одлука објавена во Службен весник на Република Македонија, бр. 18/2001.
[88] Превземено од официјалниот сајт на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, About the commision, http://www.nacionalnakomisija.gov.mk/; [112] ibid, Group children trafficking.
[89] Од Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Македонија, Влада на РМ, Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, достапна на http://antitrafficking.blog.mk/files/2010/02/NAPmakedonski2.pdf.

Акциски план за борба против трговија со деца. [90]И тука, за периодот од 2009-2012 година е усвоена изменета и надополнета верзија на првиот акциски план.

## 2.2 Националната Стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2017-2020 (2009-2012)

Националната Стратегија и Акцискиот план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција изготвена за периодот 2017 до 2020 година (четврта по ред во нашата држава) го третира проблемот на трговијата со луѓе како сериозна форма на организиран криминал на овие простори но и пошироко, посебно ако се има предвид дека овој криминал претставува опасност за безбедноста и стабилноста на РМ, истиот воедно е и најлоша форма на кршење на човековите права. Треба да се напомене дека последната верзија на стратегијата е во согласност со последната Стратегија на ЕУ за искоренување на трговијата со луѓе (2012-2016). Затоа како работни цели поставени во Стратегијата се поттикнување на заедничко разбирање за клучните и суштинските вредности на човековите права во борбата против трговијата со луѓе. Мисија поставена во - Стратегијата е одредувањето на стратешки приоритети за борбата против трговијата, дефинирањето на специфични задачи за одговорните институции, првенствено и усогласување на ваквите институции и нивните активности како на локално така и на регионално ниво, подобрување на квалитетот на услугите наменети за жртвите на трговијата интезивирање на истрагата, кривичното гонење и осудување на сторителите (исто така нагласено).

Националниот акциски план во себе инкорпорира планирани координирани активности на сите учесници во борбата за сузбивање на трговијата со лица како и обезбедување на широка политичка и финансиска подршка за

[90] Националната комисија е меѓу-министерско тело составено од повисоки претставници од следниве министерства: Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за надворешни работи, Министерство за образование и наука, Министерство за правда, Министерство за здравство, Канцеларијата на Државното јавно обвинителство, Основниот суд 1 во Скопје и Царината.

реализација на сите предвидени активности.[91] Во него се разработени целите кои се поставени во Националната стратегија со тоа што за секоја поставена цел е дефинирано кои активности ќе се превземат, кои институции се надлежни, временска рамка и очекувани резултати од поставената цел, кои се индикатори и носители на буџетот за реализација на активностите.

Националната стратегија е креирана во согласност со Протоколот од Палермо за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, кој беше подетално споменат погоре, и со Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе од 2005 година, ратификувана од законодавното тело на РМ.[92] Преку неа се нагласува согледувањето на Владата на РМ за проширување на спектарот на интерес и активности кои треба да бидат превземани за сузбивање на трговијата со луѓе, и дислоцирање на истите од она што беше порано единствен предмет на интерес – сузбивање на трговијата наменета за сексуална експлоатација, на останатите форми на трговијата со луѓе, особено правење напори за сузбивање на трговијата заради експлоатација на работна сила.

Водечки принципи на кои се темелеше претходната Стратегијата се првенствено, Владина одговорност за истата како и учество на граѓанското општество, потоа третман на жртвите заснован врз човекови права, интердисциплинарна координација и учеснички пристап и одржливост.[93]

Пред таа стратегија, која беше успешно оценета од меѓународната сцена, имаше за цел развивање на поставената визија за подобра правна рамка, што и успешно беше спроведено. Активноста која треба да се спроведе на план сузбивање на трговијата со лица, новата Стратегија ја насочува кон усовршување на имплементацијата на постојните механизми и развивање на оперативни и

[91] Подетално во Воведот на Националната Стратегија и Акцискиот План, Цел и методологија за развој на Националната стратегија и Акцискиот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2009-2012.
[92] Совет на Европа, Конвенција за борба против трговија со луѓе, Варшава, 16.V.2005, Совет на Европа Серија договори бр. 197; Закон за ратификација усвоен на 14 април 2009, Службен весник 49/2009.
[93] Подетално во: Водечки принципи на Националната стратегија и Акцискиот план против трговијата со луѓе и борбата против илегалната миграција, Националната Стратегија и Акцискиот План, 2009-2012.

практични алатки во согласност со меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ.[94] Во оваа насока и нагласено е дека клучно за успех во сузбивањето на трговијата со лица е правењето на ваков објективен мониторинг и проценка на адекватното реализирање на планираните активности. Затоа е воведен и еден нов актер, битен за зајакнување на борбата против трговијата. Се работи за воведување на фигурата Национален известувач чија основна функција е перманентно собирање и анализа на податоци за трговијата со луѓе и доставување на годишни извештаи до Комисијата, а и до јавноста.[95]

Стратешките цели кои ги има поставено Комисијата, и детално разработено, се поделени во четири групи/глави: стратешки цели за поддржувачка рамка, за превенција, за подршка и заштита на жртвите на трговија со луѓе и миграција и за истрага и кривично гонење на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти.

При вршење на анализа на домашната ситуација во врска со трговијата со луѓе, Комисијата има констатирано дека по кризата во Косово доаѓа до намалување на бројот на жртви со странско државјанство како резултат на повлекувањето на бегалците во матичната држава, а за таа сметка, доаѓа до зголемување на бројот на жртви со македонско државјанство, особено жени и деца пренесувани од источни рурални средини до урбани подрачја во Западна Македонија. Констатирано е и зголемено изложување на локални групи ранливи на трговија со лица и илегална миграција. Согласно нивните статистики, се гледа намалување на извршениот криминал окарактеризиран согласно КЗ како трговија со луѓе (по член 418-а), од 2004 до 2008 година, а со тоа и намалување на бројот на сторители и жртви.

## 2.3 Акциски план за борба против трговија со деца 2009-2012

[94] Зајакнување на флексибилноста на борбата против трговијата со луѓе и за таа цел, усвојување на годишни оперативни планови, како и обезбедување на ефективна имплементација на Националниот акционен план преку системски мониторинг и евалуациона политика.

[95] Првиот извештај на Националниот известувач за борба против трговијата со луѓе е од декември 2009 година и содржи статистички податоци за откриените случаи на трговија со луѓе, криумчарење мигранти и состојбата со илегалната миграција во 2009 година со компаративен преглед на податоците од 2008, како и опис на два карактеристични случаи од извештајниот период во кои како жртви се јавуваат малолетни девојки заради трудова.

Заедно со националната Стратегија и Акцискиот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, за периодто од 2009-2012 година од страна на подгрупата за бобра против трговија со деца, во состав на Националната комисија, е изработен и Акциски план за борба против трговија со деца. Првиот Акциски план за борба против трговија со деца беше усвоен од Националната комисија во Март 2006 година, како дел од Стратегијата и Акцискиот план на националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Овој план за периодот од 2009-2012 година е изменета и надополнета верзија на првиот акциски план. Истиот е изготвен со цел усогласување на борбата за сузбивање на овој криминалитет на нашите простори со меѓународните документи, како во поглед на законадавната рамка така и во нејзиното практично реализирање. Имено, со него се води кон тоа да сузбивањето на трговијата со деца овде е во согласност со документите кои нашата земја ги има ратификувано и кон кои треба да се наклонува при разработка на стратегии за сузбивање на криминалитетот.[96] Па во согласнот со нив, а особено со Конвенцијата за права на детето, самиот Акциски план е етеблиран врз четирите основни начела :заштита на правата на детето, право на опстанок и развој, учество на децата во донесување на одлуки што се однесуваат на нивните права и интереси и нивно влијание во сите прашања поврзани со нивните права и интереси, и следење на најдобриот интерес на децата при креирање на целокупната политика во државата за борбата против трговијата со децата.

Основната цел на која се базира Акцискиот план за борба против трговија со деца е постигнување на "заштита на децата во Република Македонија од илегална трговија и експлоатација и давање на приоритет на правата и

[96] Се работи за Конвенцијата за правата на детето, меѓународните документи за човекови права особено факултативниот протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија кон Конвенцијата за правата на детето, Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал и Протоколот за превенција , спречување и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца и на Светки план за акција.

интересите на детето".[97] Преку него да се "обезбеди на Република Македонија средства и механизми за имплементација на заложбите за борба против трговија со деца и унапредување на координацијата меѓу сите институци и организации кои работат на борба против трговијата со деца." Со Акцискиот план за борба против трговијата со деца се обединуваат сите задачи и цели што Република Македонија треба да ги преземе за да се спречи трговијата со деца и да се заштитат децата жртви на трговијата, врз основа на начелата на еднаквост, достапност, квалитет и ефикасност.

Во делот за правните реформи кои треба да бидат направени на ова поле, како цел се поставува воспоставување на сеопфатни мерки за превенција, заштита и кривично гонење и се предвдува да до крајот на 2012 година се изготват предлог измени и дополнувања на прописите кои досега ја регулираат оваа материја и да се донесат нови закони кои во себе содржат мерки за превенција, заштита и кривично гонење кои ќе бидат во согласност со меѓународните прописи и стандарди.[98] За Кривичниот законик е предвидено да се внесе одредба со која се казнува и обидот за вршење на трговија со малолетни лица како и да се смета за квалифициран облик доколку делото е сторено до страна на родители или службени лица и истото да се внесе како посебна одредба во КЗ. Процесното право и постапката да се збогатат[99] како и Законот за социјална заштита.[100] Се предвидуваат измени во Законот за странци. [101] Измени Законот за бесплатна правна помош[102] и Законот за основно и средно образование[103].

---

[97] Акциски план за борба против трговија со деца во Република Македонија, 2009-2012, Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Подгрупа за борба против трговија со деца.

[98] Истата цел и очекувани резултати се среќаваат во Акцискиот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.

[99] Во Законот за кривична постапка можност за децата - жртви на трговија кои сакаат и се во состојба да сведочат во постапките против лицата вклучени во синџирот на трговијата со деца, имаат право на лице придружник кој ќе им помага и ќе ги придружува во сите постапки и пред сите органи и институции.

[100] Одредба со која што во рамките на обврската за формирање на прифатилишта за жртвите на трговијата со лица се додаде и обвска за создавање посебни услови за децата – жртви.

[101] Посебна одредба со која ќе се регулира сместувањето на малолетни жртви на трговија, странски држављани во посебно одделение во Прифатниот центар за странци.

[102] Одредба за задолжително обезбедување на бесплатна правна помош во кривичната постапка во која жртви на трговија се деца.

Предвидено е подобрување и во делот на превенцијата и превентивните активности кои треба да се преземат како основа за успешна борба со трговијата со деца. Поставено како цел е подобрување на едукацијата на децата и подигање на целокупната јавна свест за проблематиката. Затоа се смета дека е потребно поголема инволвираност на Центрите за социјални работи и Министерството за внатрешни работи, како клучни институционални фигури во третирањето на проблемот со трговијата со деца и отворање на 6 дневни центри за деца на улица. Се смета дека е потребно и работење по однос на начинот на известување на новинарите кои известуваат за децата – жртви, како и на невладините организации кои работат со деца, дека треба да имаат зајакнати капацитети за спроведување на превентивните програми.

Акциониот план, согласно препораките на Стејт Департментот и меѓународните стандарди, исто така ја разработува и потребата од јакнење на Човечките и инситуционални капацитети за идентификација на деца во ризик и деца жртви на трговија со луѓе, како и потребата од воспоставување на минимум стандарди за помош, третман и заштита на деца-жртви на трговијата на децата – жртви и деца сведоци. Како цел е поставено да до крајот на 2012 се национален систем за следење на спроведувањето на стандардните оперативни мерки, а со тоа да се воспостави и систем за рехабилитација, реинтеграција и безбедна репарација на децата – жртви, што во Националната стратегија и Акциски план како цел е поставено и за сите жртви на трговија со луѓе воопшто. Предвидено е дека е потребно работење и унапредување и на соработката на национално и меѓународно ниво со цел поуспешна борба со трговијата со деца. Мониторинг на имплементацијата на Акцискиот план за борба против трговија со деца ќе се врши од страна на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија преку Подгрупата.

## V ГЛАВА

[103] Да се воведе изучување на човековите права како задолжителна содржина во наставните планови и програми во сите степени на основно и средно образование и да се вклучата децата во училиштата во донесувањето на одлуки што се однесуваат на нивните права и интереси.

## Видови на трговија со деца

### 1.Видови и начини на вршење на трговијата со деца

Токму поради специфичните карактеристики кои произлегуваат од возраста на жртвите при трговијата со деца, нив ги подведуваме под она што претставува посебна заштита на деца и малолетници од криминалните однесувања на возрасните лица, поврзана со посебна казненоправна заштита на истите која опфаќа правни норми со кои се инкриминираат делата кои ги повредуваат нивниот живот, телесниот интегритет, здравје, сексуалната личност и воспитувањето.[104] Со донесување на Законот за малолетничка правда се покрива материјата за заштита на малолетниците-жртви на кривични дела, со тоа што заштитата се поврзува со востановување на Фонд за обештетување на ваквите жртви (од член 137 до член 143).[105] Тука посебно се напоменува дека овој закон повеќе не е во сила. Сега во примена е Законот за правда на децата( Сл. весник на РМ 148/13 од 29.10.2013 година, започна со примена од 01.12.2013 година).

Уште во воведот од овој труд, беше споменато дека трговијата со лица заради искористување на нивните функционални органи преку вршење на пресадување на истите, е доста застапен облик на трговија со лица и доста модерен, бидејќи својата кулминација ја достига со развитокот на медицината и техника. Од причини што продажбата со органи е исплатлив бизнис, се вршат чести киднапирања и убивања на деца и бездомници за да подоцна нивните органи се најдат на црниот пазар.[106] Морбиден е и податокот за развивање на една друга насока на трговија со органи од малолетници. Се работи за трговија со

[104]Бачановиќ, О. Кривично правна заштита на малолетни лица – жртви на кривични дела, Зборник на трудови Малолетничка правда, Од идеја до практика, Ван Гог,Скопје, стр 265 – 297.
[105] Закон за малолетничка правда, (Сл. Весник на Република Македонија бр.87/07 од 12.07.2007 год; 103/08,161/08 и 145/10.
[106] Кина се смета за најголем центар на црниот пазар за трговија со органи. Во Јужна Африка, Перу и Колумбија има висока стапка на киднапирања заради продажба на органи.

делови од телото, органи, кожа, крв на бебиња кои биле абортирани, фетуси стари од неколку недели, па се до наполнети девет месеци. Ваквата трговија се прави за научни цели, поточно, да ги задоволи потребите при истражувања на факултети, фармацевтски компании и владини агенции низ светот. Тука треба да се спомене и "трендот" на мистериозно исчезнување на деца. Родителите, кои беа првите осомничени дека извршиле продажба врз истите, со сигурност за медиумите изјавуваа дека се работи за грабнување на нивните деца со намера истите да бидат искористени за органи.

Во последните децении, во рамките на трговијата со деца се издиференцирал и еден посебен вид на организиран криминал во рамките на оној за тргување со деца, наречен - "беби - мафија". "Под „беби мафија“во потесна смисла се подразбира низа криминални активности насочени кон илегално посвојување деца. Во поширока смисла, под „беби мафија“се подразбираат разни злоупотреби на деца во криминални цели, со цел за стекнување на противправна имотна корист."[107] Инаку, тргувањето со бебиња како криминалитет заради посвојување, на нашиве простори е најмногу развиен во Република Србија, за што беше споменато погоре и каде постои цела развиена криминална мрежа која и денес добро функионира.

Процесот на трговија со деца и бебиња за посвојување опфаќа повеќе фази: „регрутирање на детето“, предавање на детето на нарачателот, „легализација“ на илегалното адоптивно сродство и експлоатирање на настанатото квазилегално адоптивно сродство.

Може да се каже дека како подоблик на ваквата трговија, со ваква цел е и сурогатството. Всушност, преку сурогатството, брачни двојки, првенствено оние кои неможат да имаат деца (што веќе и се злоупотребува во светот онаму каде е дозволено), добиваат можност да станат родители.[108] "Но токму ваквиот момент

[107] Мијалковиќ, Саша, Милошевска, Тања, Трендови на незаконска трговија со деца, бебиња и човечки органи – нов предизвик на истемот за национална безбедност, 2009 година.

[108] Се работи всушост за еден метод на репродукција во која една жена се согласува да забремени со вметнат ембрион од друга или едноставно кажано ја позајмува својата матка. Во матката на сурогат мајката се всадуваат ембрионите настанати со вештачко оплодување на јајце клетки на

дава простор за многу манипулации, а се отвораат и безброј морални, етички и правни прашања. Пред се, тука е плаќањето и начинот на регулирање на услугата, од каде што произлегува и дилемата дека новороденчето од субјект станува објект и, практично, се продава. Најчесто носителот на бебето бара пари за извршената услуга и тука настануваат многу проблеми. Токму поради тоа, секоја земја и во Европа и во светот на различен начин го има регулирано сурогат мајчинството. " Тука и се отвора можност на трговците за еден поинаков начин на вршење на трговијата со бебиња. Кај нас оваа материја е донекаде регулирана законски со тоа што е забрането сурогат-мајчинството и се вели дека е забрането преку јавен оглас, јавни медиуми или на кој било друг начин да се бара или нуди услуга на раѓање дете за друг. Забрането е и да се договара или спроведува биомедицинско потпомогнато оплодување заради раѓање дете за други лица. Договорите за раѓање на дете за друг, за предавање на роденото дете по раѓањето со паричен надоместок или без надоместок се ништовни.[109] Со истата цел, да се избегне тргување со, се уште неродените бебиња, е забрането и тргување со полови клетки и ембриони, како и  објавување на јавен оглас, со посредување на јавните медиуми или на кој било друг начин, да се бараат или нудат полови клетки или ембриони.[110]

Како посебно ризична група, кај нас но и пошироко, од која се спроведува незаконско посвојување на деца и тргување со нив, со цел да се спроведе ваквото посвојување, е групата на децата од ромската националност.[111]

Позастапен облиик на трговија со деца е – заради нивна трудова сполатација. Еден од начините е кога малолетниците, малолетните девојки се вработуваат како келнерки во угостителски објекти, ги придружуваат гостите (што нешто многу лесно може да се претвори во трговија со малолетници заради сексуална експлоатација) и сл. Најчест проблем, особено кај нас е

---

друга жена, која не е во состојба да ја издржи бременоста. Матката на сурогат мајката потоа девет месеци се користи како инкубатор. Оваа процедура во многу држави е дозволена.

[109] Член 27 од Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување, Сл.Весник на Р.Македонија бр.37 од 19.03.2008 година.

[110] Член 26 од Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување, Сл.Весник на Р.Македонија бр.37 од 19.03.2008 година.

[111] Чачева, В. Трговијата со луѓе-посебно ризична за ромската популација, Годишник на институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, број.1, Скопје, 2006.

искористувањето на детскиот труд за питачење, перење стакла на автомобилите застанати на семафори( ова посебно е застапенот во нашиот главен град каде на секоја поголема раскрсница секојдневно се гледаат деца кои мијат стакла на автомобили), продавање на улици и сл. Во светот, сериозен проблем е и појавата на трговија со деца кои се користат како "јавачи на камили". Јавањето камили е дел од бедуинската традиција што се трансформирала во луксузен спорт во денешните заливски земји, посебно во Обединетите Арапски Емирати. Момчиња на возраст од 16 години или со помала телесна тежина од 45 кг. од Пакистан, Судан, Бангладеш, Мавританија се продаваат, најчесто од нивните родители, но и од агенции за да работат на ранчови како јавачи на камили. Тие во ранчовите се изгладнувани за да имаат што помала телесна тежина, работат по цел ден, а понекогаш се и сексуално злоупотребувани. Денес постои специјално засолниште за рехабилитација и репатријација на малолетните јавачи на камили, основано од полицијата во ОАЕ, кое го имаат посетено сосема мал процент од неофицијалната бројка на деца – јавачи на камили. Останатите, на кои не можат да им се пронајдат родителите за да ги вратат кај нив, се праќаат во соседните земји, со цел да се ослободат од нив.[112]

Би можело да се констатира дека тргувањето со деца заради сексуална експлоатација е најзастапен вид на трговија со малолетници воопшто. Имено, најчести жртви во овие случаи се малолетни девојки, постари малолетнички, кои барајќи полесна заработувачка, со работење во кафани и клубови, завршуваат секусално злоупотребувани од непознати муштерии. Трговците им ветуваат на малолетните добра работа, подобра егзистенција, образование или пак, склучување на брак, меѓутоа од сето тоа доживуваат само пеколна агонија на сексуално искорисување и постојано силување. Многумина од жртвите првенствено и се согласни на подавање на себе си за заработувачка, од кое подоцна не можат и несмеат да истапат, поради стравот кој им го втеруваат трговците и лицата кои ги "купиле".

[112] http://star.dnevnik.com.mk/default.aspx?pbroj=2781&stID=56728 – објавена приказната на момче- жртва на трговија со деца заради вработување како јавач на камила во ОАЕ.

## 2. Трговијата со деца изразена во бројки

Меѓу најголемите проблеми кои произлегуваат од овој криминалитет и од кој се гледа неговата тежина е токму неговата темна бројка. Прво треба да кажеме дека и кај нас и во светот, трговијата со деца и трговијата со луѓе воопшто, е фрапантно поголема отколку што за тоа говори статистиката и истата само се зголемува. Според меѓународните експертизи, на светско ниво, годишно од 600.000 до 800.000 лица, главно жени и деца, стануваат жртви на синџирот на трговија со луѓе.[113]

Првите случаи на трговија со луѓе на територијата на Република Македонија се забележани во втората половина на деведесетите години на минатиот век. Од причини што нашата држава (како што и погоре беше констатирано) не е само земја на извор на жртви на ваквата трговија, туку многу повеќе е транзитно подрачје, најголемиот дел од жртвите, девојки и жени, на возраст од 18 – 24 години (помал дел од девојките се на возраст од 25 – 30 години), се од Молдавија, Романија и Украина, а не помалку и од соседните земји.

Статистичките податоци за поединечни кривични дела во Р. Македонија ги обработува Државниот завод за статистика, што е случај и со делата на трговијата со луѓе, како и Министерството за внатрешни работи. Медиумите, согласно нив, постојано истите ги прават достапни до јавноста. Како и да е, тоа е само еден скромен мал дел, ниту приближно до она што претставува "фрапантна нумеролошка реалност". Заводот сè уште не располага со добро систематизирани и издвоени статистички податоци за делото Трговија со дете, по член 418 – г, од КЗ.

Па така, за трговијата со луѓе според член 418 – а од КЗ податоците со кои располага Државниот Завод за статистика се следниве: бројот на обвинети и осудени сторители на ова дело од 2005 до 2008 година варира во нагорна линија. Ако во 2005 година обвинети полнолетни сторители на територијата на целата

[113] подетално: Press Online, http://lobi.com.mk/?ItemID=931302A36DE1E148BD1A1054550D0C05.

држава биле 6 лица (од кои сите шест осудени), во 2008 година имаме 17 обвинети полнолетни сторители и 16 од нив осудени. Во меѓувреме, во 2006 година 4 полнолетни лица се обвинети а, 2 од нив осудени за делото трговија со луѓе, а во 2007 година има 22 обвинети од кој 21 осуден сторител. Согласно истите податоци на Заводот, судовите во Република Македонија имаат постапувано во 16 случаи за трговија со луѓе во периодот од 2005 до 2008 година, што го оправдува фактот дека меѓународните фактори ни алармираат да го зајакнеме кривичното гонење за ова кривично дело, водењето на постапки и казнување на сторителите. Значи, согласно податоците на Заводот, 10 од овие постапувања се за трговија со полнолетни жртви, 5 од постапките се имаат водено пред Основниот суд во Тетово, 3 пред Основен суд во Гостивар и по една во Основните судови во Струга и Куманово, кои подрачја се покажаа како доста проблематични точки во поглед на застапеноста и зачестеноста на повеќе видови потешки кривични дела. Трговијата со луѓе секако предничи помеѓу нив. Шесте постапки за трговија со малолетни жртви се водени пред Основен суд Скопје[114] . Од 2008 година во Основниот суд Скопје I – Скопје е формирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на државата кое, меѓу другото, е надлежно да суди за кривичните дела - трговија со деца.[115]

Сепак, она што навистина се случува е далеку од очите на јавноста. Малолетните жртви постојат многу повеќе затскриени отколку откриени и бројчено изразени. Голем е делот од нив кои се продавани од сопствените родители (дали за принудна мажачка, најчесто женските деца, или машките за принудна работа и питачење). Застрашувачката темна бројка треба да биде поттик за спасување на животите на младите луѓе од перманентни тортури, злоупотреби и фрустрации кои можат да резултираат со трајни оштетувања и нарушувања, како и со смрт.

[114] За статистиката во периодот 2005-2008 година согласно податоците на Државниот Завод за статистика подетално на: http://www.justice.gov.mk/documents/INFO_TRG%20so%20luge_02.pdf.
[115] Матовски,Н. Лажетиќ – Бужровска, Г. Калајџиев, Г. Казнено процесно право, 2-ри Август С-Штип, Скопје, 2009 година, стр.88-89.

## 3. Невладина ангажираност околу сузбивањето на овој криминалитет на нашите простори

По однос на невладината ангажираност во Република Македонија на планот на сузбивањето на трговијата со деца, како и со полнолетните лица, веќе беше споменато во овој труд.

Невладините организации имаат значајна и клучна улога во борбата со ваквата трговија. Меѓународната заедница на сите земји им препорачува да своите владините политики околу решавањето на овој проблем го усогласат со активностите кои ги превземаат членовите на ваквите организации. Меѓународно, многу организации за човекови права покренаа кампањи за сузбивање на трговијата со лица. Во оваа насока формирани се и неколку невладини организации како Coalition to Abolish Slavery and Trafficking (CAST), Arizona League to End Regional Trafficking (ALERT), Chab Dai, Polaris Project и други, како и неколку кои акцентот го стават на заштита на децата жртви: ZOE Children's Homes, Transitions Global, Alliance Anti Traffic (AAT), Redlight Children Campaign и слични.

Следејќи го ваквиот пример Република Македонија остави простор за формирање на вакви непрофитни организации кои константно ја помагаат борбата против трговијата со лица, а во одредена мера и ја диктираат. Затоа и Владата на Република Македонија формира Одделение за соработка со невладини организации со цел да се обезбеди поблиска институционализирана соработка со граѓанскиот сектор и охрабрување на активното вклучување на граѓанските организации во процесот на креирање политики. [116]

Ваква организација е и невладината, непрофитабилната организација "Отворена порта" Ла Страда.[117] Организацијата врши нагласување на проблемот на

[116] http://www.nvosorabotka.gov.mk.

[117] Истата е формирана во септември 2000-та година и оттогаш па наваму се занимава со превенција и психо - социјална подршка на потенцијалните жртви и жртвите на трговија со жени. Оваа организација како своја целна група за заштита ги има жените и истата се бори за женските права, да превенира, да ги заштити и подржи жените жртви на насилство и трговија со луѓе.

трговија со луѓе, подготвување и објавување на превентивни и информативни материјали, водење на СОС-линија за информација од трговија со луѓе. Понатаму организирање на тренинзи на локалните невладини и владини организации, собирање и размена на информации за трговија со жени, размена на информации и искуства со Ла Страда мрежата и други интернационални организации, како и креирање на локална мрежа од женски невладини организации и интернационални организации кои работат во Македонија.

,,Отворена порта,, повеќе години раководи со прифатилиште за сместување и поддршка на жртви на трговија со луѓе и во него се спроведува програма за рехабилитација која треба да биде поддржана и од локалните центри за социјална работа. Во прифатилиштето на жртвите им е обезбедено сигурен престој, храна, облека, психосоцијална поддршка, медицински третмани, правна помош и обука за работа. Сепак и покрај формираното Одделение за соработка со невладините организации, и покрај целата подршка која ја има оваа организација од Владата на РМ, таа како најголема невладина организација која работи на овој план и натаму егзистира главно од помошта на меѓународни донатори за што бевме жестоко критикувани на меѓународната сцена. Како и да е, "Министерството за труд и социјална политика во рамките на Националниот Механизам за Упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ) промовира една добра пракса на демократско градење на институциите, преку унапредување и координирање на ефективните врски помеѓу државните институции и граѓанското општество. Во таа насока има потпишано меморандум за соработка со НВО ,,Отворена Порта,, во чие што прифатилиште беа упатувани потенцијалните и идентидикуваните жртви на трговија со луѓе."[118]

Во Република Македонија во насока на заштита на децата – жртви од трговијата со нив работи и невладината организација "За среќно детство", а во

---

Сепак, во активностите кои ги првзема како субјекти на заштита неминовно се и децата, особено малолетните девојки. Лобирање, превенција, едукација и социјална подршка на жртви на трговија со луѓе се главните активности насочени кон жените и децата кои станале жртви на трговијата или кои, со оглед на карактеристикте се загрозени групи.

[118] Анлиза на Капацитетите и условите на невладините организации кои работат на полето на борбата против трговијата со луѓе, Скопје, 2007 година, достапна на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/ANALIZA%20za%20NVO.pdf.

поглед на целокупна заштита на децата и нивно перманентно информирање за нивните права – првата детска амбасада "Меѓаши", како и многу други невладини организации.[119] Невладината организација "За среќно детство" во 2009 година низ медиумите жестоко зборуваше за постоењето на проблемот со внатрешна трговија со деца во нашата држава, вршена воглавно од нивни родители. Во рамките на работата на второто (од двете) прифатилиште за жртвите на трговијата со луѓе во Република Македонија, активно работат обучени лица за оваа област од НВО "За среќно детство". Се работи за Транзитниот центар, во надлежност на МВР, во кое се сместуваат жртви на трговија со луѓе –странци. Како и НВО "Отворена порта - Ла страда" и НВО "За среќно детство" има потпишано меморандум за соработка со Министерството за внатрешни работи во оваа област. Со тоа се потврдува јавното признавање на битната улога во сузбивањето на трговијата со луѓе на граѓанскиот сектор од страна на државата.

Учество во борбата за сузбивање на трговијата со луѓе има земено и Црвениот крст на Република Македонија, со проектот,, Младите во борба против трговија со луѓе, поддржан од страна на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.[120]

Невладините организации во текот на октомври 2007 година, беа вклучени во изработката на Стандардните оперативни процедури за постапување со жртвите на трговија со луѓе. Во поглед на малолетните жртви, соработката на МВР и граѓанскиот сектор е потврдена и со Акциониот план за борба против трговија со деца.[121] По однос на важноста на оваа тема треба да напоменеме и тоа дека 18 Октомври е светскиот ден на борба против трговијата со луѓе.

---

[119] НВО „Градиме Иднина“, НВО "Сепмер"-Битола, НВО "Спасете ги децата", и сл.

[120] Подетално на http://www.ckrm.org.mk/mk/mladi-na-ckrm/novosti-mladi-na-ckrm/178-mladitevo-borba-protiv-trgovijata-so-luge.

[121] Подетално во: Извештај за реализираните активносто предвидени со Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор во 2007 год.,Одделение за соработка со невладини организации, Генерален секретаријат, Влада на Република Македонија, Скопје, 2008 година; [159] Иако во пресудите објавени на официјалниот сајт на Основниот Суд Скопје I Скопје, се трудат да го задржат идентитетот на малолетните во тајна преку наведувањето само на иницијали како за сторителите и оштетените, така и на улиците, локалите и градовите каде е откриено делото, медиумите ги прикриваа само идентитетите на оштетените/жртвите, до кои преку останатите податоци кои експлицитно ги пренесуваа, може лесно да се дојде. Заштитата на жртвите кои потоа треба да се ресоцијализираат, и реадаптираат кон средината и кои се почувствителни

Податоците на Обединетите нации од 2017 година , покажуваат дека повеќе од три четвртини од децата и младите лица, кои се обидуваат да мигрираат во Европа преку Средоземното Море, се жртви на трговија со луѓе.

Со цел да се преземат сериозни мерки за сузбивање на трговијата со луѓе, светската организација спроведе истражување во кое беа опфатени 22 000 мигранти и бегалци, меѓу кои и 11 000 деца и млади лица. Податоците обработени од страна на Детскиот фонд при ОН (УНИЦЕФ) и Меѓународната организација за миграција (ИОМ) покажуваат дека младите мигранти од Северна Африка се најмногу изложени на ризик од злоставување. Двете организации истакнуваат дека дури 77 проценти од децата и младите мигранти кои се обидуваат да стигнат во Европа преку Средоземното Море имаат директно искуство со злоупотреба, експлоатација и трговија со луѓе. Со цел подигнување на јавната свест за сериозноста на проблемот со трговијата со луѓе, Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена порта“ во 2017 година реализираше едномесечна кампања. Нивните податоци покажуваат дека во Македонија претходната 2016 година шест лица биле идентификувани како жртви на трговија со луѓе, додека во соседните држави се идентификувани 100 до 150 лица. Но, тие нагласуваат дека бројот на лица кои се жртви на трговијата со луѓе е многу поголем.

Од „Отворена порта“ истакнаа дека сите жртви од 2016 година се од женски пол, од кои три се малолетнички и три се возрасни лица. Петмина од жртвите се со македонско државјанство и само еден е со странско државјанство. Петмина од нив биле сексуално злоставувани и една била присилена на брак. ‘Отворена порта’ (Ла Страда) со цел да ја подигне свеста и да ги охрабри оние што се засегнати од овој проблем организираше кампања за да се актуелизира овој сериозен проблем. Едномесечната кампања ‘Што гледаш? Биди нивниот глас!’ беше насочена кон севкупната јавност и имаше за цел да ја подигне јавната свест и да ги поттикне граѓаните да побараат совет, информација и да пријават трговија со луѓе.

---

поради возраста пред сè, на ваквиот начин потфрла од нехуманоста и несолидарноста на оние кои имаат значајна улога во тоа – медиумите.

Според податоците од 2018 година доминантна форма на трговија со луѓе во Македонија е сексуалната експлоатација, но постојат и случаи на принудна работа и принудни малолетнички бракови. Во текот на 2018 година идентификувани се седум жртви на трговија со луѓе, а од нив мнозинството се деца до 14 години. Сите седум жртви се од женски род.

Во 2018 се идентификувани и 76 потенцијални жртви на трговија со луѓе и 172 ранливи лица, кои се упатени на добивање соодветна помош и поддршка до релеватните институции.

Во 2018 година со информативна кампања и презентација на спотот „Стапица е!“ се означи почетокот на одбележувањето на Европскиот ден во борба против трговијата со луѓе, со цел јакнење на свеста за опасностите и ризиците, кои со себе ги носи овој вид криминал. Информативната кампања се спроведуваше во рамки на проектна активност, имплементирана од страна на Меѓународната организација за миграции (ИОМ) со финансиска поддршка од страна на ЕУ и во партнерство со МВР и МТСП. Постојат пет мобилни тимови, поставени во Скопје, Куманово, Битола, Гевгелија и Тетово, чија основна функција е идентификација на ранливите категории, вклучувајќи ги и жртвите на трговија со луѓе, а кои тесно соработуваат со МВР, невладини организации и ИОМ.

Инаку, податоците на ИОМ од 2006 до 2016 за профилите на жртвите на кои им е пружена помош укажуваат дека кога станува збор за жртви на трговија со луѓе со цел сексуална експлоатација доминираат жените, кај жртви на трудова експлоатација доминираат мажите, но тука има и жени жртви, а кога станува збор за децата тие се ранливи на трговија поврзана со питачење и во комерцијално-сексуалниот, како и во делот на присилните бракови.

Просечна врозраст на жртвите на трговија е околу 30 години, додека кај децата е околу 11. Жртвите се тргувани за период од две до две и пол години. Како механизми за контрола трговците со луѓе кај децата ги користат лажните ветувања, измамите, физичката и психичката злоупотреба.

## 4. Процесуирани случаи на трговија со деца на нашата територија

Со цел да имаме систематизирана борба против трговијата со малолетни лица, целокупната постапка за случаите од трговија со деца кај нас, е сконцентрирана во судското одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал за територијата на целата држава во Основниот Кривичен Суд Скопје (поранешен Основен суд Скопје I) .

По инкриминирањето на делото трговија со малолетно лице како самостојно дело во КЗ, од 2008 година, започнаа и првите постапки и судења за сторителите на ваквите дела. За овие постапки јавноста најмногу детали добивавме секако од медиумите кои, трудејќи се да го заштитат идентитетот на малолетните, сепак не доволно добро, ги пласираа информациите околу откривањето на делата и постапката потоа. Но исто така треба да се спомене и фактот дека со напорите да се зголеми транспарентноста во судската власт сега на поратлот суд.мк се објавуваат анонимизирани одлуки. Така да во случајов и тоа е еден извор и тоа добар на податоци за предмети поврзани со трговијата со деца.

Една од првите одлуки е Пресуда IV КОК.бр.56/08 од 24.10.2008 на Основниот Суд Скопје 1, Скопје. Имено постапката е водена за настан од јули 2008 година, по извршен претрес во еден локал во Тетово, биле откриени две малолетни жртви на трговија со малолетни лица, експлоатирани за принудна работа. Покрај нив биле откриени и две полнолетни девојки во локалот кои ја вршеле истата работа како малолетничките, од кои едната е осудена како соизвршител во делото. Имено, според информациите во медиумите, едната од девојките била, на еден начин, продадена од сопствениот татко. Сега осудените се договориле "да му исплатат 600 евра, на кого наводно парите му биле потребни да ја доизгради куќата. За возврат малолетната требало да го одработи долгот како танчерка и придружничка во угостителскиот објект на првопријавениот". Во пресудата сепак, не се среќава овој податок, туку само исказот на таткото кој ја објаснува имотната состојба, дека е невработен и дека се издржуваат од социјална помош. Малолетните пак кажуваат дека доброволно отишле да работат кај

осудените без знаење на нивните родители. Истите, требало да работат во локалот и да ги придружуваат муштериите и за тоа да им плаќаат дневницата 600 денари, додека за испиен коктел со гостин и негово придружување на маса, требало да добива по 50 денари. Според медиумите, "додека ги придружувале гостите на маса, им било дозволено да ги допираат по градите и телото", кое нешто не е наведено во пресудата, бидејќи не е утврдено во постапката. Според пресудата "обвинетите ги прифатиле малолетните оштетени заради експлоатација по пат на принудна работа, што е законско обележје на кривичното дело Трговија со малолетно лице од чл.418-г ст.1 во врска со чл.45 ст.1 и во врска со чл.22 од КЗ"[122]. За донесувањето на пресудата е побарано и вештачење за психичката состојба на малолетните од нервопсихијатар и психијатар. За помалата, дванаесет годишната жртва констатирано е дека,, се работи за телесно здрава личност и не боледува од трајна или привремена душевна болест и не покажувала знаци за привремено душевно растројство", но "во време на кривично правниот настан била субјект на емоционално трпење во вид на негативни афективни доживувања – душевна болка од полесен степен манифестирана како анксиозни реакции кои сега се детектираат". Додека за четиринаесетогодишната е утврдено дека "потекнува од дисфункционално семејство со инсуфициентна грижа од страна на домашните и после настанот манифестирала знаци за посттрауматско стресно растројство со доминација на депресивна симптоматологија и понатаму е подложна на продолжено дејство на претрпени психотрауми со оглед на нејзината возраст, но вештите лица со сигурност не можеле да се изјаснат за претрпените душевни болки и страв како основа за нематеријална штета" По претресот малолетните биле сместени во прифатилиштето за жртви на трговија со луѓе на НВО Отворена порта каде им било поставено старател – правен застапник во канцеларијата на Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе во рамките на Министерството за труд и социјална политика Скопје. Одбраната се повикувала на фактот дека малолетните доброволно отишле да работат поради тешките семејни прилики, биле прифатени, сместени и бесплатно хранети и платени и со тоа обезбедувале егзистенција за себе и за своето семејство, не биле принудувани

[122] Пресуда IV КОК.бр.56/08 од 24.10.2008, Основниот Суд Скопје 1, Скопје.

да работат, а евентуално околностите наведени во обвинението можеле да се подведат под казнените одредби од Законот за работни односи за прекршок, а не и за кривичното дело[123]. Сепак, обвинетите ја знаеле лошата семејна материјална состојба на малолетните и ја искористиле за принудна работа, а оштетените не биле пријавени во надлежните Институции за вработување од страна на обвинетите. Двете лица, сопственикот на локалот и соизвршителката која се грижела за персоналот и на која согласно кажувањата на првообвинетиот – сопственикот, целосно и била препуштена таа грижа, се осудени за вршење на ова кривично дело на казна затвор во траење од 5 години, за продолжено кривично дело, искористувајки ги истите прилики - возраста на оштетените[124]. За помалата жртва е досудено и надомест на штета - за нематеријална штета, за претрпен страв и надомест на душевна болка.

Втора одлука која е разгледувана е Пресудата IV КОК.бр. 61/08 од 30.10.2008 на Основниот Суд Скопје 1, Скопје. Во 2008 година, август, е откриен уште еден сличен случај на трговија со малолетно лице. И овде, се работи за малолетно, необразовано девојче, од сиромашно семејство, со неполни 16 години, кое работело во угостителски објект, како келнерка, за работата и било исплаќано дневница од 300-400 денари. Истата, како и во претходниот случај, требала да ги придружува гостите во доцните часови, а за секој испиен коктел со нив и било плаќано дополнителни 50 денари[125]. Во случајов обвинети и осудени се две лица кои биле првенствено ортаци при работата во објектот, а и кои заедно ја примиле на работа малолетната и ја подучиле на гостите да им кажува дека има 19 години. По откривањето на случајот од страна на полицијата, малолетната била упатена во Транзитниот центар за странци во Скопје, и ѝ бил назначен посебен старател. Од

[123] Сепак, согласноста на малолетното лице не е од значење за постоењето на ова кривично дело. Како задолжение на малолетните им било да пијат коктели со непознати лица ноќта до 2 часот по полоќ и да ги придружуваат во објектот. Ваквите услуги за работа се во спротивност и со Законот за работни односи, како и Конвенција за правата на децата, кои претставуваат експлоатација во работата, како обележје на кривичното дело Трговија со малолетно лице.

[124] Имаат добиено ублажена казна, согласно чл.40 т.2 од КЗ поради семејните и материјалните состојби на обвинетите, дека првообвинетиот, сопственикот на локалот е женет татко на две деца, а второобвинетат немажена, а мајка на едно малолетно дете, и е неосудувана.Првообвинетиот дотогаш бил осудуван на условни осуда за две кривични дела – давање лажен исказ и самовластие.

[125] Пресуда IV КОК.бр. 61/08 од 30.10.2008, Основниот Суд Скопје 1, Скопје.

наодот и мислењето од вештите лица, невропсихијатар и претставник на Институтот за судска медицина и криминалистика било констатирано дека " предходно имала сексуални односи, констатираните лузни на телото биле од постар датум, а по однос на личноста на оштетената дека се работи за примитивна и неедуцирана личност, склона кон лаги, кавги, фантазии и не соработувала со нив, бидејки имала тенденции да го негира сето она што предходно го кажала. Од овие причини вештите лица не можеле да се произнесат дали кој оштетената постои претрпен страв или душевна болка." Првенствено обвинетите се товареле за кривичното дело трговија со малолетни лица по чл. 418 – г ст. 2 од КЗ, меѓутоа на главниот претрес е извршена преквалификација во ст. 1 поради фактот дека обвинетите знаеле дека се работи за малолетна која не наполнила 16 години. Истите се осудени на по четири години затворска казна. Во пресудата е наведено дека "постојат особено олеснителни околности од чл.40 т.2 од КЗ, кои укажуваат дека и со ублажената казна ќе се постигне целта на казнувањето", па врз видот на одлуката влијание за судот имале возраста на обвинетите, фактот дека се неосудувани дотогаш, нивната семејна состојба и слично.

Од поновите предмети може да ги земеме за пример :

Пресудата III КОК бр.79/15 од 8.3.2017 год. на Основен кривичен суд Скопје. Во случајов повеќе лица во почетокот на 2014 година, заедно организирале група за вршење на кривични дела ,,Криумчарење мигранти,, од чл. 418-б од КЗ. Лицата создале план од користољубие, за подрачјето на Република Македонија во содејство со лица од криминални групи од Р.Грција и Р.Србија да организираат криумчарење на мигранти преку илегални премини во околината на Гевгелија. Од каде потоа координирано да вршат прифаќање на мигрантите и на организиран начин со возила да ги превезат до одредени локации, ќе ги засолнат, а потоа преку илегални премини на границата со Р.Србија ќе ги пренесат во Р.Србија кој план бил прифатен и од НН лица. Во групата секој имал однапред определена улога и обврски. Во случајов, осуденият, кој помеѓу другото призна вина , заедно со друго лице го организирале прифаќањето на мигранте кои преходно илегално од Р.Грција влегувале на територијата на Р.М., потоа да го организираат превозот на овие лица до однапред определени села, да го

организираат нивниот илегален престој по куќи и други објекти се до нивниот пренос преку граница со Р. Србија, да раководат со активностите на групата и да вршат други организациски работи во рамките на планот групата. Односно да го организра транспортот на мигранте за што имал задача да врбува возачи, да пронаоѓа возила, непосредно да учествува во транспортите во улога на „чистач-контрола на патот“ да контактира со лицата „танкери“, кои биле контакт точки во групите на мигрантите, и да врши други организациски работи во рамките на планот на групата. Друго лице имало улога како припадник на групата на свое име да прима, а потоа и да подига парични средства кои ќе бидат испратени преку агенти за брз трансфер на пари за исплатата на организаторите и припадниците на групата за која цел истите му ги предавала .[126]

Во однос на правната оцена на кривичното дело - Криумчарење мигранти од член 418-б ст.4 вв ст.2 од КЗ, го врши „Тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа мигранти, односно ако ова дело е сторено со малолетно лице“, а согласно чл.45 од КЗ, станува збор за продолжено кривично дело. Додека пак, кривичното дело - Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти од чл.418-в ст.2 од КЗ го врши “Тој што ќе стане припадник на група, банда или друго здружение за вршење на кривичните дела од чл.418-а, 418-б, 418-г и 418-д или на друг начин ја помага групата, бандата или здружението. Во конкретниот случај, судот согласно признанието на вина прифати за утврдено дека обвинетиот ги сторил кривичните дела кои му се стават на товар, во време, место и на начин, како што е опишано во изреката на оваа пресуда, односно дека во превземените дејствија на обвинетиот во целост се содржани законските битија на горе цитираните кривични дела.

Во случајов на обвинетиот за кривичното дело - Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти од чл.418-в ст.2 од КЗ, судот му утврди казна затвор во траење од од 1-една година и 6-шест месеци, а за кривичното дело - Криумчарење мигранти од чл.418-б ст.4 вв ст.2 и чл.45 од КЗ, му утврди казна

[126] Пресуда III КОК бр.79/15 од 8.3.2017 год.

затвор во траење од 5-пет години, па согласно одредбите за стек на кривични дела од чл.44 од КЗ, го осуди на единствена казна затвор во траење од 5-пет години и 8-осум месеци.

Вториот случај е одлуката Пресуда III КОК бр. 113/15 од 24.2.2016 година на Основен кривичен суд Скопје. Се работи за настан од 2012 година. Сега веќе осудениот во случајов заедно со уште 15 други лица –претходно осудени лица за настанот во текот на 2012 година во меѓусебните контакти превземале иницијатива за создавање на група, заради стекнување корист што имала за цел вршење на кривични дела ,,Криумчарење мигранти,, од чл.418 – б од КЗ. Користејќи исти прилики во повеќе наврати, во текот на 2012 година, обезбедиле прифаќање, превезување и засолнување на над 60 мигранти, државјани со потекло од Авганистан, Пакистан, Судан, Сомалија, и други земји, потоа им ја исплатиле договорената сума од 140 до 160 евра, по возило, а за осудениците кои ги управувале возилата како предходница, по 100 евра за возило. Откако предходно еден од осудените кој бил во телефонски контакт со НН лица – водичи, кои го известуваат кога и каде мигрантите ги пренесуваат преку Грчко – Македонската државна граница, го ангажира сега веќе осудениот, кој го организирал прифаќањето на мигрантите, кои предходно биле илегално пренесувани од НН лица – водичи преку Грчко – Македонската државна граница, на подрачјето Гевгелија – во близина на автопатот во околината на Гевгелија и Богданци, нивното прифаќање и засолнување од сега веќе осудените други лица. Ги превезувале со патнички моторни возила до однапред определени места, мигрантите ги предавале на сега веќе осудени лица. Тие лица мигрантите ги прифаќале и засолнувале, за да потоа преку НН водичи, да бидат пренесувани преку Македонско – Српската државна граница. [127]

Со опишаните дејствија обвинетиот сторил кривично дело ,,Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти,, од чл.418-в ст.2 од КЗ и кривично дело ,,Криумчарење мигранти,, од чл.418-б ст.2 од КЗ, па за кривичното дело ,,Организирање на група и потикнување на извршување на делата трговија со луѓе,

[127] Пресуда III КОК бр. 113/15 од 24.2.2016 година.

трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти,, од чл.418-в ст.2 од КЗ му се утврдува казна затвор во траење од 1-една година и 2-два месеца и за кривичното дело ,,Криумчарење мигранти,, од чл.418-б ст.2 од КЗ, му се утврдува казна затвор во траење од 1-една година, па со примена на одредбата од член 44 од КЗ, е осуден на единствена казна затвор во траење од 2-две години.

И во овие две одлуки се земени во предвид олеснителните околности тоа што обвинетите се семејни луѓе, родители на повеќе деца, нивната имотна состојба.

После анализата на наведените одлуки за дејствија определени како трговија со луѓе, несомнено се наметнува прашањето за казнената политика во Република Македонија по однос на ова, несомнено едно од најтешките дела.

Тука треба да се земе предвид фактот да со почнување на примена на ,,новиот,, Закон за кривична постапка, кој започна да се применува во 2014 година, во судските постапки имаме зголемен број на решение предмети по пат на признание на вина или постигнување на спогодба со обвинителот. Самиот чин на постигнување на спогодба со обвинителот или признавањето на вина е олеснителна околност која се цени при одмерување на висината на казната. Од една страна факт е дека за ова кривично дело, законодавецот превидел високи казни затвор, но со давање признанието на вина или спогодбата, од друга страна факт е дека сторителот ќе помине поблаго со употреба на овие можности. Тука, се поставува прашањето како влијае врз свеста на сторителот фактот дека има законска можност да помине со поблага казна доколку прифати да се спогоди или признае вина. Ова посебно ако се земе во предвид дека најчесто се работи за група на организиран криминал, вклучени се повеќе лица, неретко и од повеќе држави и што е најбитно во целата ситуација ,,лесната заработувачка,,. Значи треба да се има во предвид и она размислување дека дел од сторителите поаѓаат од размислувањето да вреди да издржи помала затворска казна во споредба со заработувачката.

Односно, се поставува прашањето колку овие инструменти кои му стојат на располагање на обвинетите, а покасно и дел од инструментите кои ги имаат на

располагање како осудени лица, влијаат да се постигне целта на казнувањето кога имаме ситуација да еден сторител е свесен дека ако признае вина или се спогоди добива поблага казна, а потоа знае дека како осуденик исто така има на располагање цела плејада на инструменти за намалување на казната затвор. И токму тука се поставува прашањето дали законодавеноцот во иднина можеби треба да размислува да се предвидат одредени законски ограничувања на ублажување на казната или можноста за помилување (како што впрочем и сега е за кривични дела против изборите и по однос на делата за наркотични дроги) за овој вид на кривични дела.

Бидејќи, само високите казни заедно со сознанието дека државата како целина ја подигнала на високо ниво борбата против трговијата со луѓе воопшто, ќе влијае врз свеста на сторителот и ќе се доведе во ситуација да размисли дали вреди да ги презема дејствијата како единка за одредена заработка.

## VI ГЛАВА

## ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. Анализа на статистички податоци од Државен завод за статистика

Државниот завод за статистика е стручна и самостојна организација во рамките на државната администрација во Република Северна Македонија. Основни функции на институцијата се прибирање, обработка и дисеминација на статистички податоци за демографските, социјалните и економските појави во македонското општество. Мора да се напомене и тоа дека Државниот завод за статистика е основен носител и координатор на статистичкиот систем на земјата, тој е одговорна институција за меѓународната соработка во областа на статистиката, како и за дефинирање на статистичките методологии и стандарди и за обезбедување заштита на индивидуалните податоци што се прибираат од индивидуални лица и од правни субјекти. Државниот завод за статистика својата дејност ја реализира во согласност со Законот за државната статистика (1997, 2007, 2011, 2013, 2014, 2015, 2016, 2018) .Во насока на осовременување и поедноставување на процесот на прибирање на податоците, Државниот завод за статистика има воведено електронско прибирање на податоци.

По однос на темата од овој труд извршено е пребарување на податоци од делот 05. Правосудство.

Тука мора да се напомене и тоа дека податоците кои се на располагање се дадени на принципот пријавени и обвинети според групи на кривични дела и вид на одлука за полнолетни лица и за малолетни сторители. Не се најдени податоци за конкретни кривични дела. Во случајов , темата на трудот за тргоцијата со луѓе со посебен осврт на трговијата со деца е кривично дело од главата на кривични дела против човечноста и меѓународното право. Во објавените податоци посебно податоци за кривичните дела против човечноста и меѓуародното право нема, истите се во делот на ,,други групи на кривични дела,, така да нема можност да се даде конкретна бројка за овој вид на кривични дела.

Тоа сепак останува на истражување кое е споменато во точка 2 од оваа глава каде се претставени податоци од судовите во државата.

По однос на започнати постапки односно поднесени кривични пријави за кривично дело од член 418 –г од КЗ во период од 2010 до 2018 година преземени

се податоци од страната на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, во делот на годишни извештаи. Тука мора да се напомене дека податоците се дадени вкупно за кривични дела ,,Трговија со луѓе,, член 418-а од КЗ и останатите сродни кривични дела како ,,Криумчарење на мигранти,, член 418-б од КЗ, ,,Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти ,, член 418-в од КЗ, ,,Трговија со дете,, член 418-г од КЗ. За одредени периоди може да се добијат посебно податоци за кривичното дело од член 418-г од КЗ, но за одредени периоди не.

Табела 1: поднесени кривични пријави и оформени кривични предмети за кривични дела поврзани со трговија со луѓе

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Кривични пријави/ Примени предмети | Обвинителен акт | Осудителни пресуди | Расправи во тек |
| | | | | |
| 2010 | 3 –кривични пријави | 12 | 1 | |
| 2011 | 53(6 по 418-г) | 133 (18 по 418-г) | 3 | |
| 2012 | 74(5 по 418-г) | 161 мажи<br>9 жени | 93-(13 мажи по 418-г<br>1 жена ) | |
| 2013 | 54 | 80 мажи<br>5 жени | 82 | |
| 2014 | 29(1 по 418-г) | 48 мажи<br>4 жени(1 по 418-г) | 75 мажи<br>2 жени | |
| 2015 | | 197 мажи<br>4 жени | 171 мажи<br>4 жени( 1 жена по 418-г) | |
| 2016 | 1 | 7 лица | 96 мажи<br>3 жени | |
| 2017 | 3 | 1 | | |
| 2018 | 8 мажи<br>5 жени | 4 мажи<br>2 жени | 2 мажи<br>2 жени | 2 мажи |
| | | | | |

Табела 2: идентификувани жртви деца

| | Домашни | странски |
|---|---|---|
| 2010 | 5 | / |
| 2011 | 5 | 1 |
| 2012 | 4 | 1 |
| 2013 | 8 | 1 |
| 2014 | 6 | / |
| 2015 | 3 | / |
| 2016 | 3 | / |
| 2017 | 2 | / |
| 2018 | 5 | 1 |

## 2. Основен Кривичен суд Скопје

ПОДАТОЦИ ОД ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

Податоците се добиени од АКМИС системот (Автоматизираниот систем за управување со судски предмети). Овие податоци во најголем дел се однесуваат за кривично дело трговија со луѓе и дел за трговија со деца. Податоците се однесуваат за пеиродот од 2010 до 2018 година.

Во првата табела се прикажани бројот на примени предмети со број на обвинети лица поделени по пол, број на решени предмети со број на обвинети и сто така поделени по пол.

Табела 1: Основен Кривичен суд Скопје

| Година | Примени предмети | Број обвинети | маж и | Жен и | решен и | Број обвинети | Маж и | жен и | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 1 | 5 | 4 | 1 | 1 | 8 | 4 | 1 | |
| 2011 | 2 | 8 | 8 | / | 2 | 8 | 8 | / | |
| 2012 | 2 | 9 | 8 | 1 | 2 | 8 | 1 | / | |
| 2013 | 2 | 4 | 4 | / | 2 | 4 | 4 | / | |
| 2014 | 1 | 1 | / | 1 | 1 | 1 | / | 1 | |
| 2015 | 1 | 1 | / | 1 | 1 | 1 | / | 1 | |
| 2016 | 1 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | |
| 2017 | / | / | / | / | / | / | / | / | |
| 2018 | 3 | 6 | 4 | 3 | 1 | 3 | 2 | 1 | |
| Вкупно | 13 | 35 | 29 | 7 | 10 | 30 | 19 | 4 | |

Во втората табела се прикажани бројот на правосилни предмети, бројот на обвинети лица со извршена поделба по пол, изречени казни, како и остаток на нерешени предмети.

Табела 2

| година | Право силни предмети | Број обвинети | мажи | Жени | затвор | Условна осуда | Ослободителна | Остаток | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 1 | 4 | 4 | / | 4 | / | / | / | |
| 2011 | 2 | 8 | 8 | / | 8 | / | / | / | |
| 2012 | 1 | 8 | 8 | / | 8 | / | / | / | |
| 2013 | 2 | 4 | 4 | / | 4 | / | / | / | |
| 2014 | 1 | 1 | / | 1 | 1 | / | / | / | |
| 2015 | 1 | 1 | / | 1 | 1 | / | / | / | |
| 2016 | / | / | / | / | / | / | / | 1 | |
| 2017 | / | / | / | / | / | / | / | / | |
| 2018 | 1 | 3 | 2 | 1 | 1 | / | / | 2 | |
| вкупно | 9 | 29 | 26 | 3 | 27 | / | / | 3 | |

Од анализата на податоците кои се дадени во табелите погоре, извор на истите е Основен Кривичен Суд Скопје ( каде е формирано и Оддлението за организиран криминал со надлежност за територијата на целата држава ) произлегува дека период на истражување е 8 години или од 2010 заклучно со 2018 година.

Општо земено првите неколку години бројот на заведени предмети е скоро константен односно се движи од 1 до 2 предмети во текот на една година.

Потоа за во последната 2018 година веќе да имаме пораст на 3 предмети. По однос на бројот на обвинети лица може да се види дека истиот варира, односно првите години и тоа 2011 и 2012 година сме имале најмногу обвинети лица по 8 и 9. За потоа бројот да падне на по 1 лице. По однос на половата структура мора да се каже дека најголем процент се обвинети мажи.

По однос на тоа колку предмети се решени имаме ситуација само од 2016 година да има застој и тоа тој 1 предмет.

Правосилно завршени до 2015 се скоро сите предмети кои се примени. Дури и 1 од 2018 година е правосилно завршен.

Меѓутоа тука треба да се напомене и фактот дека временска рамка за решавање не може да извлечеме од овие податоци, конкретно колку време било потребно да се завршат предметите, посебно ако се земе во предвид фактот да укинатите предмети при повторно заведување веќе добиваат нов број.

По однос на временската рамка за решавање на предметитемора да напоменеме и тоа да со почнување на примена на ,,новиот,, Закон за кривична постапка кој започна да се применува во 2014 година, во судските постапки имаме зголемен број на решение предмети по пат на признание на вина или постигнување на спогодба со обвинителот.

Од табелата може да се утврди дека изречените казни се сите затвор, нема изречено условни осуди или ослободителни одлуки. По однос на остаток на нерешени предмети истиот е сведен на минимум .

## 3. Анализа на податоци од спроведена анкета

За потребите на овој труд спроведена е анкета на интернет преку страната на
*www.surveymonkey.com/.*

При спроведувањето на анкетата линкот со прашањата е доставен до поголем број на исптаници on line. Вкупно добиени одговори се 55.

Анкетата е правена во период од 16.11.2019 година до 21.12.2019 година. За испитаниците може да се дадат податоци по однос на пол, возраст изразени во проценти.


По однос на возраст поделбата е направена на следниот начин

| Пол | До 18 години | Од 18-25 | Од 25-60 |
|---|---|---|---|
| Мажи | 18% | 20% | 25% |
| Жени | 82% | 80% | 75% |


Во анкетата се поставени девет прашања со понудени повеќе одговри или со давање одговор со „да или не „.

Во текот на анкетата собрани се 55 одговори. Подолу презентирани се одговорите поставени на графикони.

Графикон 1: Број на просечно освоени поени




Графикон 2. Поим на трговијата со луѓе




Првото прашање  е прашање општо познавање на поимот трговија со луѓе. Видно од одговорите е дека најголемиот дел од испитаниците одговориле со потврден одговор или 52, додека пак 3 испитаници одговориле со негативен одговор.

Графикон 3. Фази на трговија со луѓе





Второто прашање е прашање по однос на познавање на фазите во кои се спроведува трговија со луѓе. Видно од одговорите е дека 6 испитаници го земале за точен првиот понуден одговор, 37 вториот понуден одговор и 12 од испитаниците одговориле со третиот понуден одговор .

Графикон 4. Дефиниција на поим- дете.





Третото прашање  е прашање по однос на познавање на поимот дете, а согласно меѓународно признатите акти, во случајов Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговија со луѓе, особено на жени и деца. Добиени се 54 одговори, 1 испитаник не дал одговор на ова прашање. 26 испитаници одговориле точно, 6 испитаници се одлучиле за вториот понуден одговор, а  22 за третиот понуден одговор.

Графикон 5. Жртва на трговија со луѓе




На четвртото прашање-Дете кое врши сексуални услуги за пари и ги дели парите со друго лице не може да се смета за жртва на трговија со луѓе ако се согласи да го стори тоа, одговориле 55 испитаници, 16 од нив дале потврден одговор, 39 негативен одговор –точниот одговор.


Графикон 6. Согласност на жртвата




.

На прашањето по однос на казната -Доколку жртвата на трговија со луѓе се согласи со барањето на сторителите на сексуални престапи, сторителот да го стори тоа, 4 испитаници одговориле дека сторителот ќе биде ослободен, 18 испитаници дека казната ќе биде намалена  и 31 го дале точниот одговор дека согласноста не е релевантна .

Графикон 7 .  Обештетување на жртвите




На прашањето дали жртвата на кривично дело има право на обештетување од државата 33 испитаници одговориле потврдно-точниот одговор, додека 21 одговориле негативно. Добиени се 54 одговори за ова прашање.

Графикон 8. Поим за организиран криминал-група





На прашањето по однос на Конвенцијата за транснационален организиран криминал ,,група на организиран криминал,, структурирана група од колку личности се смета за организиран кримимал 27 испитаници одговориле 2 или повеќе лица, 12 го дале точниот одговор 3 или повеќе лица и 15 испитаници рекле 5 или повеќе лица .Вкупно добиени се 54 одговори.

Графикон 9.  Најчести жртви на трговија со луѓе




На прашањето кои се најчести жртви на трговија со луѓе 5 испитаници одговориле децата, 42 го дале точниот одговор жени и деца и 8 испитаници рекле секоја особа .Вкупно добиени се 55 одговори.

Графикон 10. Поим за целта на трговија со луѓе




На прашањето која е целта на трговија со луѓе 12 испитаници одговориле сите форми на сексуална експлоатација, 5 одговориле порнографија или присилна работа, присилни бракови, 3 присилно оплодување и нелегално посвојување, 4 нелегална трансплатација, 31 сите наведени .Вкупно добиени се 55 одговори.

По извршена анализа на добиените резултати од спроведената анкета мора да се каже дека нивото на познавање на трговијата со деца и воопшто трговијата со луѓе на испитаниците не е многу високо.

Точно е дека најголем процент одговориле дека знаат што е воопшто тргвија со луѓе. Но понатаму, поопширни познавања за оваа тема, која за жал е се позастапена имаат дел од испитаниците и истите имаат само делумни познавања.

## V ГЛАВА

## ПРЕВЕНЦИЈА И СУЗВИБАЊЕ

За успешно сузбивање на трговијата со деца и воопшто трговијата со луѓе како и надминување на последиците од овој комплексен проблем, потребен е планиран и координиран пристап, работа на голем број на актери но и поддршка на општеството во целина, а пред се вклучување на државата со нејзините институции.

И тоа, почнувајки уште во воспитно-образовниот систем, запознавање на младите со поимот трговија со луѓе и деца, начините, целите и сл. Потоа, тука треба да ги споменеме останатите институции како центри за социјални грижи, полицијата, царината, сите тие се една алка во синџирот наречен превенција и сузбивање на трговијата со луѓе.

Во нашата држава беа изготвени ,,Националната стратегија ,, и ,,Акцискиот план за борба против трговијата со луѓе и илегелна миграција,, за периодот од 2009-2012 година, потоа надополнета за периодот од 2017-2020 година. Потоа, во состав на националната комисија е изработен и Акциски план за борба против трговија со деца. Првиот Акциски план за борба против трговија со деца како е претходно наведено беше усвоен во Март 2006 година, како дел од Стратегијата и Акцискиот план на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Овој план беше за периодот 2009-2012 година, но за жал негово надополнување немаме.

Од друга страна, невладиниот сектор, Црвениот крст на Република Македонија и нормално, можеби една од најважните алки е меѓународната соработка како со соседните земји така и пошироко. Во овој момент може да кажеме дека Црвениот крст на Република Македонија е серизон партнер на државата во реализација на првентивните активности за борба против трговија со луѓе. Во работата на Црвениот крст обезбедена е проектна поддршка од Владата за

надградба на капацитетите и националното друштво и подигање на свеста на младата популација за заштита од трговија со луѓе.

За пример, може да се земе еден од проектите на Црвениот крст на РМ, имено во рамиките на проектот ,,Превенцвија од трговија со луѓе,, во 2015 година во Кочани, беше одржана инструктивна работилница со секретарите и координаторите на овој проект кој треба да се импелментирт преку општинските органицации на Кочани, Валандово и Делчево. Целта на работилницата беше да се претстават проектните содржини кои согласно планот за акција ќе се имплементираат, како и беа презентирани позитивни практики од досегашни имплементирани првентивни активности.

За зајакнување на капацитетите на младите волонтери на Црвениот крст предвидени беа две обуки за врсничка едукација и форум театар, кои пак стекнатите знаења, преку превентивни лекции ќе ги пренесуваат на нивни врсници во основни и средни училишта во Кочани, Валандово и Делчево со цел подигање на свеста на малдите за заштита од трговија со луѓе.

Не е мала улогата и на ,,Семпер ,, здружение за еднакви можности кои допринесуваат да се запознае пошироката јавност посебно младата популација со проблемот трговија со деца и тоа преку одржување на кампањи, обуки, изложби, работилници и сл. активности.

Суштински предуслов за спроведување превентивни ефективни мерки кои што можат да делуваат за спречување и рано препознавање на жртвите и потенцијалните жртви на овој криминал, е градењето и зајакнувањето на релевантните национални и локални институции и професионалците кои што работат во нив.

Посебно да се утврдат чекорите на постапување ; утврдување на ризиците и ризичните групи за појава на трговијата со луѓето и со деца, идентификација на појавните облици, трендовите на трговијата со деца, подигање на општата јавна свест за трговијата со луѓе и со деца, појавни облици и ризици; зголемување на свесноста кај идентификуваните ранливи категории лица за овој вид на криминалитет, посебно унапредување и наоѓање најефикасни механизми за намалување на причините/ранливоста за појава на трговијата со луѓе /деца,

зголемување на јавната свест за појавата на трговијата со деца со цел експлоатација, како и за последиците врз жртвата.

Целта е превенција, подигање на јавната свест, јакнење на институционалните механизми за превенција и заштита на жртвите на трговија со луѓе, како и изработка и спроведување на програми за ресоцијализација и реинтеграција на жртвите во општеството.

Трговијата со луѓе претставува сложен општествен, криминален и социјален проблем кој ги обединува сите облици на физичко, психолошко, сексуално, интелектуално, материјално искористување и етичко насилство со кој најбрутало се уништува човековата слобода и достоинство, а жртвите во текот на целиот свој живот ги чуствуваат последиците.

Феноменот на трговијата со луѓе е стар колку и човечкиот род, но низ историјата има различни облици и различен обем, но сега со зголемен обем на трговијата со деца заради различни цели. Како глобален проблем присутен е во сите култури и општества на современиот свет без разлика на економската развиеност, политичкото уредување или религиската припадност на населението. Не постои држава која е имуна на овој проблем. Токму овие причини бараат и пристапот мора да биде глобален и заснован на меѓународна соработка и размена на најдобри меѓународни искуства и пракси. За жал, трговијата со луѓе и посебно трговијата со деца сега е наша реалност која треба да се изучи, разбере и востанови адекватен пристап за нејзино спротивставување. Тие ги одредуваат околностите според кои жртвите се одлучуваат да тргнат во потрага по подобри услови и да прифатат одредена понуда или не. Тука спаѓаат социоекономските причини за појава на трговијата: сиромаштијата во земјите/регионите на потекло и подобар живот во земјите/регионите на дестинација, недостатокот на образование и потребна информираност, економската транзиција во земјите / регионите на потекло, недостатокот на вработувања, родовата дискриминација на трудовиот пазар кој е реална за жал и денес, сите форми на насилства, особено семејно насилство како форма на повреда на правата на жените, Дисфункционалните семејства – родителската запоственост, граѓанските или воените конфликти во одредени региони, присуството на странски сили и мисии, Недостатокот на легални миграциски можности ( посебно најновите примери на

миграција преку Средоземно Море). Меѓу наведените фактори, сиромаштијата најчесто се смета за најголема причина која ја поттикнува трговијата со луѓе. Можноста жртвите да избегаат од секојдневната немаштија во која живеат и да ја подобрат својата позиција, се граничи со недостаток на соодветно образование, надополнет со недостатокот на можности за легални вработувања во рамките на своите опкружувања, каде нивото на невработеност е постојано високо. Истражувањата покажуваат, дека голем број жртви или потенцијални жртви се спремни да ги напуштат своите домови во замена за подобар живот. Ова се уште се случува и тоа во голем број на земји, и покрај информативните кампањи кои се спроведуваат, со цел да се предупредат потенцијалните жртви за ризикот на кој би се изложиле, доколку се согласат на условите поставени од сторителите/трговци

## ЗАКЛУЧОК

Несомнено издвојувањето на делото – трговија со деца од основниот облик на трговијата со луѓе во посебна законска инкриминација, е најдобриот направен чекор во насока на сузбивање на ваквиот криминалитет на нашава територија. Сепак, самостоен, би бил безначаен. Во насока на сузбивање на трговијата со деца, а и трговијата со полнолетни жртви, потребно е правилно функционирање на цел механизам од институции и фигури.

Измената на законската регулатива е само почеток кон формирањето на предуслови за борба против трговијата со човечки судбини. Усогласувањето на законодавството со меѓународните акти значи наше приближување до поразвиените држави од аспект на спремноста за борба против трговијата.

Синхронизираноста на владиниот и невладиниот сектор во ваквата борба и ускладувањето на нивните политики е исто така екстремно битен фактор.

Внесувањето на посебниот член 418-г во КЗ ,,Трговија со деца,, со кој одделно се регулира делото трговија со децата, овозможи да Република Македонија докаже дека созреала на овој план и превзема битни потфати со цел да постави солидни основи на напорите за сузбивање на криминалитетот.

Потребата за превземање на овој потег се засили со ратификациите на меѓународните документи и нивното имплементирање и усогласување на нашето законодавство со нив. Издвојувањето на ова дело само изврши акцентирање на веќе започнатата засилена борба со трговијата со малолетни лица преку претходните измени.

Сепак она што претставува најголема потреба за засилена борба е реалниот зголемен тренд на трговија со деца низ нашата држава-транзитно, како и внатрешно. Одвојувањето на инкриминацијата е нешто повеќе од сериозна борба. На законодавен план, гледано од апсект на кривичниот законик, сме на вистинскиот пат кон сузбивање на трговијата со како со полнолетни лица, така и со деца, а со оглед на заострените казни и за сторителите на трговија со луѓе воопшто ( подведена во чл. 418-а од КЗ ) и кон сузбивање на целокупната трговија со лица на нашиве простори.

Сепак, перманентното подобрување на целокупното законодавство вклучено во сузбивањето на трговијата, е нужност произлезена од живоста на материјата и постојаното развивање на нови облици и подоблици на делото кои меѓународната сцена исто така, во чекор, ги следи. Затоа нужно е и да се напомене дека издвојувањето на законската инкриминација на трговија со деца од онаа со полнолетните жртви, не подразбира потполна законска уреденост на оваа материја. Нагласувањето е постигнато, меѓутоа самата законска дефиниција не е доволно искристализирана. Имено, и во членовите 418 – а и 418 – г, како начин на вршење на делото е наведено врбувањето на лица заради експлоатација по пат на проституција, нешто што е опфатено и во законскиот опис на делото посредување во вршење проституција од член 191 ст.1 од КЗ. Со тоа во практиката се создава

почетна конфузност при подведувањето на одредено дело под соодветната законска инкриминација. Исто така и ригорозноста на казните која се провлекува низ сите измени и дополнувања на КЗ во последната деценија во врска со ова дело и кои се во согласност со меѓународните акти, мора да се покаже и во практиката при изрекувањето на истите од страна на судовите.

При анализирањето на законската уреденост на материјава во Балканските држави, констатиравме дека Република Македонија се наоѓа на, донекаде, повисоко скалило од нив, првенствено со споменатите ригорозни казни предвидени за сторителите, (кои може за нијанса поублажено се среќаваат во законодавствата на соседните земји) како и одделното ангажирање околу сузбивањето на трговијата со деца, како законодавно така и практично. Сепак, со оглед на тоа што сите држави во регионов имаат направено измени во целокупниот став за борбата со трговијата со лица, со цел усогласување со меѓународните акти, а првенствено со споменатиот Протокол од Палермо од 2000 та година, би се дошло до генерален заклучок дека нашето отстапување пред нив и не е така големо. Забелешките кои ги даваат меѓународните актери во поглед на превземаните потфати за сузбивањето на овој криминалитет се речиси генерални за сите Балкански држави, вклучувајќи ја и нашата. Затоа, за остварување на подобри резултати во борбата против трговијата со луѓе, земјите треба да се ориентираат кон практиките на поголемите држави. Потребно е, меѓу другото, да развијат подобри центри за помош на жртвите, нивно препознавање и заштитување во постапките во кои тие се клучни сведоци. Но пред сè, постигнување на поуспешна превенција. Државите се наоѓаат на, географски, специфично и проблематично подрачје, особено подложно на остварување на елементи на кривични дела од овој вид, затоа превенцијата се јавува како, еден вид, најдобра алатка за сузбивање на постојниот криминалитет.

Меѓутоа, самостојна државата не би можела да постави успешност во реализирање на сувопарното законодавство. Погоре во текстот ја увидовме и потребата од постоењето на невладините организации и нивната предполитика која ја кројат за сузбивање на трговијата и превентивно делување над граѓаните. Постојаните пораки кои ги испраќаат преку мас-медиумите за заштита на

населението се од витално значење за постоење на превентивна атмосфера во државата, заедно со едукацијата која ја вршат врз граѓаните, адаптирана спрема возраста на целната група.  Но, и ангажираноста треба да биде сестрана (бесплатните телефонски линии преку кои може најлесно да се побара помош и заштита треба да бидат постојано отворени, постојано ажурирање на податоците кои ги презентираат на нивните сајтови на интернет, како и нивно правилно функционирање, особено во делот на електронската пошта-мали детали кои можат во одредени случаи да бидат од пресудно значење, особено за малолетните лица кои можеби ќе немаат шанса за повеќекратно обраќање до нив за помош).

Трговијата со луѓе е најбрзо растечка криминална индустрија во светот, Обединетите Нации проценуваат дека приближно 2,5 милиони луѓе од 127 различни држави се продавани ширум светот. Децата до пет години се продаваат на двојки без деца, но и за трансплантација на органи. Оние до 12 години се користат за детска порнографија, за човечки органи. Малолетнички над 12 години најчесто се принудувани на проституција.

Согласно погоре наведеното, синхронизираната меѓународна ангажираност и поставеност на инструментите во прилог на сузбивање на трговијата со луѓе е елементарен предуслов за започнување и водење на сериозна борба против овој криминал. На неговиот елемент на организираност мора да се одговори со уште поголема организираност и компактност на сите учесници во ваквата борба.

Само на тој начин би можеле да се издигнеме над криминалните умови.

АНКЕТА:

Дали знаете што е трговијата со луѓе?

Да

- Не

Во кои фази се случува трговијата со луѓе?

Врбување и транспорт

Врбување, транспорт и експлоатација

Транспорт и експлоатација

Според, Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца, што се подразбира под поимот дете?

секое лице под 14 годишна возраст

секое лице под 16 годишна возраст

секое лице под 18 годишна возраст

Дете кое врши сексуални услуги за пари и ги дели парите со друго лице, не може да се смета за жртва на трговија со луѓе ако се согласи да го стори тоа

да

не

Доколку жртвата на трговија со луѓе се согласи со барањето на сторителите на сексуални престапи, сторителот:

ќе бидат ослободени

ќе бидат казнети поблаго

согласноста не е релевантна за постоењето на делото

Жртвата на кривично дело има право на обештетување од државата

Да

не

Според , Конвенцијата на ООН против транснационален организиран криминал „Група на организиран криминал“ е структурирана група на:

две или повеќе лица

три или повеќе лица

повеќе од пет лица

Кои се најчестите жртви на трговија со луѓе?

Деца

Деца и жени

Секоја личност

Дали знаете која е целта на трговијата со луѓе?

сите форми на сексуална експлоатација,

порнографија, присилна работа или слугување,

присилни бракови, присилно оплодување, нелегално посвојување

нелегална трансплантација

**Користена литература**


1. Арнаудовски, Љ. Предавања по социјална патологија, Скопје, 1983 година;
2. Арнаудовски, Љ. Стојановски, Т.Трговија со луѓе-криминалитет, Скопје: Скенпоинт –Скопје, 2002 година;

3. Бачановиќ, О. Кривично правна заштита на малолетни лица – жртви на кривични дела, Зборник на трудови Малолетничка правда, Од идеја до практика, Ван Гог,Скопје;
4. Бикс, К. Амир, Д.Глобалната секс индустрија и препродажбата на луѓе, Датапонс, САД, 2009;
5. Биљаљи, А. Меѓународните и националните аспекти на трговијата со жени и нејзината поврзаност со проблемот на проституцијата, Трговија со луѓе-правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007 година;
6. Велкоска, В. Трговијата со луѓе и илегалната миграција перцепирани од главните актери во кривичната постапка, Коалиција "Сите за правично судење", ЕМИТЕР-Скопје, 2008 год;
7. Данаилов, В. Трговија со луѓе – криминален бизнис со робовладетелски лик, Меѓународна организација за миграции мисија во Скопје, Скопје, 2001 година;
8. Јаниќевиќ, Н. Трговија со луѓе: Меѓународни документи, Национално законодавство, Активности на национален план, Трговија со луѓе-правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007 година;
9. Камбовски, В. Казнено право-општ дел,2-ри Август С-Штип, Скопје, 2006 год;
10. Константинович-Вилич,С. Николич-Ристанович, В, Криминологија, Центар за публикације правног факултета у Нишу, Ниш, 2003 година;
11. Матовски, Н. Лажетиќ – Бужровска, Г. Калајџиев, Г.Казнено процесно право, 2-ри Август С-Штип, Скопје, 2009 година;
12. Мијалковиќ, С. Милошевска, Т, Трендови на незаконска трговија со деца, бебиња и човечки органи – нов предизвик на истемот за национална безбедност, 2009 година;
13. Милошевска, Т. Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе во Југоисточна Европа, Институт за одбранбени и мировни студии, Филозофски факултет;
14. Mladenovic, M. Janjic Komar M. Praktikum za porodicno pravo Beograd, 1974 godina

15. Чавдар,К. Коменатр за законот за семејството, Скопје, 1998 година.
16. Нухија, Б. Трговија со човечки органи, Трговија со луѓе-правни апекти,
17. Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007 година;
18. Ристовиħ, М. Рођени да нестану - о трговини бебама у Србији, 2006;
19. Стојановски, Т. Трговија со луѓе, Македонска ревија за казнено право и криминологија- седмо редовно советување на тема:10 години од примена на Кривичниот законик на Република Македонија, Охрид, 2006 година;
20. Сулејманов, З. Криминологија, Скопје: Графос, Скопје, 2007 година;
21. Тупанчески, Н. Трговијата со луѓе во споредбеното казнено право и во казненото право на Република Македонија, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год.7, бр.1-2, Скопје, 2000 година;
22. Чачева, В, Трговијата со луѓе-посебно ризична за ромската популација, Годишник на институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, број.1, Скопје, 2006;
23. Шасивари, Ј. Фактори на трговијата со луѓе, особено со жени, Трговија со луѓе-правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007 година;
24. Акциски план за борба против трговија со деца во Република Македонија, 2009-2012, Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Подгрупа за борба против трговија со деца;
25. Анлиза на Капацитетите и условите на невладините организации кои работат на полето на борбата против трговијата со луѓе, Скопје, 2007 година;
26. Извештај за реализираните активности предвидени во стратегијата за соработка на владата со граѓанскиот сектор во 2007 година, Одделение за соработка со невладини организации, Генерален секретаријат, Влада на Република Македонија, Скопје, 2008 година;
27. Насиље над децом – Студија Генералног секретара Уједињених нација, Организација Уједињених нација, Београд, 2007 година;
28. Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Македонија, Влада на РМ, Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција;

29. Публикација, “Казнено – правна регулатива и анализа на случаи на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти од Македонија, Србија, Албанија, Црна Гора и Босна и Херцеговина", Скопје, 2007 година;
30. Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија, Влада на република Македонија, Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија, Скопје, 2006 година;

**НОРМАТИВНИ АКТИ**

1. Convention against transnational organized crime, United Nations, 2000;
2. Convention against Transnational Organized Crime, United Nations, 2000;
3. Convention concerning the Abolition of Forced Labour International Labour Organization Convention, United Nations, Treaty Series, vol. 320, No. 4648, 1957;
4. Convention concerning the Prohibition and Immediate Action for the Elimination of the Worst Forms of Child Labour,No.182, International Labour Organization, 1999;
5. Convention for the Suppression of the Traffic in Persons and of the Exploitation of the Prostitution of Others, United Nations, 1949;
6. Human Rights Report: Montenegro, U.S Department of State, 2009;
7. Human Rights Report: Serbija, U.S Department of State, 2009;
8. Human Rights Report: Macedonia, U.S Department of State, 2009;
9. International Agreement for the Suppression of the White Slave Traffic, League of Nations Treaty Series, vol. I, No. 11, p. 83, Paris, 1904;
10. International Convention for the Suppression of the "White Slave Traffic", League of Nations Treaty Series, vol. VIII, p. 278,Paris, 1910;
11. International Convention for the Suppression of the Traffic in Women and Children, League of Nations, 1921;
12. International Convention for the Suppression of the Traffic in Women of Full

13. Age, League of Nations, 1933;
14. Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, especially Women and Children, United Nations, Palermo, 2000;
15. Recommendation No. R (91) 11 concerning sexual exploitation, pornography and prostitution of, and trafficking in, children and young, European Council, 1991;
16. Recommendation 1065 on the traffic in children and otherforms of child exploitation, Council of Europe, 1987;
17. Slavery Convention, United Nations, Treaty Series, vol. 212, No. 2861, 1926;
18. Supplementary Convention on the Abolition of Slavery, the Slave Trade, and Institutions and Practices Similar to Slavery, United Nations, Treaty Series, vol. 266, No. 3822,1956;
19. Službeni glasnik Bosne i Hercegovine" br. 8/10, закон за измени и дополувања на Кривичниот закон на Бсона и Херцеговина**;**
20. Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување, Службен весник на Р.Македонија бр.37 од 19.03.2008 година;
21. Закон за малолетничка правда , Службен весник на РМ 87/07, 103/08, 161/08, 145/10;
22. Закон за правда на децата,Службен весник на РМ 148/13;
23. Закон за ратификација усвоен на 14 април 2009, Службен весник 49/2009: Совет на Европа, Конвенција за борба против трговија со луѓе, Варшава, 16.V.2005, Совет на Европа Серија договори бр. 197;
24. Кривичен законик од 1996 година, Службен весник на Р.Македонија 37/96 од 29 јули 1996 година
25. Кривичен законик од 1996 година, со коментари, објаснувања и регистер на поими, проф. Д-р. Владо Камбовски 1996 година
26. Кривичниот закон на Албанија, бр.7895, датиран 1995/01/27
27. Кривичниот закон на БиХ Službeni glasnik Bosne i Hercegovine” br. 3/03, 32/03, 37/03, 54/04, 61/04, 30/05, 53/06, 55/06, 32/07, 8/10
28. Кривичниот законик на Република Србија, Sl. gl. SRS" 26/77-1341, 28/771566, 43/77-2213, 20/79-1059, 24/84-1233, 39/86-2739, 51/87-2421, 6/89-406, 42/89-1401, 21/90-888 i "Službeni glasnik RS", br.16/90-468,

49/92-1664, 23/93-817, 67/93-3110, 47/94-1465 i 17/95-529, 44/98 od 08.12, 10/02 od 01.03
29. Кривичниот Законик на Република Црна Гора, Sl. list RCG", br. 70/03;
30. Кривичниот законик на СФРЈ (Сл. весник 44/76, во сила од 01.07.1977 година)
31. Судски деловник, Службен весник на Р. Македонија ,бр.66/13 од 08.05.2013 година;
32. Закон за изменување и дополнување на кривичниот законик, Службен весник на Р. Македонија, бр. 7/08 од 15.01.2008 година;
33. Закон за изменување и дополнување на кривичниот законик, Службен весник на Р. Македонија, бр.04/02 од 25.01.2002 година;
34. Закон за изменување и дополнување на кривичниот законик, Службен весник на Р. Македонија, бр.114/09 од 14.09.2009 година;
35. Закон за изменување и дополнување на кривичниот законик, Службен весник на Р. Македонија, бр.19/04 од 30.03.2004 година;
36. Закон за изменување и дополнување на кривичниот законик, Службен весник на Р. Македонија, бр.27/14 од 05.02.2014 година;
37. Закон за изменување и дополнување на кривичниот законик, Службен весник на Р. Македонија, бр.226/15 од 25.12.2015 година;
38. Пресуда IV КОК.бр. 61/08 од 30.10.2008, Основниот Суд Скопје 1, Скопје Пресуда IV КОК.бр.56/08 од 24.10.2008, Основниот Суд Скопје 1, Скопје
39. Пресуда III КОК.бр.79/15 од 08.3.2017 година на основен суд Скопје 1
40. Пресуда III КОК бр. 113/15 од 24.2.2016 година на Основен суд Скопје 1

**ИНТЕРНЕТ СТРАНИ**


1. http://ец.европа.еу/anti-trafficking/member-states/bulgaria-en
2. http://antitrafficking.blog.mk/files/2010/02/NAP-makedonski2.pdf
3. http://babypartstrafficking.org/html/Overview.html
4. http://edition.cnn.com/2010/WORLD/americas/01/28/haiti.us.children/index. html
5. http://fzf.ukim.edu.mk/files/odb/tanjam/Mijalkovic,%20S_%20&%20Milosevs ka,%20T_%20-
6. %20Nezakonska%20trgovija%20so%20deca,%20bebinja%20i%20covecki%20or gani.pdf
7. http://lobi.com.mk/?ItemID=931302A36DE1E148BD1A1054550D0C05
8. http://www.astra.org.rs/?page_id=7

9. http://www.ckrm.org.mk/mk/mladi-na-ckrm/novosti-mladi-na-ckrm/178mladite-vo-borba-protiv-trgovijata-so-luge
10. http://www.forum.com.mk/28282;jsessionid=ADB8BE7A3D5651B2F7CF935 71 690D719
11. http://www.interpol.int/public/thb/women/default.asp
12. http://www.justice.gov.mk/documents/INFO_TRG%20so%20luge_02.pdf
13. http://www.nacionalnakomisija.gov.mk/
14. http://www.astra.rs//
15. http://www.nvosorabotka.gov.mk
16. http://www.pbs.org/wnet/wideangle/episodes/dying-to-leave/humantrafficking-worldwide/albania/1447/
17. http://www.state.gov/g/drl/rls/hrrpt/2009/eur/136044.htm
18. http://www.unicef.org/ceecis/Trafficking.Report.2005.pd
19. http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/NAP_Children_April_2009_-_MKD.pdf
20. http://www.wittproject.net/spip.php?article204
21. http://www.zjorm.org.mk/
22. https://akademik.mk/svetot-go-odbelezhuva-18-oktomvri-svetskiot-den-na-borbata-protiv-trgovijata-so-luge/
23. https://www.pravdiko.mk/sto-treba-da-znaete-za-trgovijata-so-luge/
24. https://oro.open.ac.uk/46248/1/Bouklis%20Chatzopoulos%202015.pdf
25. ( www.ekka.org.gr )